**УНИВЕРЗИТЕТ "Св.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА**

# ВЛИЈАНИЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ ФОРМИРАЊЕ НА ПРОФИЛОТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ ДЕЛИНКВЕНТИ ВО СТРУМИЧКИОТ РЕГИОН

***МАГИСТЕРСКИ ТРУД***

**МЕНТОР:**

**Проф.Д-р. Весна ДИМИТРИЕВСКА**

**КАНДИДАТ:**

**Јована ТРЕНЧЕВСКА**

**МАЈ 2012**

**СКОПЈЕ**

*„Не постои посвето верување од она во децата. Не постои позначајна должност од почитување на нивните права, на заштитата на нивната добросостојба, на гарантирање дека нивните животи ќе бидат ослободени од страв и сиромаштија и дека ќе растат во мир“.* **Кофи Анан**

# *С О Д Р Ж И Н А*


**ВОВЕД** ........ 5-9

**I. ТЕОРИСКА ЕЛАБОРАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ** ........ 10

1. Малолетничка делинквенција ........ 10

1.1 Досегашно третирање на проблемот ........ 10-17

1.2 Дефинирање на малолетничка делинквенција ........ 17-24

1.3 Возраст на малолетникот ........ 25-32

1.4 Основни облици на девијантно поведение на младите ........ 32-33

1.4.1 Повреда на кривично-правните норми ........ 34

1.4.2 Повреда на прекршочните норми ........ 34-35

1.4.3 Повреда на моралните норми - асоцијални однесувања ........ 35-36

**II. ТЕОРИИ ЗА ПОЈАВАТА НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИНКВЕНЦИЈА** ... 37

1. Криминогени теории ........ 37-41

2. Социолошко ориентирани теоретски пристапи ........ 41-48

**III. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАНИОТ ПРОБЛЕМ** ........ 49

1. Формулирање на проблемот ........ 49-51

2. Предмет на истражувањето ........ 52-53

3. Цели на истражувањето ........ 53-55

4. Задачи на истражувањето ........ 55-56

5. Хипотези на истражувањето ........ 56-57

6. Димензии на истражувањето ........ 57

7. Методи и техники на истражувањето ........ 57-58

8. Анализа и систематизација на општествените фактори и нивно влијание врз формирање на профилот на малолетните делинквенти .... 58-63

8.1 Општествено-економски фактори ........ 63

8.1.1 Влијанието на економските кризи и стопански депресии врз појавата на малолетничката делинквенција ........ 63-64

8.1.2 Влијанието на сиромаштвото и богатството врз појавата на малолетничката делинквенција ........ 64-66

8.2 Микрогрупни фактори ........ 66

8.2.1 Влијанието на семејството врз појавата на малолетничката делинквенција ..... 66-74

8.2.2 Влијанието на училишната средина и нивото на образование врз појавата на малолетничката делинквенција ..... 74-77

8.2.3 Влијанието на социо-патолошките појави (алкохолизмот, наркоманијата) врз појавата на малолетничката делинквенција ..... 78-80

8.2.4 Влијанието на слободното време врз појавата на малолетничката делинквенција ..... 80-85

8.2.5 Влијанието на слободното време во превенцијата на малолетничката делинквенција ..... 85-86

**IV. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** ..... 87

1. Феноменолошки карактеристики на малолетничката делинквенција во Република Македонија ..... 87-101

2. Феноменолошки карактеристики на малолетничката делинквенција во Струмица ..... 102-107

2.1 Полот на малолетните делинквенти во Струмичкиот регион ..... 107-108

2.2 Возраста на која е сторено првото делинквентно дело ..... 108

2.3 Местото на живеење на малолетните делинквенти во Струмичкиот регион ..... 109-110

2.4 Семејството на малолетните делинквенти-комплетност, функционалност, материјална положба ..... 110-111

2.5 Училиштето и нивото на образование на малолетните делинквенти ..... 111-113

2.6 Групата на врсници на малолетните делинквенти ..... 113

2.7 Слободното време на малолетните делинквенти ..... 114-115

**V. ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИНКВЕНЦИЈА** ..... 116-123

**VI. ПРЕПОРАКИ И ЗАКЛУЧОЦИ** ..... 124-128

**РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА** ..... 129-133

***ВОВЕД***

Општествено неприфатливото однесување на младите од секогаш привлекувало посебно внимание на општеството. Ваквото однесување е појава која е присутна уште во најраните фази од развојот на општеството, а со самиот развој на општеството ваквото однесување на младите претрпува одредени модификации и промени, и тоа, како на феноменолошки-појавен план, така и во поглед на причините и условите што го предизвикуваат и овозможуваат.

Во тесна врска со тие промени се менувал и вредносно-етичкиот и правниот однос на општеството кон општествено неприфатливото однесување на младите. Од првобитно изостренатa осетливост на сите, па, и на најситните испади на младите и ригорозното општествено и правно реагирање, општеството со текот на време станува потолерантно, а неговото реагирање похумано.

Неприфатливото однесување на младите е појава што предизвикува особен интерес за истражување и анализирање на нејзините причини од страна на голем број автори. Разгранетоста на научните проучувања доведе до забележителни успеси. Сепак и покрај тоа, во оваа област постојат одреден број проблеми кои останале нерешени, спорни, или се решавани на начин кој не ги задоволува барањата на објективното научно проучување.

Причините за тоа треба да ги бараме во сложеноста на самата појава и нејзиното различно јавување во разни социо-културни средини. Во прашање е сложена и динамична појава што манифестира вонредни способности за приспособување кон животните услови. (Милан Милутиновиќ, 1957: 43)

Одреден удел во тоа, секако, имаат и извесен број еднострани теоретско-концептуални пристапи, кои се покажале немоќни појавата да ја осознаат во нејзиниот тоталитет.

Научниот и општествениот интерес за малолетничката делинквенција и општествените фактори што влијаат врз нејзината појава е одреден од општествените, социолошките и социјалните детерминанти што ја одредуваат положбата на младиот човек во општеството. Младиот човек се дефинира како неоформена личност во развојот која се подготвува за живот и подготвувајќи се за сопствениот живот, формирајќи се во личност ги одредува перспективите на сопствениот развој и развојот на општеството. (Лазар Нанев, 2003:25)

Колку младата генерација, која настапува во животот е врзана со историјата, етносот, културата, традицијата, идентитетот на заедницата на која припаѓа, колку е оформена со позитивни вредности и афинитети што произлегуваат од заедницата на која и припаѓа, од која произлегува, толку се посигурни патиштата на позитивен, прогресивен, просперитетен развој на заедницата преку нејзиното живеење и создавање. Оттука, и тезата според која развојот на секое општество е одреден со животот и развојот на младата генерација, таа е перспектива на секое општество. Оттука и интересот на науката за оваа појава, за испитување на факторите кои придонесуваат младата личност да се впушти во делинквентно однесување и интересот на науката и општеството за превенција и сузбивање на ваквото однесување.

Во современиот свет, во кој, големата динамика во секојдневните случувања е важна карактеристика на животот, тие детерминанти добиваат посебно значење и место, и предизвикуваат научен и општествен интерес кога се испитува нивното влијание врз младата генерација, нејзината општествена положба и услови за развој низ развивање на нивните творечки способности. (Арнаудовски Љ. 2007:11)

Оттука, во меѓународните документи, посебно во Конвенцијата за правата на детето на ООН, инсистирањето на посебни обврски на државите и општествата за помош, заштита, грижа, воспитување и создавање услови за нејзин слободен развој. Сите овие инсистирања произлегуваат од, низ животот, проверената теза, дека развојот и иднината на секое општество зависи од тоа каква млада генерација има, како таа се развива и колку општеството води грижа за нејзиниот правилен развој.

Научно и емпириски, едновремено, е проверена тезата според која, непридржувањето кон овие барања на животот, неводењето грижа за младата генерација и создавањето на позитивни, творечки личности, води кон она другата страна - изборот на делинквенцијата, криминалитетот како начин за разрешување на своите проблеми и задоволување на своите потреби.

Оттука и научно и верификуваната поставка во криминологијата, според која малолетничкиот криминалитет во дадено општество е најдобар, најсигурен индикатор за тоа каква е положбата на младата генерација во тоа општество.

Значи, едната и основна детерминанта, младата генерација ја одредува како посебен општествен слој, кој во сите сегменти од неговиот третман: создавање

услови за развој, воспитување и социјализација, зазема посебно место во општеството, и бара посебен ангажман од страна на општеството и неговите институции.

Втората детерминанта се однесува на непобитниот факт дека отсуството на ангажман на општеството кон младата генерација се преобразува во детерминанта со криминогено значење за младата генерација и нејзиното навлегување во делинквенција - криминалитет.

Третата детерминанта е врзана за придавката пред нејзината одредница „млада" генерација. Поимот младост по правило, и во правните и во општествените односи, се идентификува со поимот малолетност - незрелост, несозреаност, биолошка, психолошка и интелектуална, личност во развој која не го достигнала степенот во развојот, кој ја прави способна да презема одговорности и сама да ги разрешува проблемите. Општиот став „сé во интерес на детето", треба во сите науки и системи со кои се регулира положбата на младата генерација, да има првенствено значење и влијание во обликувањето на сите решенија за неа.

Постои уште една, современа детерминанта која го ангажира општествениот и научниот интерес за малолетничкиот криминалитет. Некои наши автори стојат зад тврдењето дека, за современото општество најголем проблем е криминалитетот и загрозбите на човечкиот живот што тој ги носи во себе (В. Камбовски, 2004:36).

Опасностите од малолетничкиот криминалитет за современото општество се изразуваат најмалку од два аспекта: прво, со помал или со поголем интензитет, но постојан пораст на малолетничкиот криминалитет речиси во целиот свет, и второ, феноменолошките карактеристики што го чинат сè потежок и поопасен за луѓето, со потешки последици и сé потежок за откривање и сузбивање.

Во науката, речиси е прифатена тезата дека секогаш кога криминалитетот воопшто покажува длабоки промени во своите феноменолошки карактеристики, зад тоа стои малолетничкиот криминалитет.

Кривичните дела што ги извршуваат малолетниците добиват нагласено значење и поради тесната поврзаност со социопатолошките појави, особено во доменот на злоупотребата на дрогите, алкохолизмот, проституцијата и сл. Во овој домен, причините и последиците се испреплетуваат меѓусебно менувајќи го местото, но и нагласувајќи ја нивната силина на криминогени фактори кај малолетничкиот криминалитет. (Арнаудовски Љ. 2007:13)

Од научен аспект испитувањето на влијанието на општествените фактори врз формирањето на профилот на малолетните делинквенти во Струмичкиот регион е актуелно, со оглед на тоа што во Република Македонија постојат многу малку такви истражувања со исклучок на определени анализи врз основа на статистичката евиденција и документација.

Со научниот аспект тесно е поврзан практично општествениот аспект. Имено, со научното согледување дека определени фактори имаат големо влијание врз појавата на малолетничката делинквенција, може порационално и посоодветно да се насочи акцијата на општеството за откривање на причините за појавата на малолетничката делинквенција и кон сузбивање на оваа појава, а со тоа и на криминалитетот воопшто.

Интересирањето за малолетничката деликвенција не е предизвикано само поради сторените кривични дела и категоријата на сторителите на кривични дела. Проблемите во врска со малолетничката делинквенција не се интересни само од кривично-правен аспект, туку и од аспект на воспитувањето и социјализацијата на човековата единка. Добивањето на вредни сознанија за појавата на малолетничката делинквенција ќе значи и поголема подготвеност на државата и на нејзините институции во превенирањето и сузбивањето на оваа појава.

Се разбира, со ова не се исцрпуваат детерминантите што го определуваат општествениот и научниот интерес за малолетничкиот криминалитет, ниту ги отвораат сите аспекти на научниот интерес за оваа појава, но ги одредува насоките што ќе бидат елаборирани во овој труд.

Проблемот е актуелен и во Република Македонија, ако се имаат предвид брзите општествено-политички промени што се случија во изминативе две децении. Република Македонија стана држава-членка на Обединетите нации во 1993 година, а на Советот на Европа и ОБСЕ во 1995 година. Од 2005 година е кандидат за пристапување кон Европската унија

Периодот кој е означен како транзиција, низ кој минува Република Македонија, се карактеризира со низа криминогени појави кои ја зафаќаат и младата популација, со тенденција да заземат сè поширoки размери. Тешката економска криза, затворањето на поголем број индустриски објекти, кои вработуваа илјадници луѓе доведе до пораст на невработеноста и големо осиромашување на луѓето. Затворањето, стеснувањето на пазарот и намалувањето на пласманот особено

на земјоделските производи, надвор од границата на државата, ги доведе земјоделците во неповолна положба. Ова се истакнува поради фактот што Македонија, особено некои нејзини региони се претежно земјоделски, региони во кои населението егзистира главно од земјоделието. Во услови кога голем процент од населението живее во сиромашни услови тоа се одразува на општествената положба на младите, кои не можејќи да се помират со неа, реагираат на неадекватен начин преку неприфатливо однесување.

Она што загрижува денес е позачестениот пробив на наркоманијата во животот на младите и таа станува придружен елемент на делинквентното однесување. Во недостиг на средства за да се набави дрога, младите зависници посегаат по туѓите имоти, а понекогаш и по животот, што резултира со појава на нов вид на делинквентно однесување. Делинквентното однесување на младите денес е сè потесно поврзано со другите социо-патолошки појави во општеството, како што се алкохолизмот и проституцијата.

Ова ја наметнува потребата за посериозен, мултидисциплинарен приод на повеќе општествени чинители и институции за рано откривање на малолетничката делинквенција и нејзино рано превенирање.

Целта на овој труд е да го покаже влијанието на општествените фактори, да покаже колку семејството, училиштето, слободното време, групата на врсници, сиромаштијата, економските кризи, богатството, влијаат врз формирањето на профилот на малолетните делинквенти, со посебен акцент на Струмичкиот регион, како еден од најразвиените региони во државата, регион со низа свои специфики и особености кои подетално ќе се елаборираат во трудот. Преку статистичките податоци, разговорите со стручните работници и анализата на досиејата на евидентираните малолетници во Центарот за социјална работа во Струмица, ќе се обидеме да дојдеме до одредени сознанија за состојбата во Струмичкиот регион и да ја спoредиме со состојбата во рамки на целата држава. А врз основа на добиените сознанија ќе се предложат препораки и насоки до институциите и сите релевантни актери вклучени во превенција на малолетничката делинквенција.

Затоа, и најскромниот успех постигнат на овој план ќе значи исчекор напред во проучувањето на овој проблем и обидите за негово разрешување.

## I. ТЕОРИСКА ЕЛАБОРАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ

### *1. Малолетничка делинквенција*

### *1.1. Досегашно третирање на проблемот*

За да може да се разбере малолетничката делинквенција во нејзината суштина, со сите нејзини особености и специфики, во овој дел од трудот ќе се обидеме да го елаборираме досегашното третирање на оваа појава низ историјата.

Низ целата историја на човештвото, интересот на науката бил свртен кон човекот и неговото однесување во општеството, особено кон оние облици на општествено однесување кои во одредено општество се вреднувани како негативни, девијантни односно како отстапување од просечно нормалниот систем на општествени однесувања, норми и вредности. Овој интерес бил одреден од човечките настојувања за задоволување на потребите и од потребата за непречено остварување на правата и слободите на сите луѓе. Оттаму, човекот секогаш се стремел да ги сузбие неусогласените со нормите, девијантни и општествено недозволените облици на задоволување на потребите затоа што се прават по правило на штета на други луѓе во општеството, по пат на задирање на нивните права и слободи или како оневозможување тие да се остварат. Со развојот на научната мисла, посебно на науките за човекот и општеството, сè повеќе се поставува прашањето зошто човекот се однесува девијантно, антисоцијално, асоцијално, делинквентно, односно кои се факторите коишто го одредуваат неговото однесување во недозволен правец.

Во сите цивилизации, општеството водело сметка да го подигне воспитувањето на младите генерации како идни носители на нацијата и настојувало да помогне во решавањето на нивните проблеми. Поради тоа, посебен акцент се ставало на асоцијалните појави, меѓу кои на малолетничката делинквенција, како значаен дел од општествениот криминалитет. Општеството било заинтересирано да реагира на адекватен начин на непримерното однесување, применувајќи разни заштитни мерки со единствена цел да го намали ова големо зло и да го сосече во неговите корени, бидејќи малолетничката делинквенција, како и секој друг вид на криминал, претставувала опасност за човечкиот прогрес, па оттука произлегувала и грижата на општеството за нејзиното спречување. Малолетничката делинквенција, како социјално-патолошка појава, била присутна во сите општествени периоди и во

секоја етапа од развојот на општеството, претрпувала одередени модификации на феноменолошки, но и во реакциите на општеството.

Во најстарите времиња, малолетникот подлежел на исти санкции како и возрасните, но дури и тогаш постоел поблаг третман при извршувањето на казните за сторителите на кривични дела кои се наоѓаат во процесот на развојот, т.е. во процесот на биолошко созревање и општествено формирање. Со тек на време тоа доведува до сè поголемо и позначајно разликување на положбата на малолетните сторители на кривични дела во однос на возрасните извршители.

Напоредно со еволуцијата на сфаќањето за кривичната одговорност, младите постепено се издвојуваат во посебна категорија кривично-правни субјекти. Земањето предвид на возраста, односно поинаквото гледање врз кривичната одговорност на малолетниците, значително се одразило и во областа на криминалната политика, а посебно во изрекувањето и извршувањето на кривични санкции. Со развојот на научната мисла се развил еден нов став спрема малолетничката делинквенција, став со кој се настојува да му се помогне на малолетникот да ја сфати својата положба, да се влијае врз него воспитно за да во иднина ги толерира и почитува општествените норми.

Најраниот период во развојот на кривичната одговорност на малолетникот е оној што им претходи на појавата на првите школи за кривично право. Основната карактеристика на овој период е дека малолетникот е третиран како делинквент во мало издание, што можеше да има влијание само врз казната, затоа што имајќи го предвид сфаќањето на тој доста долг период, кривичната одговорност на малолетникот е регулирана на ист начин како и за полнолетните лица. Накратко, сè што е карактеристично за полнолетните, во поглед на кривичната одговорност, важи и за малолетните лица.(Периќ О.,1975:28)

„Малолетно лице се сметало за 'престапник во мало' и спрема него најчесто се применувале исти казни како и за возрасните. Тоа доаѓа оттаму што политиката на сузбивање на престапништвото се остварувала врз верувањето во семоќноста на казната, дека таа претставува погодно средство да го истера злото што влегло во личноста". (Арнаудовски Љ. 1979:18)

Во понатамошната еволуција на кривично-правната теорија, под влијание на класичната и неокласичната филозофска школа, доаѓа до адаптација на општите филозофски поставки за слободно определената волја - индетерминизмот.

Одговорот на прашањето за кривичната одговорност на малолетникот зависел од претходното решение на прашањето на разборитоста, сфатено како можност за разликување на доброто од злото, сфаќање за легалноста на дејствието што се презема, односно неговата забранетост. (Велкова Т.,1999:.52)

Разборитоста во оваа концепција се јавува како посебен вид пресметливост, т.е. малолетничка пресметливост, што е од важност единствено за интелектуалната сфера, т.е. за можноста малолетникот да ги сфати своите постапки, додека слободната волја се претпоставува. Оттаму малолетничката разборитост се јавува како некој вид рамнотежа помеѓу кривично-правната положба на малолетните и полнолетните сторители на кривични дела. Критериумот на разборитост е голем чекор напред, ако се има предвид дека во претходните периоди кривично-правната одговорност на малолетниците била изедначена со положбата на полнолетните сторители.

Од огромно значење е придобивката на вака сфатениот критериум на одговорност и за обезбедување посебен статус за една категорија на малолетни сторители, спрема кои е применуван и воспитен третман. Имено, ако судот врз база на доказите, смета дека малолетникот постапувал со разборитост, го прогласувал за кривично одговорен и му изрекувал казна, со тоа што таа можела да биде поблага, бидејќи малолетноста се земала како ублажувачка околност. Во спротивно, малолетникот бил кривично неодговорен и спрема него можеле да се преземаат определени воспитни мерки, чиј репертоар во тоа време, сосема разбирливо, бил доста сиромашен. Степенот на разборитоста го утврдувал судијата, а не некое друго стручно лице, при што се утврдувала само интелектуалната компонента на вината. Иако од огромно значење за поставување на темелите на посебната кривична одговорност за малолетниците, сепак овој критериум бил недоволно прецизен и јасен, а неретко бил употребуван произволно, според потребите, од случај до случај. Со натамошната еволуција на научната мисла, особено на психологијата, психијатријата и педагогијата, изразот разборитост се заменува со изразот зрелост, душевна развиеност и слично, со цел за негово подобро прецизирање.

Личноста на сторителот на кривично дело заедно со нејзиниот криминален чин, доаѓаат во центарот на интересирањето на кривичното право дури во сфаќањата на Школата на новата општествена одбрана. Имено, според оваа школа актот е

само израз на личноста, нејзината манифестација, а не апстрактна категорија, па оттука е разбирливо дека самата личност претставува основ на целото движење. Испитувајќи ја личноста во целина се открива нејзиното минато, сегашност и иднина, а со тоа се помага и нејзината ресоцијализација. (Сулејманов З., 2000:326)

Делинквентното однесување на малолетните лица е неприфатливо и негативно однесување односно тоа е секое однесување на поединците или на групите на младите кое е антиопштествено, општествено видливо и етикетирано однесување со кое се кршат правните или моралните норми на одредено општество, заради што се јавува спонтано општествено реагирање во правец на негово спречување, но и во правец на заштита на општествените добра и вредности, а и со цел да се заштитат самите актери на таквото девијантно однесување. Оттаму секое кршење на правните или моралните норми претставува девијантно однесување што е производ на интеракцијата меѓу психолошки детерминираната индивидуа и нејзината општествена средина. Овде треба да се напомене дека постои паралелизам мегу надворешните регулатори на однесувањето (државата, власта, законските норми) и внатрешните регулатори на однесувањето (совеста, моралната должност, моралните норми). Како што надворешните регулатори на однесувањето имаат за цел преку законот да го одржат општествениот систем со интроекција на правните норми во свеста на индивидуите, така и внатрешните регулатори (супер егото, совеста, моралниот лик) на поединците, по пат на интроекција без надворешна принуда има за цел да ги внесат моралните норми и да го спречат распаѓањето на личноста. Ако општеството создаде услови за спонтан развој на поединците без нарушување во формирањето на младите личности, можно е да се усвојат и почитуват правните и моралните норми во општеството. Со укинување, или барем со ублажување на некои неповолни социјални и лични детерминанти, со настојувањата што се насочени кон порационална организација на општеството, смалување на нееднаквостите и создавање на услови за оптимален развој на личноста, можно е да се избегнат конфликтите меѓу надворешните барања и внатрешните желби на поединците, и по пат на самооткажување, а не по пат на присилба да се формираат поединци што успешно ќе се вклопат во тоа општество.

Општествено неприфатливото однесување на младите, по правило, секогаш го предизвикувало вниманието на пошироката јавност, посебно на стручната јавност,

за што, впрочем е аргумент и фактот дека токму ним им припага(ло) истакнатото место во системот на репресивно и превентивното реагирање против криминалитетот и пошироко против девијантните појави. Покрај универзалноста на овој феномен кој ја следи младината во времето и просторот, може да се констатира уште една законитост: во определени временски периоди криминалните однесувања на малолетниците имаат одредени специфични карактеристики како во однос на обемот, така и во однос на видот на делата што ги вршат.

Различното манифестирање на криминалитетот, посебно на малолетничкиот, по квантитативни и квалитативни карактеристики, локализирано во време и во простори што меѓу себе се разликуваат по остварувањето и интензитетот на дејствувањето на одредени општествени процеси, упатува на констатацијата за поврзаноста на општествените процеси со криминалитетот во целина, посебно со поедини негови облици на изразување. Општествениот контекст кој, во овој труд, го разгледуваме, малолетничката делинквенција во нашата држава е означен како период на транзиција, период на длабоки промени што се случија во општеството, од кои најзначајни се: преминот од договорна во пазарна економија, преминот од еднопартиски во повеќепартиски политички систем, промени во сферата на сопственоста со доминација на приватната сопственост, реструктуирање на стопанството, драстични промени во општествената структура.

Длабоката општествена преобразба доведе до низа негативни импликации, од кои за проблемот што го елаборираме најзначајни се: невработеноста која доби енормни димензии, осиромашување на најголемиот дел од населението, од кој еден негов дел не е во состојба да ги задоволи егзистенцијалните потреби, нарушување на системот на вредностите, противречности на стандардите и моделите на однесувањето, уривање на старите и создавање на нови норми итн. Станува збор за ситуации што доведоа до индивидуална бесперспективност, бесизгледност, особено кај младите, чувство на загубеност, ситуации на трајна фрустрираност, ситуации, кои и во теоријата и емпириски се потврдени како фактори кои влијаат врз јавувањето, или доведуваат до пораст на девијациите, на криминалитетот, а во тие рамки секако, и на малолетничката делинквенција. Периодот означен како транзиционен започнува во 1991 година. Во тој период, според податоците за малолетничката делинквенција, во Македонија оваа појава покажува тренд на пораст, но со одредени отстапувања во поедини периоди. Оваа

тенденција се однесува како на малолетничката делинквенција, така и на криминалитетот на полнолетните лица. Меѓутоа значајно е да се констатира дека, во рамките а општиот пораст на криминалитетот, малолетничката делинквенција покажува порамномерна динамика на развој и многу поголема стапка на зголемување. Во годините веднаш по прогласувањето независност, бројот на „пријавени“ малолетни престапници се зголемил, но, потоа, истиот се намалил за повеќе од половина, во текот на периодот од 1992 до 2002 година. Бројот на пријавени малолетни престапници бил 1.809 во 1990 година; 1.266 во 2002 година. Во бројот на пријавени престапници се вклучени, како оние, кои не биле законски гонети, така и оние кои биле, без разлика, дали на крајот на постапката биле осудени или не. (Арнаудовски Љ., Чачева В. и Чонева Л., 2004:64)

Оттогаш наваму, тој варира во циклуси од по две години: во 2008 година, бројот изнесувал 1.355 престапници, што е далеку помалку во споредба со која било од годините меѓу 1986 и 2000.(Државен завод за статистика, 2009:106)

Во 2009 година, бројот се зголемил на 1.519 престапници. (Државен завод за статистика, 2010:8)

Слично, податоците за бројот на осудени малолетни сторители, укажуваат на намалување од 36 проценти, за периодот од 1995 до 2009 година.

Следењето на криминалитетот во Република Македонија во подолга временска серија, дозволува да се констатира тренд на пораст, но со одредени отстапувања во одделни периоди. Ова се однесува како на малолетничкиот криминалитет, така и на криминалитетот на полнолетните лица. Меѓутоа, значајно е да се констатира дека, посматрано во долги временски серии, во рамките на општиот пораст на криминалитетот, малолетничкиот криминалитет покажува многу поголема стапка на зголемување. Порастот на малолетничкиот криминалитет, во овој временски период, го следи и постојан пораст на малолетничката популација во вкупното население во Македонија. Но тој факт сепак не е со толку силно влијание за само преку себе да се објасни постојаниот (помал или поголем) пораст на малолетничкиот криминалитет утврден преку неговото учество во вкупниот криминалитет во Македонија. За илустрација: ако се земе најниското и највисокото достигнато ниво на пресуден криминалитет во одделни години, се доаѓа до сознание дека пресудениот малолетнички криминалитет пораснал за повеќе од 14 пати (во 1954 година има 130 осудени малолетни лица, а во 1993

година нивниот број се зголемил на 1861 малолетник), додека, пак, криминалитетот на полнолетните лица покажува стапка на пораст од два и пол пати (во 1954 година бројот на осудените полнолетни лица изнесува 4311, а во 1989 година нивниот број се зголемил на 10878 лица). Овие движења на криминалитетот во Македонија секако, треба да се поврзат со процесите на индустријализацијата и миграцијата, урбанизацијата, кои во одредени периоди беа мошне интензивни, но особено треба да се доведат во врска со случувањата во последните години.

Максималниот пораст на криминалитетот и кај малолетните и кај полнолетните лица е достигнат во периодот на транзиција. И кај двата вида на криминалитет во периодот 1990-1996 година бележи тенденција на постојано зголемување, а тоа е и време кога е достигнато највисокото ниво на криминалитет од кога статистички се евидентира оваа појава во нашата држава. Меѓутоа, тоа е време кога во државата се случуваат најинтензивните и најдлабоките промени, што претставува уште еден аргумент за општествената детерминираност на криминалното поведение. (Студија од група автори, Скопје: *ИСППИ, 2007:91).*

Податоците за движењето на криминалитетот претставува значаен индикатор за сличности во генезата на малолетничкиот криминалитет и криминалитетот на полнолетните лица, но и за општествената условеност на овие општествено негативни појави. Овде треба да се истакне дека криминалитетот на малолетниците во однос на криминалитетот на полнолетните лица, по својата структура е многу посиромашен и главно се изразува преку три до четири групи на кривични дела, за што поопширно ќе елаборираме понатаму во трудот.

Табела бр.1 Движење на вкупно пријавени сторители на кривични дела во периодот 1986-2005

| **Година** | **1986** | **1987** | **1988** | **1989** | **1990** | **1991** | **1992** | **1993** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Малолетни лица | 1738 | 1978 | 1763 | 1762 | 1809 | 2211 | 2668 | 2616 |
| Полнолетни лица | 11632 | 12759 | 14435 | 14548 | 14624 | 13429 | 17149 | 22816 |

| **1994** | **1995** | **1996** | **1997** | **1998** | **1999** | **2000** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2289 | 2314 | 1699 | 1888 | 2132 | 1999 | 1815 | 1446 | 1266 | 1278 | 1488 | 1262 |
| 20238 | 19969 | 19452 | 19277 | 20582 | 19383 | 20220 | 18018 | 18171 | 20161 | 22591 | 23814 |

Извор: Државен завод за статистика

Графикон бр.1 Движење на вкупно пријавени сторители на кривични дела во периодот 1986-2005




Извор: Државен завод за статистика

Во Република Македонија во изминатиот период е посветено внимание на откривање на факторите кои придонесуваат кон појава на малолетничка делинквенција, се работи, исто така, и на креирање на политики и превентивни предлог-мерки, направени се неколку истражувања со цел да се утврдат факторите што влијаат на појавата на малолетничката делинквенција, меѓутоа со целата должна почит кон вредноста на овие сознанија, тие не се доволни за целосно објаснување на оваа мошне значајна појава, особено поради фактот што во неа главни актери се младите луѓе, иднината на секое општество. Поаѓајќи од фактот дека се работи за мултидисциплинарен и мошне комплексен проблем, особено имајќи ја предвид динамиката на ова појава и промените во структурата на општеството постои потреба од нејзино континуирано истражување, со цел да се добијат сознанија од важност за науката, но и за општествената практика. а кои ќе бидат насочени кон елиминирање на оние фактори кои ја предизвикуваат ова појава, во чиј прилог ќе биде и овој магистерски труд.

### *1.2. Дефинирање на малолетничка делинквенција*

Во определувањето на **малолетничката делинквенција** владее големо шаренило кое денес може да се види од бројните термини кои за означување на истата суштина се среќаваат како во криминолошката, така и во кривично-

правната теорија воопшто. Се смета дека постојат толку дефиниции колку што постојат автори кои се занимаваат со оваа појава. *(Скаберне, 1968:35)*

Девијатното однесување на малолетниците своите манифестни форми не ги доживува само преку вршење на казнени дела, туку опфаќа и најразлични видови на асоцијално, воспитно запуштено и воопшто општествено неприфатливо однесување кое не е инкриминирано во казнено-правните прописи. Широкиот дијапазон на општествено неприфатливо однесување на малолетниците, го одредува и различното дефинирање на малолетничката делинквенција. Хетерогеноста во употребата на различни поими кои се однесуваат на оваа појава како малолетничка запуштеност, малолетничко престапништво, делинквенција, неприспособена младина, младина со лошо поведение, асоцијално поведение, малолетнички криминалитет и уште многу други поими, за кои не може да се каже дека се синоними за една иста појава е условена и со големиот број на интензивни истражувања кои се вршат на оваа тема. (Арнаудовски Љ, 2007:10)

Оттука во криминолошката, правната и социјалната литература се среќаваат голем број на различни и често непрецизни одредби на поимот на малолетничка делинквенција. Од големиот број на дефиниции и различното појмовно одредување на малолетничката делинквенција, ние во овој дел од трудот, нашето внимание ќе го насочиме кон поновите дефиниции и сфаќања за малолетничката делинквенција. Според овие дефиниции постојат две сфаќања за поимот малолетничка делинквенција. *(Арнаудовски, 1981)*

Првото пошироко сфаќање се темели на проширувањето на поимот малолетничка делинквенција на сите девијации во однесувањето на младите луѓе, како што се: социјалната неусогласеност во најширока смисла, скитањето, пушењето, бегањето од семејството и школото и слични однесувања кои често излегуваат од рамката на законските граници, како и оние активности кои се инкриминирани со нормите на материјалното кривично законодавство.

Овој поим добива широка и богата појмовна содржина, адекватна на разните облици на девијации во редовите на младината - од асоцијално до антисоцијално однесување, и, сè до вршење на кривични дела - кои се јавуваат како израз на низа општествени, културни, економски, биолошки и други влијанија, кои не е можно да се одредуваат исклучиво од аголот на законската детерминација.

Се смета дека терминот малолетничка делинквенција ја изразува појмовната содржина т.е. она однесување на младите со кое се кршат специфичните норми кои нудат основа за легална акција, било да станува збор за поединци или групи како и оние девијантни однесувања (бегање од школо, испади на вандализам и сл.) кои не се јавуваат кај возрасните лица.

Истовремено се истакнува дека овој поим е адекватен на општоприфатеното гледиште, дека малолетниците кои извршиле кривично дело не треба да се сметаат како криминалци, туку како малолетници спрема кои треба да се преземаат мерки и третмани на превоспитување.

*Според тоа малолетничката делинквенција опфаќа однесувања, кои не можат да се сметаат како делинквентни во законска смисла, како што се: непослушност, пушење без дозвола, бегање од дома и од школо, отсуство на почитување на другите луѓе, скитање и сл. Имајќи го предвид тоа, тие се означуваат со поимот престапи, за разлика од примарните престапи кои содржат елементи на делинквентни активности. Поради тоа некои сметаат дека примената на терминот малолетничка делинквенција е неадекватна, бидејќи се имплицира и на однесувања кои кај возрасните не би предизвикало кривично гонење.*

*Во рамките на овој концепт постои поделба на социјално неусогласените малолетници на предделинквенти и делинквенти, која во основа се базира на законскиот лимит.* **Делинквент** е оној малолетник кој извршил некое дело кое е инкриминирано по позитивните норми на материјалното кривично право, а **предделинквент** е малолетник кој не извршил кривично дело во смисла на законските инкриминации, но неговото однесување почнува да добива атипичен карактер и може да го одведе во делинквентна активност, доколку не биде подложен на адекватни корекциони третмани. Овде станува збор за лица кои имаат извесни проблеми, но сè уште не развиле делинквентна активност. (Љ. Арнаудовски, 1981:43)

*Не може да се зборува за предделинквенција како законски феномен, туку за едно однесување кое е на пат да прерасне во делинквентно однесување. Носителите на оваа предделинквентно однесување се делат обично на социјално неусогласени малолетници (неусогласеност со општествената средина) и оние малолетници кои живеат во неповолни услови, кои можат да ги*

*однесат на патот на делинквентно однесување, затоа е потребно да им се пружи социјална помош и заштита воопшто.*

Според едно друго потесно сфаќање, малолетничката делинквенција ги опфаќа сите активности на малолетникот кои се инкриминирани по позитивните кривични закони на една земја. Овде станува збор за активности кои и кај возрасните лица претставуваат кривични дела. Ова сфаќање е правно детерминирано и ги издвојува од кругот на негативните лични девијации категоријата на однесување која е општествено најопасна земајќи ја предвид личноста на малолетникот и карактерот на неговото делинквентно однесување, па поради тоа се нарекува малолетничка делинквенција, за разлика од предделинквентното и проблематично однесување кое во никој случај не може да се третира како криминалитет, но служи како предупредување за преземање на превентивни и превоспитни мерки и акции.

*Во поголем број земји преовладува ова второ сфаќање, бидејќи тоа ја ограничува малолетничката делинквенција на дејностите кои се инкриминирани по позитивното кривично законодавство.*

Во Република Македонија долго преовладуваше сфаќањето дека развојот на казненото право ги следи трендовите во науката и теоријата и дека положбата на малолетното лице во кривичната постапка ги следи современите и цивилизациски текови.

Долго време во теоријата преовладуваше сфаќањето дека малолетните лица треба да се извлечат од општиот дел на кривичното право и нивната казнено-правна положба да се разреши, регулира со посебен закон. Подсистематските проучувања и следење на научната и теоретската мисла во современото казнено право, тенденциите што доаѓаа до израз низ меѓународните документи, особено оние на ООН преку кои се остварува реализација на Конвенцијата за правата на детето, како и намерите за синхронизација на малолетничкото казнено право со онаа на развиените земји во Европа, резултираа со тоа што во 2007 година Република Македонија донесе Закон за малолетничка правда.

**Законот за малолетничка правда** е поставен врз доминантните принципи за положбата на малолетникот во казненото право врз концептот „четири Д" (Diversion, Dejuridiasition, Deinstitutilization, Due process). Овие принципи всушност ги апсорбираат во себе принципите поставени во Конвенцијата за правата на

детето и во други меѓународни документи за заштита, грижа, помош и контрола, надополнети со принципите врз кои е поставена ресторативната правда и која подразбира систем на мерки со кои се остварува, пред сѐ, превентивното делување во однос на децата и малолетниците, воспитни мерки во чија основа е заштитата на детето и малолетникот, помош, грижа и правична постапка со почитување на посебностите на детето и малолетникот што произлегува од нивната "малолетност". *(Арнаудовски и др. 2008: 53)*

Законот за малолетничка правда *(„Службен весник на РМ" бр.87/2007, член 12)* исто така се среќава со проблемот на малолетноста. Законот ја воведе категоријата „дете во ризик" (оние кои наполниле 7 години, но не наполниле 14 години). Староста (возраста) како клучен критериум, но со дециден став дека до 14-годишна возраст нема основа за повикување на кривична одговорност, а проблемот на заштита, грижа, помош на овие лица за нивно не велиме воспитување, туку правилна социјализација и развој.

Законот за малолетничка правда во член 12 дефинира одделни поими и изрази употребени во законот, и согласно со него го имаат следново значење:

- **малолетник** е секое лице на возраст до 18 години кое според Конвенцијата за правата на детето се смета за дете;

- **дете во ризик** е малолетник кој во време на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, наполнил седум, а не наполнил четиринаесет години; дете во ризик се смета и малолетник до 14-годишна возраст - зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот, дете - жртва на насилство и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во ситуација во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, или детето не е вклучено во системот на образование и воспитување, или се оддало на питачење, скитање или проституција, кое поради ваквите состојби е, или може да дојде во судир со законот;

- **помлад малолетник** е малолетник кој во време на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, имал наполнето 14 години, а немал наполнето 16 години;

- **помлад малолетник во ризик** е лице кое во време на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело за кое е предвидена парична казна

или затвор до три години или прекршок, има наполнето 14, а нема наполнето 16 години, или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е, или може да дојде во судир со законот;

- **постар малолетник** е малолетник кој во време на извршувањето на дејствието што со закон е определно како кривично дело или прекршок, наполнил 16 години, а не наполнил 18 години;

- **постар малолетник во ризик** е малолетник кој во време на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело, за кое е предвидена парична казна или затвор до три години или прекршок, има наполнето 16 години, а не наполнил 18 години или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е, или може да дојде во судир со законот;

- **помладо полнолетно лице** е лице кое во време на пресудувањето за кривично дело наполнило 18, а не наполнило 21 година.

До донесувањето на Законот за малолетничка правда, во јули 2007 година со одложена примена од 30 јуни 2009 година, прашањето за возраста на малолетникот беше уредено со Кривичниот законик, *(Кривичен законик „Службен весник на РМ“ 37/96)* во кој, поаѓајќи од возраста, а согласно законитостите на интелектуалниот, емоционалниот развој и социјализацијата на децата и младинците се одредени границите на малолетноста од 14-18 години и се разликуваат следните групи малолетни лица:

- малолетни престапници на возраст до 14 години, кои направиле кривично дело или прекршок, а заради возраста се кривично неодговорни (според член 72 од КЗ, со кој е определен поимот дете), кај кои се преземаат други мерки на социјална заштита од страна на органите на социјалните служби, а не од судовите;

- малолетни престапници кои имаат наполнето 14 години, а сѐ уште не наполниле 16 години т.н. помлади малолетници, кривично одговорни;

- малолетни престапници кои имаат наполнето 16 години, а ненаполнети 18 години т.н. постари малолетници, кривично одговорни;

- полнолетни лица со наполнети 18 години, а ненаполнети 21 година помлади полнолетници (според член 82) кривично одговорни, спрема кои можат да бидат применети кривични санкции кои се предвидени за малолетниците. На тој начин е изразен стремежот за флексибилност за старосните граници.

Ваквата поделба на малолетниците е неопходна поради степенот на психофизички развој на малолетникот, а според тоа и степенот на неговата кривична одговорност. На помладите малолетници судот може да им изрече само воспитни мерки, а на постарите воспитни мерки, а за сторени кривични дела за кои е предвидена казна затвор над 5 години и казната малолетнички затвор.

*Кога станува збор за малолетничката делинквенција во различни земји различно се определува* **горната старосната граница** *до која едно лице се смета за малолетник, што е многу важно затоа со поминувањето на оваа старосна граница лицето преоѓа во полнолетно лице и спрема него не можат да се преземаат мерките кои важат за малолетни лица.*

*Во праксата и во литературата, малолетничката делинквенција во последниот период сè повеќе зазема простор, а може да се каже дека таа станува и тема на денот. Тоа е условено од околноста кога станува збор за појава на социјална патологија во редовите на младата генерација, појава што е во пораст, и што претставува најчесто извор од кој се регрутираат криминалците меѓу возрасните лица, па затоа превентивните мерки против криминалитетот воопшто мораат да бидат сконцентрирани на овој проблем.*

*При третирањето на овој проблем во последно време сè повеќе се укажува не само на неговиот пораст, туку и на новите облици на малолетничка делинквенција. Тие нови обележја на малолетничката делинквенција се пројавуваат во најразлични облици. Меѓу нив спаѓаат - наглиот и постојаниот пораст кој оди пред порастот на другите облици на криминалитет и пројавување на такви својства кои судејќи според елементите и обележјата кои ги карактеризираат, по степенот на општествена опасност и другите особини, ги надминуваат поранешните рамки. Овде се мисли на сè почестата појава на тешки облици на однесување, кои сè повеќе се карактеризираат со насилност како основно обележје, појавата на младински организирани банди,*

*кои на таа насилна црта даваат најчесто екстремен облик, на сè почестото вандалско однесување, на сè поголемата раширеност на прекршочните и други девијантни однесувања (алкохолизмот, коцкањето, злоупотребата на дрога), кои водат кон делинквентна активност, на сè поинтензивното регрутирање на малолетни делинквенти од општествените слоеви со висок стандард и поголеми приходи.*

Криминалитетот претставува најтежок облик на престапничко однесување под кое се подразбира кршење на кривично-правните норми поради што истото е инкриминирано во сите позитивни кривични законодавства.

Инкриминациите подеднакво се однесуваат и на младите и на возрасните членови на заедницата, односно таквите однесувања и кај едните и кај другите се квалификуваат како кривични дела. Повеќето дефиниции за криминално однесување го одредуваат криминалитетот како кршење на нормите на материјално кривичното законодавство и според нив за престапници се сметаат лицата кои ги повредиле нормите на казнениот законик, со кој се заштитени основните општествени интереси и вредности.

Според правната концепција (нормативната), под поимот **криминалитет,** односно **криминално однесување** е само она однесување кое е забрането со нормите на кривичниот законик и други закони кои предвидуваат кривично-правни инкриминации, а сите други однесувања колку и да се штетни за општествената заедница не се опфатени со поимот криминалитет. Криминалитет е само она што значи повреда на нормите на казнените закони. Тоа се сторувања или несторувања на поединци кое ги забранило општеството, тоа е однесување кое ги крши утврдените закони и повлекува соодветни казни.

Покрај овие карактеристики на малолетничката делинквенција, сепак нејзе ја чинат посебна, различна од другите општествено негативни појави, нејзините носители опфатени со општиот поим малолетници. Малолетноста е голема привилегија, преданост во однос на другите фази од животот на човекот, но фаза оптоварена со многу предизвици и ризици, особено по развојот и иднината. *(Арнаудовски и др. 2008:71)*

### 1.3. Возраст на малолетникот

Созревањето на личноста односно растењето е доста динамичен процес. Младоста е период од животот во кој поединецот се соочува со различни проблеми и задачи кои пред него се поставуваат. Тоа воедно е и најинтензивниот когнитивен, емотивен и конативен период кој е одбележен со стекнување на знаења и усвојување на различни навики, судови, вредности и ставови. Едно од најголемите барања е изградба на сопствен идентитет и потрага за одговорите на безбројните прашања. Кај младите се јавува потреба од дружење и вклучување во општествениот живот на пошироката заедница низ припаѓањето на одредени групи на врсници и друштва. Ако поединецот се вклучи во одредено друштво, кое општеството го идентификува како позитивна група која негува и промовира одредени позитивни вредности и цели, имајќи го предвид почитувањето на нормите и барањата на пошироката заедница, тогаш можеме да зборуваме за задоволувачко вклучување. Меѓутоа во некои помалку контролирани услови младите се здружуваат и идентификуваат со девијантни групи барајќи на себе слични со исти психички и општествени проблеми, а како цел и содржина на нивното дружење се случува насилство, зависност, различни казниви дела и сè тоа како составен дел на ритуалот на групата. Таквото вклучување резултира со појава на девијантно однесување, кое често прераснува во вршење на делинквентни и казниви дела, и станува закана за пошироката општествена заедница. Во литературата често се истакнува дека младите се одликуваат со различни биопсихолошки промени чија динамичност дава значајни можности за воспитување и социјализација. Младата личност во фазата кога е сè уште недоволно изградена станува чувствителна и разните влијанија можат да го насочат нејзиниот развој и однесување кон асоцијално и антисоцијално однесување. (Далиборка Луќетиќ, симнато од Интернет)

Според мислењето на психолозите во созревањето на личноста се разликуваат повеќе фази и тоа обично: период на детство, предпубертет, пубертет и постпубертетски период, секој со посебни карактеристики на личноста. Притоа не може да се каже дека секое дете подеднакво ги поминува наведените хронолошки периоди, зошто развојот на сите психички и соматски особини не е секогаш рамномерен. (Сулејманов З. И Стојановски Н., 2002:389)

Предпубертетот, кој кај девојчињата се смета од 11-12 година, а кај момчињата од 12-14 години, се карактеризира со судир меѓу детските црти на личноста и цртите на малолетството. Децата во тој период почнуваат да се осамостојуваат и веќе да ги отфрлуваат авторитетите.

Пубертетскиот период кај девојчињата вообичаено трае од 12-15 години, за машките деца од 14-18 години. Пубертетот, иако краткотраен, е мошне значаен период во животот на младата личност, бидејќи таа тогаш претрпува низа органски и психички промени под влијание на половите жлезди. Или како што вели Хентиг, *„Младоста е бина на три големи физички и ментални кризи: кризата на пубертетот, кризата на растење и функционалната криза. Прва е кризата на пубертетот. Добро познатите соматски промени тесно се поврзани со психичките промени. Спротивставените состојби на духот ја карактеризираат менталната слика. Силниот нагон за лутење е ублажен со болното чезнеење за куќата. Инстинктот на самоодржување еднаш е потиснат, другпат претерано изразен. Постои склоност за непосредни и целосни решенија на сите проблеми: жестока лојалност кон пријателите и омраза кон непријателите, не се почитуваат постоечките авторитети, изразена е склоност кон себеистакнување и сврување на вниманието кон себе. Во овој период се јавуваат многу ментални растројства. Изгледа дека пубертетот ги мобилизира сите телесни и ментални слабости на младото суштество до опасни искушенија. Кај многу поединци пубертетот се продолжува или останува во облик на изразен инфантилизам. Ние среќаваме возрасни луѓе со детски лик или детски менталитет. Често пубертетот не завршува пред дваесеттата година од животот. Понекогаш пубертетот останува да живее со менталните обележја на вечно дете и покрај долгата брада и староста која предизвикува почит. Она што го одбележува периодот од пубертетот до зрелоста не е толку количникот на интелигенција колку што е тоа емотивното и волевото држење. Накратко, може да се поддржи поставката дека вистинскиот криминалитет може да биде тесно поврзан со органската агресивност на пубертетот и дека е во суштина симптом на пубертетска криза".(*Хентиг Х., 1959:171-172)

Сите тие скокови во физиолошкиот развој кај младите лица предизвикуваат силно чувство на несигурност. Тие почнуваат повеќе да размислуваат за себеси, да мечтаат. Во желбата покрај силното чувство на физичка моќ, да ги развијат и

сопствените психички сили тие често се попречени од страна на авторитетите кои токму затоа ги отфрлаат и критикуваат. Малолетникот сака да се идентификува со возрасниот човек во оние дејствија во кои дотогаш тоа не можел или не смеел да го прави, а тоа во прв ред се оние поведенија што се оценуваат негативно. Поради тоа се вели дека во тој период младинците преземаат лоши навики од возрасните побргу одошто би требало. Тоа е период окарактеризиран со внатрешна вознемиреност, желба за патување и авантури, со силна емоционалност и нереална еротична насоченост кон постари лица од спротивниот пол, а меѓусебното одбивање на половите од иста возраст.

Постпубертетскиот период кај девојчињата трае од 16-20 години, а кај момчињата од 18-24 година од животот. Тоа е период во кој постепено доаѓа до синхронизирање меѓу емоционалните и рационалните елементи во критичен реализам. Постепено почнува да се признава авторитетот на возрасните луѓе, во прв ред во семејството. Со овој период завршува процесот на созревањето на поединецот.

Покрај овој биолошки аспект значаен е и социолошкиот аспект на младоста. Се претпоставува дека семејството му е од помош на младото суштество. Меѓутоа наместо тоа, децата често се искористуваат од страна на семејството и се изложуваат на нови опасности. Родителите можат со поставување на исклучителни ограничувања да предизвикаат и исклучително спротивставување од страна на децата, а со истакнување на едното дете пред другото, може да го нарушат единството на целото семејство.

Често семејството не е пристаниште каде што се одмараат душата и телото, туку легло на немири во кое цветат судири и економски напнатости. Понекогаш односот меѓу таткото и синот е позатегнат од односот до кој би можело да дојде меѓу детето и суровиот надворешен свет. Под вакви околности едно активно, здраво и многу чувствително дете може да скршне од патот и да се лизне во криминал, а наспроти него - едно неагресивно, повлечено во себе, плашливо, воздржливо, несамостојно и неенергично дете, може да остане настрана од криминалитетот. (Хентинг Х.1959:177-178)

Биолошкиот и социолошкиот аспект на младоста се од извонредно значење, зашто токму во нив се поместени најзначајните околности за определувањето на кривичната одговорност на малолетниците. Со нивно посредство во секоја земја

се определуваат горната и долната старосна граница на кривичната одговорност. Во некои западни земји и земјите со Common Law system, иако различно, секогаш е утврдена горната старосна граница која се движи од 15 до 21 година. Притоа може да се каже дека во просек како горна граница на кривична одговорност е прифатена возраста од 18 години. Во најголемиот број на земји во Азија и Африка кривичното малолетство завршува со наполнети 15 години, а во европските земји горната граница на малолетството е поместена во старосниот интервал од 15-18 години. Така во Белгија кривичното малолетство завршува со навршувањето на 15 години, во Грција, Полска и Англија со навршени 17 години, во Франција, Италија, Германија, земјите од поранешните СФРЈ и СССР, Швајцарија и во низа други земји со навршени 18 години. Нордиските земји и некои држави на САД го прифатиле навршувањето на 21 година како период на настанување на полнолетството. (З. Сулејманов и Н. Стојановски, 2002: 391)

Што се однесува до долната старосна граница на кривичната одговорност, карактеристично е тоа дека голем број на земји воопшто не ја определуваат, а во оние во кои таа е утврдена најчесто изнесува 7 години. Според законодавствата на најголемиот број азиски и африкански земји кривичното малолетство настапува со навршени 7-9 години. Таков е случај во Ирак, Јордан, Либија, Сирија, Египет итн. Во најголемиот број европски земји (Германија, Швајцарија, Италија, земјите од поранешна Југославија, Унгарија и низа други) прифатени се 14 години како возраст кога настапува кривичната одговорност. И во скандинавските земји (Данска, Финска, Норвешка) и во некои федерални држави на САД, кривичното малолетство настапува на возраст од 15 или 16 години. (З. Сулејманов и Н. Стојановски, 2002:391)

Тоа значи дека во тие земји за малолетен делинквент се смета секое лице кое извршило кривично дело, ако се наоѓа на возраст меѓу 7 и 18 години, со таа разлика што во некои земји од Азија и Африка, горната старосна граница е спуштена на 14, па дури и на 12 години, што се оправдува со побрзото ментално созревање на малолетниците во тие држави.

Календарското определување на малолетноста сепак има и свои слабости, бидејќи тоа е само еден формален критериум кој не ја одредува доволно психофизичката и социјалната зрелост на малолетникот. На развојот на личноста, т.е. на нејзината социјална и биопсихичка зрелост покрај староста делуваат и

други критериуми. Така на пример некои лица порано созреваат од други кои се на иста возраст во зависност од социокултурната клима и индивидуалните карактеристики и услови. При донесувањето решенија треба да се поаѓа од условите што владеат во секоја земја без слепо да се копираат туѓи решенија. Најважно е секој случај да се разгледува индивидуално и да се има предвид биопсихичката и социјалната зрелост во спроведувањето на кривично-правниот третман. Затоа високо поставената долна граница ( 14 години), не одговара на денешното темпо на созревање на младите во повеќе земји.

Со зголемување на животниот стандард и напредок на средствата за комуникација, нормално е да се очекува побрзо созревање и побрзо стекнување на нови сознанија. Оттука старосните граници треба да служат само како еден патоказ за постапување со младите сторители на кривични дела, а поимот малолетници треба да се сфати пошироко од правно одредените старосни граници, подразбирајќи ги под него сите членови на општеството, кои не постигнале биопсихичка и социјална зрелост. (Јашовиќ Ж., 1988:12-13)

Во криминолошката наука преовладува ставот дека оваа класификација на старосните граници не треба да се напушта сè додека не се добијат поинакви научни сознанија за корелацијата на санкциите и мерките за превоспитување со психофизичката зрелост на малолетникот.

Во Република Македонија долго преовладуваше сфаќањето дека развојот на казненото право ги следи трендовите во науката и теоријата и дека положбата на малолетното лице во кривичната постапка ги следи современите цивилизациски текови. Долго време во теоријата преовладуваше сфаќањето дека малолетните лица треба да се извлечат од општиот дел на кривичното право и нивната казнено-поправна положба да се разреши, регулира со посебен закон. Посистематските проучувања и следење на научната и теоретската мисла во современото казнено право, тенденциите што доаѓаа до израз низ меѓународните документи, особено оние на ОНН преку кои се остварува реализација на Конвенцијата за правата на детето, како и тежненијата за синхронизација на малолетничкото казнено право со она на развиените земји во Европа, резултира со тоа што во 2007 година Република Македонија донесе Закон за малолетничка правда. Законот за малолетничка правда е поставен врз доминантните принципи за положбата на малолетникот во казненото право врз концептот „четири Д“

(Diversion, Dejuridiasition, Deinstitutilization, Due process). Овие принципи всушност ги апсорбираат во себе принципите поставени во Конвенцијата за правата на детето и во други меѓународни документи за заштита, грижа, помош и контрола, надополнети со принципите врз кои е поставена ресторативната правда и која подразбира систем на мерки со кои се остварува, пред сè, превентивното делување во однос на децата и малолетниците, воспитни мерки во чија основа е заштитата на детето и малолетникот, помош, грижа и правична постапка со почитување на посебностите на детето и малолетникот што произлегува од нивната „малолетност".

Законот за малолетничка правда, исто така, се среќава со проблемот на малолетноста. Законот ја воведе категоријата „дете во ризик" (оние кои наполниле 7 години, но не наполниле 14 години). Староста (возраста) како клучен критериум, но со дециден став дека до 14-годишна возраст нема основа за повикување на кривична одговорност, а проблемот на заштита, грижа, помош на овие лица за нивно не велиме воспитување, туку правилна социјализација и развој.

Законот за малолетничка правда во член 12 дефинира одделни поими и изрази употребени во законот, и согласно него го имаат следново значење:

- малолетник е секое лице на возраст до 18 години кое според Конвенцијата за правата на детето се смета за дете;

- дете во ризик е малолетник кој, во време на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, наполнил седум, а не наполнил четиринаесет години; дете во ризик се смета и малолетник до 14-годишна возраст - зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот, дете - жртва на насилство и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква ситуација во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, или детето не е вклучено во системот на образование и воспитување, или се оддало на питачење, скитање или проституција, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;

- помлад малолетник е малолетник кој во време на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, имал наполнето 14 години, а немал наполнето 16 години;

- помлад малолетник во ризик е лице кое во време на извршувањето на дејствието

што со закон е определено како кривично дело за кое е предвидена парична казна или затвор до три години или прекршок, има наполнето 14, а нема наполенето 16 години, или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;

- постар малолетник е малолетник кој во време на извршувањето на дејствието што со закон е определно како кривично дело или прекршок, наполнил 16 години, а не наполнил 18 години;

- постар малолетник во ризик е малолетник кој во време на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело, за кое е предвидена парична казна или затвор до три години или прекршок, има наполнето 16 години, а не наполнил 18 години или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;

- помладо полнолетно лице е лице кое во време на пресудувањето за кривично дело наполнило18, а не наполнило 21 година.

До донесувањето на Законот за малолетничка правда во јули 2007 година со одложена примена од 30 јуни 2009 година, прашањето за возраста на малолетникот беше уредено со Кривичниот законик, во кој, поаѓајќи од возраста, а согласно законитостите на интелектуалниот, емоционалниот развој и социјализацијата на децата и младинците се одредени границите на малолетноста од 14-18 години и се разликуваат следните групи малолетни лица. (Кривичен законик, „Службен весник на РМ“ 37/96)

- малолетни престапници на возраст до 14 години, кои направиле кривично дело или прекршок, а заради возраста се кривично неодговорни ( според член 72 од КЗ, со кој е определен поимот дете), кај кои се преземаат други мерки на социјална заштита од страна на органите на социјалните служби, а не од судовите;

- малолетни престапници кои имаат наполнето 14 години, а сѐ уште не наполниле 16 години т.н. помлади малолетници, кривично одговорни;

- малолетни престапници кои имаат наполнето 16 години, а ненаполнети 18 години т.н. постари малолетници, кривично одговорни;

- полнолетни лица со наполнети 18 години, а ненаполнети 21 година помлади полнолетници (според член 82) кривично одговорни, спрема кои можат да бидат применети кривични санкции кои се предвидени за малолетниците. На тој начин е изразен стремежот за флексибилност за старосните граници.

Ваквата поделба на малолетниците е неопходна поради степенот на психофизички развој на малолетникот, а според тоа и степенот на неговата кривична одговорност. На помладите малолетници судот може да им изрече само воспитни мерки, а на постарите воспитни мерки, а за сторени кривични дела за кои е предвидена казна затвор над 5 години и казната малолетнички затвор.

### *1.4. Основни облици на девијантно поведение на младите*

Јасното одредување на манифестациите во однесувањето на малолетникот што го чинат неговото претстапничко поведение е најзначаен, но и најсложен проблем. Проблемот станува сложен затоа што покрај правните норми, со кои се регулира однесувањето на луѓето во едно општество, се заштитуваат општествените вредности, права и слободи и чие спроведување се обезбедува со санкции, постојат и многубројни други легални, морални норми на однесување за чија повреда не се преземаат санкции од страна на државните органи, но општеството на одреден начин реагира и на нив. Кога е во прашање малолетничкото престапништво, разрешувањето на овој проблем е од особено значење затоа што позитивното поведение на малолетникот се формира и низ реагирање врз неговите девијантни однесувања, и затоа што се покажува дека малолетните делинквенти почнуваат со кршење на легалните и моралните норми за подоцна да почнат да вршат и потешки кривични дела.

Во литературата најчесто се среќава поделбата на престапничкото однесување на делинквентно и предделинквентно.

Како делинквентно однесување во тој контекст се определува секое однесување кое е инкриминирано со норми од материјално-кривично право, додека предделинквентното однесување е она кое не е кривично дело во смисла на законските инкриминации, но има таков карактер во етиолошки поглед, па ако

благовремено не се реагира прераснува во делинквентно однесување. На прв поглед оваа класификација изгледа прифатлива, бидејќи со неа се разликува криминалитетот од другите облици на негативно однесување на младите. Меѓутоа, таа класификација тргнува од потесното определување на поимот делинквенција, заснован само на кривично-правните инкриминации, што ја прави неприфатлива.

Особено е сложена класификацијата на облиците на престапничкото однесување според степенот на нивната општествена опасност. Таквото определување, за да биде прецизно и сигурно, мора да води сметка за повеќе белези и димензии на секој од облиците на однесување. Притоа, покрај објективните последици од одредени однесувања, мораат да се земат предвид и субјективните белези како и вредносниот систем на даденото општество.

Со правните норми се инкриминираат општествено опасните облици на однесување, кои истовремено се и противморални, додека со моралните норми се регулираат помалку опасните постапки за кои е доволен само морален механизам на контрола. Ова, секако не ја исклучува можноста одредени престапи од областа на моралот да не можат да бидат потешки, по својата етиолошка основа и последиците на субјектите. Поделбата на облиците на престапничкото однесување според видот на прописите кои со нив се кршат, не само што го имплицира критериумот на степенот на општествената опасност, туку има и други предности. Со тоа што обезбедува јасно разликување на престапите според видот на прописите, таа оневозможува арбитрарност и субјективизам во квалификувањето на конкретно однесување. Таа придонесува и за посоодветна примена на посебни прописи за престапништвото и третманот на младите престапници.

Тргнувајќи од тоа дека покрај моралните и кривично-правните норми и прекршочните прописи кај нас санкционираат одредени однесувања, сите облици на престапништво можат да се класифицираат во три основни групи:

1. повреда на кривично - правните норми - криминалитет на малолетниците, делинквенција;

2. повреда на прекршочните норми;

3. повреда на моралните норми - асоцијални однесување.

### *1.4.1 Повреда на кривично - правните норми - криминалитет на малолетниците, делинквенција*

Оваа е најтежок облик на престапничко однесување на малолетниците и го сочинуваат сите однесувања на младите кои се инкриминирани со позитивното кривично законодавство. Овие инкриминации подеднакво се однесуваат и на малолетниците и на возрасните извршители. Ако за возрасните ваквите престапи ги сметаме за криминалитет тогаш и извршените престапи од овој вид, од страна на малолетни лица, се смета како криминалитет. Овде спаѓаат: убиства, тешки кражби, силувања, тепачки со телесни повреди, трговија со дрога и сл.

Меѓутоа гледано од аспект на нивната субјективна зависност, посоодветно е да се означат како делинквенција или престапништво во потесна смисла поради многуте специфични обележја условени од био-психичките карактеристики на младите и нивниот посебен статус во општеството. Недоволно изградената личност на младите, посебно на критичкото мислење овозможува „успех” на разните негативни влијанија кои ги втурнуваат на патот на престапништвото. Поради недоволно изградената личност на малолетникот во психичка и физичка смисла, малолетничкиот криминалитет се разликува од криминалитетот на возрасните и бара посебна интервенција на општеството, поради општествената опасност и специфичноста на личноста.

### *1.4.2 Повреда на прекршочните норми*

Втората значајна група на престапничко однесување се прекршоците. Прекршоците се одредуваат како повреда на прописите од јавниот ред и мир. И оваа група на поведенија на идентичен начин се однесува и на возрасните. Овде спаѓаат многубројни прописи, меѓу кои најзначајни се оние со кои се регулира јавниот ред и мир (нарушување на мирот, пијанчење, тепање и малтретирање на други, спротивставување и попречување службено лице во вршењето на должноста, навреди и омаловажувања на јавно место, проституција, коцка и сл.), прописите за јавниот сообраќај, како и други прописи кои се одредени како прекршоци. (Закон за прекршоци, „Службен весник на РМ“ бр. 15/97)

Овие поведенија се одредуваат како помалку опасни ид оние поведенија кои се именуваат како криминалитет. Општественото реагирање спрема малолетниците

по повод сторен прекршок носи исклучиво репресивен карактер. Постапката е идентична со она која се применува спрема возрасните прекршители.

### 1.4.3 Повреда на моралните норми - асоцијални однесувања

Оваа група на престапничко однесување на малолетните лица ја сочинуваат повредите на моралните норми, кои не се инкриминирани, но се спротивни на моралните норми на однесување и како такви санкционирани од јавното мислење со неодобрување, прекорување, критика, отфрлање и друг вид општествена реакција. Овие постапки се именуваат со различни поими: асоцијални, атипични, неморални, неприфатливи или антисоцијални. Иако овие негативни поведенија, според предизвиканите последици, не мора да претставуваат голема опасност важни се од аспект на почитувањето на личноста и меѓучовечките односи. Повредите на моралните норми се изразуваат низ разни облици на однесување: дрзок, некултурен, потценувачки однос спрема повозрасните и врсниците, непослушност и непочитување на родителите како стил на редовно однесување, бегање од дома и од училиште, самоволно напуштање на училиштето или работата, посетување коцкарници, скитање, питачење и сл. Тоа се однесувања кои укажуваат на подлабоки промени во прифаќањето на општествените морални норми, отсуство на дисциплина и воспитување, па поради тоа треба да се преземаат мерки на влијание и воспитување.

Малолетничката делинквенција е масовна општествена појава и претставува дел од општиот криминалитет во едно општество.

Во претходниот дел од овој труд се обидовме да ја дефинираме од разни аспекти-социолошки, криминолошки, правен и при тоа нагласивме дека поради различните концептуални приоди на терминолошки план има толку многу дефиниции колку што постојат автори, кои се занимаваат со проучување на ова појава.

Таа е во корелација со другите социопатолошки појави во општеството (наркоманија, алкохолизам, проституција) од што произлегува потребата за благовремено нејзино детектирање и поголем општествен ангажман на надлежните стручни служби за превоспитување и реинтеграција на малолетните делинквенти во општеството.

Како појава која бележи пораст во последните децении и која се манифестира со сè потешки феноменолошки облици (кражби, разбојништва, агресивност) постојано е во фокусот на вниманието на општеството кое се труди да изнајде адекватен систем на воспитни и рестриктивни мерки за да се заштити од оваа негативна појава.

Во овој дел од трудот беше даден и краток осврт на двата критериуми кои го одредуваат дефинирањето на малолетничката делинквенција. Беше накратко образложено за возраста на малолетникот како кривично правна категорија, која ги одредува границите на малолетноста, а која е значајна со оглед на тоа што се работи за личност која се наоѓа во процесот на созревање и ваквото специфично обележје секогаш се зема предвид кога се изрекува санкцијата спрема малолетникот. Исто така, беа накратко образложени и видовите на девијантни поведенија односно повредата на кривично-правните, моралните норми и прекршоците.

Можеме да заклучиме дека делинквентните и асоцијалните однесувања го нарушуваат мирот и вообичаениот начин на живеење секојдневно. Насилничкото однесување, криминалните дејствија и стравот што е предизвикан од нив, го загрозуваат општеството, личната слобода и ги ослабуваат врските кои се основни за здрави заедници.

Затоа, секое општество треба да изгради соодветен систем на превентивни мерки и иновативни и ефективни стратегии за да го намалат делинквентното и асоцијалното однесување кај младите, насилството и жртвите.

## *II. ТЕОРИИ ЗА ПОЈАВАТА НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИНКВЕНЦИЈА*

### *1. Криминогени теории*

Основниот проблем на криминологијата како наука е проучувањето на причините и условите на криминалното и престапничкото однесување т.е. етиолошкото објаснување на делинквенцијата како посебен феномен. Станува збор за проучување и утврдување на корените, причините и другите детерминанти на оваа појава во дадени општествени рамки. Цел на таквиот пристап е, пред сѐ, осветлување на каузалната поврзаност на разните општествени, психички и други појави со криминалитетот и другите облици на престапничко однесување. Тоа значи дека криминалната етиологија треба да ги утврди објективните и субјективните фактори кои го условуваат манифестирањето на криминалитетот во општествената стварност. Етиолошките сознанија се основа на целокупната политика на спречување и сузбивање на криминалитетот и другите престапнички однесувања, односно превенција на таквите појави и ресоцијализација на нивните индивидуални носители. Од нивото на развиеност на етиолошките сознанија во најголема мерка зависи и степенот на развиеност на криминологијата како наука бидејќи како што истакнува Лукич крајна цел на секоја наука е утврдување на причинските врски. (Р. Лукич, 1962:9) Без утврдување на таквите врски и нивните правилности, односно законитости, не може да се постигне објаснувањето на која било појава, па ни на криминалитетот и делинквенцијата.

Кога е во прашање етиологијата на малолетничката делинквенција она што заслужува приоритет е сознанието дека покрај општите причини кои се заеднички за сите видови криминално поведение постојат и посебни причини, услови и поводи кои особено се специфични за овој вид на негативно однесување. Или со други зборови, врз појавата на малолетничката делинквенција општите причини и услови делуваат во еднаква мера како и кај другите видови на криминалитет, меѓутоа покрај нив постојат и посебни околности кои го остваруваат своето решавачко влијание токму врз обемот, структурата и динамиката на делинквенцијата. Меѓу нив нужно е посебно да се истакне влијанието на семејството, училиштето, користењето на слободното време, како и личните карактеристики на младите делинквенти (емоционалната лабилност, спротивставување на авторитети, субјективизам, егоизам, склоност кон имитација,

слаб отпор кон надворешните влијанија, незрело расудување и сл.). (З. Сулејманов, 2000:594)

Теоретските поставки на етиологијата на малолетничката делинквенција се темелат на истражувањето и изучувањето на личноста на сторителите и на изучувањето на општествените услови. Меѓу повеќето теории кои ја проучуваат и објаснуваат оваа појава ќе ги наведеме следните:

Според биолошко-антрополошките теории причините на криминалитетот се од органска и психолошка природа. Тие тргнуваат од биоконституционалната склоност кон вршење на кривични дела. Основниот недостаток на овие теории се состои во нивната едностраност, бидејќи се обидуваат сите видови криминалитет да се објаснат само со факторите на телесната конституција, психолошките особини и генетскиот фактор. Нивни претставници се Ломбросо, Ди Тулио, Делмос и др.

Според Ломбросо кај делинквентите постојат одредени аномалии на психата и телото и определени физички својства кои го определуваат кон вршење на делинквентни активности, истакнувајќи притоа дека цртите на атавизам се многу чести кај делинквентите. (М. Милутиновиќ, 1961:2.) Под влијание на жестоката критика на таквите негови ставови, Ломбросо во подоцнежните трудови внесува корекции на своето учење, обрнувајќи извесно внимание и на условите на општествената и семејната средина.

Моресели, Хагеман, Боњерс и др. сметаат дека нагонот за кражба, убиства, силувања и слични делинквенции е наследен.

Претставниците на ендокринолошката теорија сметаат дека криминалитетот е израз на неурамнотеженост или нарушување во функционирањето на ендокрините жлезди. Улогата на посредник во остварувањето на таа врска според некои претставници на оваа теорија (M. Schalpp) ја имаат менталните нарушувања, ниската интелигенција и сл. кои и самите се последица на нарушувањата на ендокриниот систем.

Расната теорија, исто така, претставува варијанта на биолошкото учење бидејќи и таа криминалитетот го објаснува со вродените склоности и наследните диспозиции на одредени раси.

Психопатолошката теорија е блиска на биолошките и антрополошките теории. Според оваа теорија злосторниците се сметаат за душевно болни луѓе. Според претставниците на оваа теорија менталните и емоционалните нарушувања на конституционалниот карактер се битни причинители на криминалитетот. Меѓутоа под влијание на практиката и сè посилните сознанија за детерминантите на оваа појава, одделни застапници на антрополошките, биолошките и психопатолошките сфаќања на каузалноста на криминалитетот во извесна мера го респектирале и влијанието на средината. Така се појавиле и т.н. мешовити биосоцијални и слични теории, според кои криминалитетот го условуваат биолошките „индивидуални криминогени фактори" и општествената средина.

Психолошките теории им обрнуваат поголемо внимание на улогата на личноста и нејзините психолошки својства укажувајќи притоа, во прв план, на разните психички недостатоци и вродените склоности. Во оваа група спаѓаат:

- теоријата на интелигенцијата според чии преставници (Фергусон, Бурт, Багота и др.) делинквентно однесување пројавуваат недоволно интелигентните и слабоумни лица кои не се во состојба да ја сфатат тежината и штетноста на своите постапки. Поновите истражувања не покажале значајни резултати меѓу престапниците и непрестапниците;

- теорија на неприспособливост според која престапничкото однесување е директен израз или манифестација на неусогласено и недоволно приспособување на поединци на дадените социјални услови. Престапниците, според оваа теорија, се лица кои не се интегрирани и адаптирани кон општествените процеси и системот на вредности на даденото општество. Застапниците на оваа учење причините за тоа ги гледаат главно во психичките својства на субјектите, како што се областа на чувствителноста на поединецот (Ди Тулио), неспособноста за приспособување на психосоциолошко ниво (Фаст), незнаењето, односно недоволното воспитување (Фројд) итн. Оваа теорија ја застапува и Хентиг, и според него кај криминалното поведение мора да се прави разлика меѓу силите кои се наоѓаат во основата на секој облик на поведение. Во таа смисла на прво место постои индивидуална диспозиција (склоност, настроеност), под која се подразбира вообичаен и утврден начин на реагирање на едно лице на надворешните стимуланси и второ, постојат мноштво од различни сили кои делуваат врз оваа настроеност. Овие сили можат да бидат физички (температура,

влага), бактериолошки (бацил на инфлуенца и сл.), лични (жена, претпоставен старешина итн.) и култура. (З.Сулејманов, 2000:258) Различноста на индивидуалните својства кај поединците условува тие различно реагираат на надворешните поттици, на силите кои делуваат од надвор;

- психоаналитичка теорија која поаѓа од психоанализата како метод на третман на менталните и емоционалните нарушувања на личноста. Главен метод на психоанализата е испитување на поединечни случаи (case study). Според Фројд криминалното однесување е резултат на судирот помеѓу три компоненти на личноста: несвесното ид или вродените инстинкти содржани во инстинктот за живот и смрт и нагони (за самоодржување и сексуалниот нагон). Другите компоненти се егото и супер егото. Ако егото (силите изведени од стварноста, свесно приспособување на личноста на светот околу неа) и суперегото (систем на норми, принципи и вредности во едно општество) се поразвиени од компонентата ид, постои помала можност за вршење кривични дела. Оваа теорија и дава поголемо значење на несвесната страна на човековата личност. Таа прва укажала на значењето на семејството и детскиот период за развој на криминалитетот;

- теоријата на фрустрација (Долард, Милер и др.) го застапува учењето дека агресијата како инстинктивно вродена сила се смета како последица на чувствата во постигнувањето на некои намери, стремежи или потреби. Агресијата е последица на фрустрацијата односно лишувањето или неможноста за остварување на поставената цел. Постоењето на фрустрацијата секогаш води кон некој облик на агресија, а делинквентното однесување во овој контекст не е ништо друго, туку облик на манифестирање на агресијата настаната поради фрустрираност. На оваа теорија и се забележува дека фрустрацијата сепак не е единствена причина за агресија и секогаш не доведува до неа, понекогаш може да доведе дури и до изнаоѓање на поинакви начини за решавање на проблемите;

- теоријата на условување или бихејвиористичка теорија смета дека делинквентите се емоционално нестабилни и екстравертни личности. Таа емотивна нестабилност која често има и психопатски карактер, претставува битна детерминанта на делинквентното однесување. Овие лица се гладни за стимуланси, сакаат да излезат од досадата и поради тоа се изложени на ризици. Корените на ваквата нестабилност следбениците на ова теорија ја гледаат во

нервниот систем во неговата помала или поголема подобност за условување, односно формирање определени образци на реагирање преку условен рефлекс.

## *2.Социолошко ориентирани теоретски пристапи*

Уште од првите обиди за објаснување на криминалитетот како резултат на социјалниот амбиент во кој што се јавува, истражувачите особено внимание им посветувале на криминалните активности на малолетникот. Така, еден од најзначајните претставници на француското „Училиште за социјална средина" Габриел Тарде посебно се интересирал за процесот на криминогенезата кај малолетните престапници, давајќи извонредни описи на процесот во кој „од јато улични деца", кои гравитираат околу крстосниците на големите европски градови, постепено се регрутираат криминалци. И други европски автори дале значаен придонес кон разбирањето на претстапништвото на младите, но сепак, како и за сите други криминолошки теми, најголемо влијание имале американските социолози. (Малолетничка правда - од идеја до практика: 2008 година)

Диркем објаснувајќи го коренот на криминалитетот тргнува од ставот дека тој се наоѓа во самата природа на општеството, во општествената средина, и е производ на меѓу влијанијата на луѓето и општеството. Тргнувајќи од оваа општа поставка тој ја развил теоријата на аномијата која во нарушувањата на општествената рамнотежа ги гледа причините на криминалното однесување. Нерамнотежата во општеството настанува како резултат на брзите промени и кризи во општествениот развој. Во такви услови општествените вредности, норми и другите сили кои го соединуваат општеството и ја обезбедуваат неговата компактност губат од својата сила, и наместо општествена рамнотежа настанува состојба на дезорганизираност и неред. Таа состојба на нередие, беззаконие Диркем ја нарекува аномија и во неа ги гледа причините на криминалитетот. (Милутиновиќ М., Криминологија,1985:104)

Во намера да се објасни зошто еден дел од младите луѓе избираат неконформистичко однесување отколку почитување на општествените норми, тој тргнал од три концепти:

1. културните цели кои заедницата им ги наметнува на младите:

2. од нормите со кои се сретнуваат при настојувањето тие цели да ги остварат, и

3. институционализираните средства што им се достапни во тоа настојување.

Тогаш кога младите ќе се сретнат со дискрепанцата помеѓу наметнатите цели (да се поседуваат одредени добра кои се статусни симболи) и недостапноста на легитимни средства (диплома за висок степен на образование, стекнато на некој престижен универзитет и вработување кое носи висока заработувачка) за нивно остварување, доаѓа до внатрешна напнатост или фрустрација, а потоа до кршење на норми и таквото однесување се означува како противправно.

Мертон инаку разликува четири облици на неконформистичко однесување: иновација, ритуализам, повлекување и побуна. Ова објаснување може да биде применето на многу случаи на криминално однесување на малолетниците, но како што со право наведуваат Тројановиц и Морас, не може да се објасни зошто сите поедници, на кои социјалниот статус не им овозможува постигнување на со култура наметнатите цели, не се одлучуваат на кршење на законот.

Клифорд Соу и Хенри МекКеј развиле учење за културна трансмисија и социјална дезорганизација. Проучувајќи ја дистрибуцијата на општествено несакани појави во Чикаго, тие создале „еколошка теорија" која објаснувањето на криминалитетот и делинквенцијата го бара во контекст на изменетата градска околина и еколошкиот развиток на градот. Идентификувајќи ги градските подрачја со крајните нивоа на стапката на криминалитетот, забележале неколку јасно издвоени еколошки градски подрачја поделени во пет концентрични зони во ширина од две милји помеѓу кои се наоѓале меѓузони.

Најголема концентрација на криминалитетот била во транзиционата внатрешна зона (населена со доселеници), сместена до бизнис-зоната, а се намалува кога се оди од центарот кон периферијата. Авторите заклучиле дека во преодните средини девијантните и конвенционалните вредности се натпреваруват. Децата во нив секогаш на улица можат да најдат престапник кој „успеал во животот" и кој им е потенцијален идол. Оттука, во тие средини се јавуваат малолетнички групи кои го кршат законот и затоа се судираат со владејачките норми на средната класа.

Со оваа теорија е поврзано и учењето на Едвин Сатерланд кој смета дека криминалното однесување се учи низ интеракција со другите лица и блиски групи, доколку во нив преовладуваат престапнички модели на однесување. Криминалитетот е резултат на диференцијалната асоцијација (различно

поврзување) со криминални и некриминални норми - личноста станува делинквент поради контактите со криминални обрасци, а, исто така, поради одвојување од анти-криминалните. Секој нужно ќе асимилира култура која го опкружува, под претпоставка другите обрасци да не го спречуваат во тоа.

Сатерланд наведува седум правила кои ја објаснуваат теоријата и можат да се сведат на неколку констатации: процес кој за последица има „систематско" криминално однесување, во суштина е ист како и оној кој резултира со почитување на правото; криминалното однесување е одредено со процесот на поврзување со оние кои вршат злодела, исто како што и спротивното (конформистичкото) однесување е поврзано со оние кои го почитуваат законот; шансите дека лицето ќе одбере криминално однесување се одредени со зачестеноста и цврстината со допирот со обрасците на таквото однесување.

Учењето на Мертон го развиле Ричард Клоуард и Лојд Охолин со својата теорија за достижните цели и структурата на избор. За нив, делинквентите се лица на кои не им се достапни легитимните средства за постигнување на со културата определени цели, додека нелигитимните средства им се достапни. Можност за успех кон кој се тежнее со нелигитимни средства зависи од околностите во кои се одвива девијантното однесување, па можат да се разликуваат три субкултури на млади: „криминална" (се појавува, главно, каде што постои организиран криминалитет на возрасните), „конфликтна" (настанува на подрачјата на кои младите не им даваат криминални репери и затоа нивното незадоволство се изразува преку насилството на малолетничките банди), и „повлекувања" (оние кои не успеале да постигнат успех ниту со легитимни средства, ниту успеале како припадници на злосторнички или конфликтни култури, се повлекуваат и создаваат групи чии припадници обично ги поврзува злоупотребата на дрога).

А. Кохен ја развива теоријата на делинквентна субкултура со која настојува да ја објасни појавата на делинквентните банди и нивната делинквентна активност. Тој поаѓа од ставот дека делинквентните банди и нивната субкултура настануваат поради неможноста на припадниците на пониските класи да ја прифатат и да се однесуваат во сообразност со културата и стандардите на средната класа. Поради фрустрацијата која се создава од неуспехот, тие го отфрлаат нормативниот систем на средната класа и се здружуваат со малолетници кои имаат слични проблеми. Така настануваат малолетничките банди, кои постепено

ја изградуваат својата субкултура чии битни елементи се внатрешната кохезија на членовите и агресивноста насочена кон изворот на фрустрацијата - средната класа и нејзините вредности и добра. Интересен е ставот на овој автор дека субкултурата на малолетничките банди се карактеризира со неутилитарност, злоба и негативизам (со тоа се објаснува и нивниот вандализам). Битни карактеристки се: тежнеење за постигнување на моментално задоволство (short run hedonism), разновидност на дејности и примарна лојалност кон членовите на бандата.

Теоријата на социјалниот интеракционизам или теорија на етикетирање во значителна мера се разликува од другите социолошки теории за криминалитетот. И таа тргнува од процесот на интеракција но тој процес го интерпретира поинаку. Интеракцијата, според преставниците на оваа теорија, се одвива меѓу оние кои се однесуваат девијантно и оние кои реагираат на тоа однесување оценувајќи го како девијантно и криминално. Во процесот на интеракција кој се остварува меѓу “оценувачите” и “оценуваните” доаѓа до етикетирање и стигматизација на вторите, кои поради жигот на девијантноста сè повеќе се отуѓуваат од општеството и неговите норми, често наоѓајќи засолниште кај на нив слични. На тој начин етикетирањето и стигматизацијата предизвикуваат продолжување на нивните девијантни и криминални активности.

Теоријата на општествена дезорганизација, криминалитетот го поврзуваат со големите општествени промени, дисхармонијата, конфликтите, неизедначениот развој на културата и сл., односно променетите вредности во едно дезорганизирано општество поради кои доаѓа до трка за богатство и лесна заработувачка.

Поновите социолошки сфаќања за малолетничката делинквенција го проучуваат влијанието на полот на криминалната активност на младите, како и економската маргинализација и социјалната дезорганизација. Учењата кои го проучуваат полот, тргнува од потребата да се споредат чинителите кои водат до криминална активност на момчињата и девојчињата. Џозефина Фигуеира Мек Донугх се занимава со објаснување на полесните кривични дела на малолетниците според влијателните криминолошки теории. Таа смета дека, теориите на општествен притисок не прават разлика во етиологијата на криминалните акти на момчињата и девојчињата, социјалниот статус на родителите, односот кон училиштето и

општествените норми, како и начинот на кој се гледаат себе си. И кај едните и кај другите предикторите се исти: припадноста на групата која е ниско позиционирана на социјалното скалило, низок степен на образование, недостапноста на легитимните средства, неуспехот во училиштето и високата социјална активност. Единствената разлика може да се забележи кај девојчињата е поврзана со училиштето: тие се агресивни, така што девојчињата кои се ориентирани на успех по секоја цена, се чини дека сè повеќе свртени кон криминалната активност поради тоа што им се блокирани другите патишта за истакнување. Значи, со таа разлика, причинските фактори за криминалитет се исти, без разлика на полот. Доколку причините кај повеќето типови на криминалитет се исти, логично е да се постави прашањето - зошто тогаш девојчињата во така мал број се регистрирани како сторители на кривични дела? Одговорот би можел да биде во фактот што тие се помалку упатени на кршење на законите од момчињата, меѓу другото и затоа што се помалку изложени на жигосување, или затоа што поретко од момчињата се сретнуваат со ситуации во кои им е оневозможен изборот. Оттука, во американската литература може да се наиде на гледиштето дека со изедначување на положбата на девојките со момчињата, ќе дојде постепено и до изедначување на криминалитетот на обата пола, не само по обем туку и по структурата на насилничките дела.

Една друга авторка, Меда Чеснеи Линд, смета дека вообичаен начин на реагирање на девојките на физичкото злоставување, вклучувајќи ја и сексуалната виктимизаација, е бегањето од дома. На улица тие развиваат стратегија на преживување кое вообичаено вклучува проституција и ситни дела на кражба, кои се во согласност со сексуалните стереотипи во јавноста.

Постојат и други објаснувања за криминалитетот на девојките од кои некои се базираат на старите модели на размислување, на пример дека во процесот на социјализација им се всадува мислење дека нивните проблеми се наоѓаат во нивната сопствена физичка и ментална дефектност. Ова верување ги води во самодеструктивно однесување или во трпење, наместо спротивставување на агресивноста и загрозувањето од страна на другите. Понатаму, постојат и гледишта кои се потпираат на концептот за себе: бидејќи луѓето не очекуваат девојчињата да го кршат законот, не се ни однесуваат во согласност со таквите очекувања. На крајот, со фактот дека лицата од женски пол помалку се појавуваат пред правосудните органи во својство на сторители на кривични дела, се смалува

и бројот на жигосаните девојки, а оттаму и помал број на оние кои себе си, се сметаат за престапнички.

Сфаќањето за економската маргинализација во извесна смисла ја разработува идејата на сопружниците Швендингер дека капиталистичкото општество стимулира пораст на криминалитетот. Така Нетлер смета дека во таквата заедница делуваат значајни социјални чинители кои предизвикуваат криминална дејност: физичката мобилност на голем број луѓе, пренаселеноста, отсуството на грижа за децата и злоупотребата на младите воопшто, како и влијанието на мас-медиумите. Фрајдеј и Хејџ наведуваат дека особената положба на малолетниците во општеството, директно предизвикува криминалитет на овие лица. Општествената структура ги изолира овие лица и оневозможува да се чувствуваат како дел од заедницата. Одвојувајќи ги од процесот на трудот и од другите клучни општествени текови во чија интеракција не учествуваат, адолесцентите се наоѓаат во состојба на аномија и се определуваат на криминално однесување. Во деведесеттите години голема група луѓе се најдоа во позиција на невработеност, што едновремено значи дека и легитимните средства им станаа недостапни. Голем број луѓе не можеа да ги плаќаат давачките за станарина, храна, режиски трошоци. Се спуштија на дното на општествената скала. Невработеноста предизвика и ширење на илегалниот пазар, особено на наркотици. Иако е тешко различните ситуации да се генерализираат, јасно е дека голем број на лица во таа работа е поради дезорганизираноста на општеството и потребата да обезбедат приход на каков било начин. Сето тоа влијаело врз вклученоста на младите во делинквентни однесувања. Проучувањата покажале дека во многу градски заедници, каде шансите за вработувања се многу мали, невработеноста доста присутна, жителите делат слична судбина. Проблем покрај невработеноста преставува и големата мобилност во тие заедници, поради што луѓето се чувствуваат како странци. Во таквите заедници се среќаваат неколку важни фактори на криминалитетот на малолетниците: недоволна контрола од страна на родителите, отсуство на контрола на локалната заедница каде луѓето се чувствуваат како странци, недоволно влијание на училиштата, и отсуство на адекватни социјални програми.

Како што може да се види од погоре напишаното, една од доминантните тенденции во опишувањето на криминалитетот на малолетниците во современата криминологија поаѓа од ставот дека наведените облици на социјалната

дезорганизација во одредени средини ја намалуваат можноста на заедницата да оствари контрола над однесувањето на младите луѓе, додека отсуството на можноста да се вработат во легален бизнис, ја зајакнува нивната мотивација да се свртат кон противзаконските дејности.

Овие гледишта во најголем дел се истражувани во американската заедница, па оттука, се поставува прашањето - дали таквите гледишта  можат да бидат релевантни за општества кои се наоѓаат во период на транзиција? Кога се работи за теоретските објаснувања кои се засновани врз индивидуалистички пристапи, не би требало да има дилеми. Но, нешто поинаква е ситуацијата со оние кои малолетничкиот криминалитет го гледат како резултат на социјалното опкружување. Ако земеме предвид дека најголем дел од транзициските земји го имат преземено либералниот модел на капитализам, кој е најкарактеристичен токму за Америка, и голем дел од специфичностите на кои американските истражувачи обрнуваат внимание (разбивањето на семејството и неговата контролна функција, невработеноста, аномијата, сивата и црна економија и сл.) се специфики и на општествата во транзиција, станува очигледно дека примената на овие теоретски гледишта е возможна. Значи применливоста на овие теории е многу поголема отколку што изгледа.

Она што треба да се нагласи кога се зборува за етиологијата на малолетничката делинквенција е дека во оваа време е анахроно да се бараат факторите на криминалитетот воопшто па и кај малолетниците, само во една група на чинители, било индивидуални или социјални. Повеќе од кога било и да е, потребно е да се интегрираат биолошката и психолошката склоност на поедини лица за вршење на делинквентни дејствија со средината која влијае таа склоност да се манифестира и во која форма тоа ќе се случи.

Пример на такво интегрирање дава МекКјур кој сумира неколку главни фактори што можат да се поврзат со криминалитетот на младите: антисоцијални склоности, верувања и когнитивно-емоционални состојби, поврзување со врсници кои се склони кон делинквентно однесување, фактори кои се однесуваат на темпераментот и личноста, а вклучуваат импулсивност, егоцентризам и непоседување на вештини за решавање на проблемите, разнородна историја на антисоцијалното однесување, семејна историја на криминално однесување, неоствареност на личен, образовен или финансиски план. (McGuire J. : 2004)

Бартолови ги класифицираат сите чинители на криминалитетот на малолетниците во две групи:

а) социјални (сиромаштија и класна припадност, искуства со врсниците, предучилишно и училишно искуство, семејно наследство, моделот на дисциплинирање применет од страна на родителите); и

б) индивидуално психолошки (психичка развиеност, хиперактивност и пореметување на вниманието, пореметување во поведението).

Исто така, како фактори на ризик се издвојуват: семејните прилики, неуспехот во училиште и со него поврзаното ниво на едукација, чинителите поврзани со состојбата на локалната заедница и личните/индивидуалните фактори.

## *III. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАНИОТ ПРОБЛЕМ*

### *1. Формулирање на проблемот*

Малолетничката делинквенција претставува сериозен општествен проблем. Доколку овој проблем биде разбран од заедницата во рамки на сета негова сериозност, тежина, опасност и долгорочни последици, дотолку е поголема можноста општествената заедница да се организира, мобилизира и да постигне поголема ефикасност во превенирањето и контролата на овој општествено-негативен феномен.

Општествено неприфатливото однесување на младите, по правило, секогаш го предизвикува вниманието на пошироката јавност, посебно на стручната јавност, за што впрочем, аргумент е и фактот дека токму ним им припаѓа истакнато место во системот на репресивното и превентивното реагирање против криминалните и пошироко девијантни појави.

Покрај универзалноста на овој феномен кој ја следи младината во времето и просторот, може да се констатира уште една законитост: во определени временски периоди делинквентните однесувања на младите имаат одредени специфични карактеристики, како во однос на обемот, така и во однос на видот на делата што ги вршат.

Малолетничката делинквенција е сериозен проблем со кој се среќаваат современите општества. Станува збор за малолетни лица кои сториле различни кривични дела, поради кои, против нив е покрената казнена постапка и е изречена некаква санкција.

Во глобални рамки, многу истражувања се направени на полето на малолетничката делинквенција од различни перспективи. Она што е воочливо кога зборуваме за ова појава е конфликтот помеѓу социолошкиот и психијатриско-психолошкиот пристап во објаснувањето на криминалитетот, особено при начинот на кој ги третираат поедините фактори како причинители за појавата на криминалитетот. Но, денес сѐ повеќе е присутен пристапот кон феноменот на малолетничката делинквенција од еден интердисциплинарен аспект, земајќи ги предвид сите аспекти на оваа појава. Концептот за појавата на малолетничката делинквенција се поставува врз доминантното влијание на личноста, нејзините

биолошки, физички, интелектуални, психички способности и карактеристики и нивното обликување под силното влијание на социјалните услови и средина во која живее, расте, се развива и формира личноста на малолетникот.

Во Република Македонија почнувајќи од периодот на распад на СФРЈ и осамостојувањето на Македонија се случуваат големи општествено-економски и политички промени кои го актуелизираат и прашањето на малолетничката делинквенција. Периодот кој е означен како транзиција, низ кој минува Република Македонија, се карактеризира со низа криминогени појави кои ја зафаќаат и младата популација со тенденција да заземат сè пошироки размери. Тешката економска криза, затворањето на поголем број индустриски објекти кои вработуваа илјадници луѓе доведе до пораст на невработеноста и големо осиромашување на луѓето. На тој начин голем број семејства останаа без приходи бидејќи едновремено и мажот и жената беа отпуштени од работа. За илустрација, денес околу 49515 семејства живеат од социјална помош која се движи од 2.140,00 до 5..308,00 денари. Затворањето, стеснувањето на пазарот и намалувањето на пласманот особено на земјоделските производи надвор од границата на државата ги доведе земјоделците во неповолна положба. Ова се истакнува поради фактот што Македонија особено некои нејзини региони се претежно земјоделски, региони во кои населението егзистира главно од земјоделието.

Во областа на социјалните односи, транзицијата доведе до распаѓање на образовниот општествен систем, кој постепено го губи карактерот на бесплатно образование, ориентација кон формирање на приватни универзитети и средни училишта, и со воведување на школарина како на државните, така и на приватните образовни институции. Сè повеќе се чувствува продорот на комерцијализацијата во образовниот систем, во издавачката дејност што ги ограничува можностите на учениците и студентите лесно да дојдат до книги, учебници и учебни помагала. Во ваква ситуација, учителите и професорите, во трката по пари и материјални добра ја заборааат својата воспитно-педагошка должност и обврска, на тој начин воведувајќи корупција во образовните институции. Ова доведува до опаѓање на квалитетот на образовниот процес. (Арнаудовски Љ, 2007:21)

Во услови кога голем процент од населението живее во сиромашни услови се одразува на општествената положба на младите, кои не можејќи да се помират со неа, реагираат на неадекватен начин преку неприфатливо однесување.

Кога за овие промени зборуваме како за процеси со криминогено значење, за криминалитетот воопшто, а посебно за криминалитетот кај младите, бидејќи, смислата на поимот „транзиција" инаку треба и може да значи прогресивен процес на развој, кај нас не се случи, бидејќи од една претходна состојба во која постоеше среден политички и правен систем, сигурност во економското и социјалното живеење, почна да се остварува како ретрограден процес на назадување, стагнација и отсуство на развој во сите области од животот, што сè заедно во науката добива значење на етиолошки фактор за настанување на криминалитетот воопшто и на криминалитетот кај младите посебно, бидејќи се покажува дека младата генерација е многу почувствителна на ваквите промени, затоа што тие многу посилно и разурнувачки влијаат врз нејзината положба и целокупен активитет. (Арнаудовски Љ., 2007:18)

Она што загрижува денес е позачестениот пробив на наркоманијата и алкохолизмот во животот на младите и тие стануваат придружен елемент на делинквентното однесување. Нашата земја се соочи со сериозна ерозија на моралот, која значеше напуштање на општоприфатените човечки и цивилизациски вредности, напуштање на професионалниот морал и вредности и, пак, сè во името на стекнување на профит и богатство до степен на масовна криминализација на истиот. Особено е присутно ширењето на социо-патолошките појави и нивно тесно надоврзување со криминалното однесување. Проституција, трговија со луѓе, злоупотреба на droги и други психотропскии супстанции со криминалитет во доаѓањето до овие појави, чести кражби и разбојништва и сл.

Овие, во основа социјални димензии на периодот на транзиција во Република Македонија влијаат врз однесувањето на младите и појавата на малолетничката делинквенција.

Ова ја наметнува потребата за посериозен, мултидисциплинарен приод на повеќе општествени чинители и институции за рано откривање на малолетничката делинквенција и нејзино рано превенирање.

И најскромниот успех постигнат на овој план ќе значи исчекор напред во проучувањето на овој проблем и обидите за негово разрешување.

## *2. Предмет на истражувањето*

Малолетничката делинквенција постојано се наоѓа во центарот на вниманието на општеството и ги покренува сите негови механизми, пред сѐ поради потребата на секое општество да се заштити од таквите однесувања, да се заштитат добрата што се создават во општеството, правата и слободите на граѓаните и другите општествени вредности. Постојат одредени специфични и посебни причини и услови, поврзани со етиологијата и феноменологијата на оваа појава, кои бараат и налагаат далеку поголемо ангажирање и интерес на општеството во нејзиното превенирање, спречување и борба против оваа појава. Зголемениот интерес и ангажман на општеството се согледува и од аспект на специфичната биопсихолошка и социолошка природа на неговите актери, учеството на младата генерација, на младината во неа. (Љ. Арнаудовски, 1981:6).

Младината е генерација што се воспитува во пазувите на своето општество, што доаѓа, што отвора нови перспективи, му дава нови импулси на развојот, отвора пат на новото и прогресивното, што обезбедува постојано движење напред. По својата биопсихолошка природа таа е отворена и флексибилна, чувствителна на проблемите во општеството, таа е вистински барометар на социјалните ситуации и состојби во општеството. Во општество во кое се срушени, старите односи и норми создадени врз традицијата, системот на вредности и мислењето затоа што не му одговара на новиот начин на живеење, во општество во кое техниката ги натера луѓето да живеат побрзо и подинамично, а тие не покажуваат способност за така брза адаптација и способност да го прифатат новото, во едни такви и променети услови на живеење, младите се изложени на најголеми промени.

Во еден таков општествен контекст, кој е означен како период на транзиција се наоѓа нашето општество, период на длабоки промени што се случија во општеството. Периодот на транзација започна од 1991 година и за жал сé уште трае. Длабоката општествена преобразба доведе до низа негативни импликации од кои, за проблемот што го елаборираме најзначајни се: големата невработеност и осиромашување на голем слој од граѓаните, од кои еден дел не е во состојба ни да ги задоволи егзистенцијалните потреби, нарушување на системот на вредности, противречност на стандардите и моделите на однесувањето, уривање на старите и создавање на нови норми и слично. Станува збор за ситуации кои на индивидуално ниво доведоа до бесперспективност, немоќност, особено кај

младите, чувство на загубеност, ситуации на трајна фрустрација, накусо, ситуации, кои влијаат на делинкветното однесување на младите. (В. Чачева, 2007:89)

Испитување на влијанието на општествените фактори (сиромаштвото, семејството со сите негови особености, групата на врсници, училишната средина и нивото на образование, алкохолизмот, наркоманијата и слободното време) врз формирањето на профилот на малолетните делинквенти во Струмичкиот регион ќе биде основниот предмет на истражување во овој труд.

### *3. Цели на истражувањето*

Целите на истражувањето произлегуваат од проблемот кој се испитува. Ако проблемот на ова истражување го формулираме како испитување на влијанието на општествените фактори врз формирање на профилот на малолетните делинквенти во Струмичкиот регион, ***општа цел*** би била:

***- да се определи дали општествените фактори (сиромаштвото, семејството со сите негови особености, групата на врсници, училишната средина и нивото на образование, алкохолизмот, наркоманијата и слободното време) влијаат врз појавата на малолетничката делинквенција во Струмичкиот регион.***

**Посебни цели** на ова истражување се:

***- да се испита влијанието на сиромаштијата врз појавата на делинквентното однесување на младите во Струмичкиот регион,***

***- да се испита влијанието на семејството со сите негови специфики (комплетност и функционалност, семејната атмосфера и односите во семејството, материјалната положба) врз појавата на делинквентното однесување на младите во Струмичкиот регион,***

***- да се испита влијанието на училиштето врз појавата на делинквентното однесување на младите во Струмичкиот регион,***

***- да се испита влијанието на нивото на образование врз појавата на делинквентното однесување на младите во Струмичкиот регион,***

***- да се испита влијанието на групата на врсници врз појавата на делинквентното однесување на младите во Струмичкиот регион,***

***- да се испита влијанието на слободното време врз појавата на делинквентното однесување на младите во Струмичкиот регион,***

***- да се испита влијанието на алкохолизмот и наркоманијата врз појавата на делинквентното однесување на младите во Струмичкиот регион,***

**Практичната цел** *на истражувањето е овозможување на нови сознанија за профилот на малолетничката делинквенција во Струмичкиот регион и за општествените фактори кои влијаат на делинквентното однесување на младите во овој регион. Овие нови сознанија ќе придонесат кон унапредување на праксата односно ќе биде унапредена работата на стручните служби во Центрите за социјална работа од аспект на третманот на малолетните делинквенти.*

**Општествена цел** *на ова истражување е да овозможи со новите сознанија кои ќе се добијат, порационално и посоодветно да се насочи акцијата на општеството за откривање на причините на малолетничката делинквенција и кон сузбивање на оваа појава, а со тоа и на криминалитетот воопшто.*

**Научната цел** *на ова истражување е добиените нови сознанија за општествените фактори (сиромаштвото, семејството со сите негови особености, групата на врсници, училишната средина и нивото на образование, алкохолизмот, наркоманијата и слободното време) и нивното влијание врз појавата на малолетничката делинквенција во Струмичкиот регион да придонесат во напредокот на науката, да се определи колку и кои од непосредните општествени фактори имаат најголемо влијание врз појавата на делинквентното однесување на младите и да овозможат заклучоците и препораките кои ќе бидат дадени во трудот да претставуваат основа во креирањето на новите политики и програми за превенцијата и заштита на малолетничката делинквенција. Струмичкиот регион е особено атрактивен поради неговата економска развиеност, но и поради местоположбата на регионот, на меѓудржавните граници на нашата земја со Република Бугарија и Република Грција. Ова особеност на регионот го прави доста посетен,*

*туристички атрактивен и претставува транзит на оние кои патуваат кон Турција, Бугарија и Грција.*

**4. Задачи на истражувањето**

*Од поставените цели произлегуваат и задачите на истражувањето:*

*- дали делинквентното однесување е присутна појава кај малолетните лица;*

*- кои од општествените фактори кои ги испитуваме најмногу се присутни кај малолетните делинквенти од Струмичкиот регион;*

*- кои девијантни поведенија се среќаваат кај малолетните делинквенти во Струмичкиот регион;*

*- кој е профилот на малолетни делинквенти во Струмичкиот регион кој се формира под влијанието на општествените фактори кои ги испитуваме;*

*- дали делинквентното однесување е повеќе присутно кај девојчињата или момчињата од Струмичкиот регион;*

*- дали малолетните делинквенти се склони кон повторување на делинквентните активности;*

*- дали семејството на малолетниот делинквент е комплетно и функционално;*

*- каква материјалната положба на семејствата на малолетните делинквенти;*

*- дали малолетниот делинквент посетува редовно училиште;*

*- дали групата на врсници влијае врз делинквентното однесување на младите;*

*- дали слободното време на малолетните делинквенти е организирано или неорганизираноста е поврзана со пројавување на делинквентно однесување;*

*- дали алкохолизмот и наркоманијата се карактеристични појави кај малолетните делинквенти;*

*- кои и какви мерки државата треба да презема за превенција на малолетничката делинквенција;*

*- дали мерките што се преземат и институциите кои се грижат за превенцијата и заштитата на малолетницката делинквенција се доволни;*

*- дали општеството посветува доволно внимание на проблемот на малолетничката делинквенција;*

*- колку Законот за малолетничка правда ја подобрува превенцијата и заштитата на малолетничката делинквенција;*

*- колку Центрите за социјална работа се спремни за вклучување во имплеметацијата на Законот за малолетничка правда.*

## *5. Хипотези на истражувањето*

Врз основа на општиот пристап на проблемот на истражување: влијанието на општествените фактори врз формирањето на профилот на малолетните делинквенти, и притоа земајќи ги предвид поставените цели и задачи ја поставуваме следната ***општа хипотеза***:

*Непосредните општествени фактори (сиромаштвото, семејството со сите негови особености, групата на врсници, училишната средина и нивото на образование, алкохолизмот, наркоманијата и слободното време) влијаат врз појавата на делинквентното однесување на младите во Струмичкиот регион*

***Посебни хипотези:***

1. *Сиромаштвото влијае на појавата на делинквентно однесување кај младите во Струмичкиот регион;*
2. *Лошата семејна атмосфера и несредените семејни односи влијаат врз појавата на делинквентното однесување на малолетниците во Струмичкиот регион;*
3. *Нискиот материјален статус и лошите станбени услови на живеење на малолетниците влијаат врз појавата на малолетничката делинквенција во Струмичкиот регион;*
4. *Групата на врсници влијае врз појавата на делинквентно однесување кај младите во Струмичкиот регион;*

5. *Незаинтересираноста за училиштето и прекинот на образовниот процес влијае врз појавата на малолетничката делинквенција во Струмичкиот регион;*
6. *Делинквентното однесување на младите од Струмичкиот регион зависи од успехот во училиштето;*
7. *Наркоманијата, алкохолизмот кај малолетниците влијае за појава на делинквентното однесување кај младите во Струмичкиот регион;*
8. *Неорганизираноста на слободното време влијае врз појавата на делинквенттното однесување на малолетниците во Струмичкиот регион.*

### *6. Димензии на истражувањето*

Истражувањето ќе се изврши на територијата на поранешна струмичка општина од која произлегоа четири новоформирани општини - Василево, Босилово, Ново Село и Струмица. Сите овие општини влегуваат во Струмичкиот регион. Градот Струмица е главната урбана средина во Струмичкиот регион. Сите институции за овој регион се сместени во градот Струмица. Центарот за социјални работи, претставува важна институција од аспект на следење и превенција на малолетничката делинквенција и институција што води статистика и води досие за секој малолетник со делинквентно однесување.

За потребите на овој труд ќе бидат детално анализирани досиејата на пријавените малолетници во Центарот за социјална работа во Струмица.

### *7. Методи и техники на истражувањето*

Природата на предметот на истражувањето, научните цели, задачите и хипотезите бараат одредени методи и техники на истражување.

Во истражувањето ќе го користиме интегративниот пристап.

За прибирање на податоци за поставениот проблем и поставените цели и за тестирање на поставените хипотези ќе користиме нереактивно истражување, секундарна анализа и анкетно испитување.

Како нереактивни техники ќе бидат користени: содржинска анализа на досиејата на малолетните делинквенти евидентирани во Центарот за социјална работа во Струмица, постоечка статистика со која располагаат институциите кои водат статистика од областа на социјалната заштита, документи и секундарни анализи, анализи на Министерство за правда во однос на имплементацијата на Законот за малолетничка правда и имплементацијата на сите постоечки политики поврзани со малолетничката делинквенција, емпириски, истражувачки резултати и други сознанија кои ги имаат Центрите за социјална работа, анализа на билтени и други документи кои се однесуваат на социјалната заштита и малолетничката делинквенција.

Во анкетното истражување ќе се користи полустандардизиран разговор со:

- стручниот тим (психолог, педадог, социјален работник и правник) во Центарот за социјална работа во Струмица;

- стручните работници во Заводот за социјална дејност кои работат на малолетничката делинквенција;

- одговорниот службеник кој работи на превенција на малолетничката делинквенција во Министерството за труд и социјална политика;

- претставникот на Министерството за правда во Државниот совет за превенција на малолетничкото престапништво;

- психологот во 3 средни и 3 основни училишта во градот Струмица.

Ќе бидат анализирани досиејата на евидентирани малолетни делинквенти во Центарот за социјална работа во Струмица од 2000-2004 година и од 2008-2010 година. Овој период е избран за да се направи споредба на состојбата пред и после донесувањето на Законот за малолетничка правда и ефектите од мерките за превенција и заштита на малолетничката делинквенција опфатени со законот. Анализа ќе биде направена на вкупно 60 досиеја од споменатиот период.

## *8. Анализа и систематизација на општествените фактори и нивно влијание врз формирање на профилот на малолетните делинквенти*

Македонското општество веќе две децении се наоѓа во период на транзиција, на промени и развој. Станува збор за транзиција на правните, политичките,

економските, стопанските, социјалните, социокултурните односи на општеството во друг вид облик на односи.Во политичките односи се напушта организацијата и функционирањето на државата што се одредуваше како социјалистичка, самоуправна во рамките на југословенската федерација, како федеративна единка. Тоа значеше напуштање на системот што политички функционираше врз идејата на општествена сопственост на средствата за производство и капиталот, врз самоуправување на работниците, врз солидарност. Во политичка смисла општеството кое почиваше и функционираше врз еднопартиски политички систем, со елементи на тоталитарен еднопартиски систем.

Во правна смисла, напуштање на правниот систем според кој организацијата на државата и правните институции функционираат врз принципот на единство на власта како последица на еднопартијноста на политичкиот систем. Напуштањето на овој правен систем и организација и функционирање на државата, се заменува со правен систем во кој организацијата на државата е поставена врз принципот на поделба на власта, повеќепартиски политички систем, Собрание како највисок законодавен орган составен од преставници на повеќе политички партии, избрани на слободни, демократски, тајни избори. Државата се организира и функционира како правна држава со доминантно значење на начелото на законитост и легитимитет, како основа на заштитата на слободите и правата на човекот, еднаквост без дискриминација по било кој основ.

Во економско-стопанска смисла, организација и поставување на стопанскиот систем врз приватна сопственост како доминантен облик на сопственост на капиталот и средствата за производство со почитување на другите облици на сопственост со ориентација на напуштање на општествениот облик на сопственост, со приватизација на истиот и функционирање на стопанскиот систем врз слободно делување на економските законитости на пазарот, на капиталот и профитот како негово оплодување и општиот развој.

Базичните општествени-економски односи во општеството, предизвикаа длабоки промени и во социјалните односи во општеството. Тие се изразија како длабоки промени во социјалната структура на општеството со изразити процеси на социјална деференцијација со изразито раслојување во насока на масовното распаѓање и осиромашување на масите со едновремено издвојување на еден тесен слој на богати луѓе како нови капиталисти, богаташи.

Транзиционите процеси што се одвиваа со динамиката која не можеше доволно да се контролира, во сите подрачја од општествените односи, остави тешки последици што во крајна линија имаа одраз на појава на девијантни појави од различен вид.

Новите состојби во политичките и правните односи имаа за последица, дезорганизација и нефункционирање на државниот апарат, на министерствата како извршна власт и нивните органи и институции. Таквите состојби доведуваа до празнини и вакуум во примената на правото и правните прописи, на безаконие и самоволие, државниот апарат живееше, постоеше и делуваше со сите елементи на дезорганизација. Тоа допринесе општествената дисциплина да падне на многу ниско ниво, почитувањето на правото не постоеше, а моралните принципи од претходното општество се напуштија и почнаа да се создаваат нови облици на однесување, нови морални вредности и норми, што почиваат на моралот и етиката на капиталот, профитот, приватната сопственост, експлоатацијата, богатството како единствена вредност врз кои се одредуваа социјалниот статус на човекот, а парите станаа средство за одредување на сите етички и морални вредности, со парите почна да се купува сѐ.

Новите состојби најтешко ја погодија младата генерација. Животот во еден несигурен но динамичен свет, кој битно ја менува положбата на младите, кај нив внесе страв од иднината. Како инаку да го објасниме така големото напуштање на нашата земја од младите луѓе и барање живот и перспективи некаде надвор, во други земји. При таа состојба, голем дел од младата генерација, својот работен век многу подоцна, што инаку значи ослободување од должности кои на определена возраст мора да се прифатат, предолго се задржуваат на факултетите и во училиштата и многу доцна стапуваат на животната сцена.

Социјализацијата на младата генерација се остварува низ многу противречности, низ многуте деформации низ кои функционира системот, нивното бавно или неадекватно разрешување, острото економско диференцирање и живот во сиромаштија на многу млади луѓе и мал број од нив на кои родителите им овозможуваат да живеат раскошен живот без сопствен придонес во тоа, самотија на градското живеење, стекнување на материјални добра без избор на средства и методи, поседување на материјални добра и запоставување на духовните вредности, напуштање на системот на морални вредности кој го поднел

вреднувањето на цивилизацискиот развој и останале нечепнати, живеење во прокламации и пароли, без создавање вистински вредности како во материјална, така и во духовна сфера.(Група автори, 2007:38)

Криминогени фактори претставуваат сите оние околности и влијанија кои преку своето заемно и поврзано етиолошко делување го предизвикуваат криминалното поведение. да се осветлат определени врски и односи во тие поделби често се заборава Се појавуваат тогаш кога треба да се направи поделба на овој широк комплекс на криминогени влијанија. Во таа смисла се правеле и се прават бројни поделби, кои во основа тргнуваат од сосема исправни појдовни критериуми. Мегутоа, во настојувањето на целината на каузалната и детерминистичката условеност. Во настојувањето да не се испушти овој важен аспект на прифатената концепција за широчината на детерминистичката условеност на криминалните поведенија, во што, се разбира, доминантно место и припаѓа на каузалната условеност, се чини дека најадекватна поделба е онаа што ги дели криминогените фактори на: фактори од социоген карактер и на фактори условени од внатрешната психичка детерминираност на криминогеното однесување.

Основен предмет на истражувањето на овој труд е влијанието на општествените фактори врз формирање на профилот на малолетните делинквенти со посебен акцент на Струмичкиот регион.

За подобро разбирање и осознавање на овој проблем потребна е добра анализа и комплетна систематизација на сите оние општествени фактори кои можат да придонесат до пројавување на делинквентно однесување на децата и младите.

Најпогодна е систематизацијата направена од Милутиновиќ на непосредните социогени фактори во пет основни групи, поделба која е широко прифатена и ги дели непосредните социогени фактори на: ( М. Милутиновиќ, 1985:325)

- општествено-економски фактори;
- политичко-идејни фактори;
- микрогрупни фактори;
- влијание на другите социо - патолошки појави на јавувањето на криминалитетот;
- останати криминогени влијанија.

Сите овие фактори се јавуваат како основни детерминанти на појавата на криминалната дејност и некои од нив повеќе влијаат, некои се со помало влијание, но главно сите овие се значајни во проучувањето на малолетничката делинквенција. Науката ја дава оваа поделба за да може врз основа на анализата на овие фактори да утврди кои имаат најголемо влијание врз појавата на малолетничката делинквенција и врз основа на овие сознанија да се креираат превентивните мерки и политики.

Но, ние во овој труд нема да ги анализираме сите овие фактори, туку нашето внимание ќе биде насочено кон проучување и анализа на сиромаштвото и економските кризи, влијанието на семејството со сите негови особености, влијанието на групата на врсници, влијанието на училишната средина и нивото на образование, алкохолизмот, наркоманијата и слободното време. Преку анализата на овие фактори, ќе се обидеме да го покажеме нивното влијание врз формирањето на профилот на малолетниот делинквент, а фокусот на истражувањето како што претходно е споменато ќе биде во Струмичкиот регион.

Анализата на општествените фактори бара нивна систематизација во секоја од споменатите групи. Како општествено-економски фактори се јавуваат:

- индустрализацијата и урбанизацијата;
- економските кризи и стопански депресии, сиромаштвото, богатството.

*Како политичко-идејни фактори се јавуваат:*

- војната, воени конфликти;
- средствата за масовна комуникација (телевизијата, печатот, филмот);
- религијата.

*Како микрогрупни фактори се јавуваат:*

- влијанието на семејството;
- влијанието на училишната средина и нивото на образование.

*Покрај овие фактори на појавата на малолетничката делинквенција и пројавувањето на делинквентното однесување на децата и младите влијаат и социопатолошките појави како што се* - проституцијата, алкохолизмот, наркоманијата.

И секако, како последни, но секако не најмалку важни кога станува збор за нивното влијание врз појавата на малолетничката делинквенција се:

- слободното време како фактор кој влијае врз појавата, но и врз превенцијата на малолетничката делинквнција.

### *8.1. Општествено-економски фактори*

#### *8.1.1 Влијанието на економските кризи и стопански депресии врз појавата на малолетничката делинквенција*

Економските кризи и стопанските депресии претставуваат погодно тло за вршење на делинквентни поведенија. Таквите состојби носат економска несигурност, голем скок на цените и општа несигурност, невработеност и осиромашување на населението. Главна последица од сето тоа е отсуство на општествена свесност и општествена дисциплина како и недоволно цврсти морални начела, кои се јавуваат како дезорганизирана колективна свест. Во такви околности како извршители на недозволени поведенија кои се карактеризираат со особена агресивност, свирепост и бруталност се јавуваат и оние лица кои обично не се склони кон порочно, а камоли кон криминално однесување. Тоа се лица со послаба моќ на контрола во регулирањето на своето поведение и во вакви нарушени ситуациони околности ја симнуваат својата маска на чесност и човечност и се раководат исклучиво според девизата на нужноста и сопствен опстанок по секоја цена.

Искуствата на сите земји од поранешна Југославија, кои нагло се најдоа во ситуација на огромни промени на општествено-економската структура (т.н. транзиција) во кои спаѓа и нашата држава, покажаа дека наглите промени во ова сфера се значаен извор за појава и пораст на делинквентните поведенија. Во такви околности како главен проблем се јавува трансформацијата на општествената во приватна сопственост, која нужно е проследена со негативни појави што ја следат бескомпромисната борба за брзо и енормно богатење. Во оваа сфера и нашата држава ќе остане како историски пример за грандиозно царување на криминалитетот кој одделни гарнитури и поединци од власта, како и луѓе блиски на владејачките структури, направија тотален `ршум во државата, неказнето разграбувајќи го сето она што можеше да се разграби. Од друга страна, ваквиот однос на власта кон сè што е општествено, не можеше, а да нема

негативен одраз кај граѓаните, кои, носени од сознанието за растечкиот криминал на „белите јаки", неочекувано се најдоа соочени со сопствената маргинализирана позиција и реалниот страв за својата сигурност и материјална егзистенција. Нивната реакција уследи како протест, како бунт, секогаш проследен со голема доза на интимно оправдување на сопствениот акт: „ако некои можат да грабат многу, зошто јас да не можам да земам барем малку". И парадоксот да биде поголем, во услови на зачестено вршење на кривични дела, покрај умножувањето на можностите за брзо и лесно збогатување, во прилог на таквото однесување се јавува и намалувањето на ризикот за нивно откривање.(3. Сулејманов, 2003:690)

Многу истражувања го поткрепуваат ставот дека нискиот економски статус во голема мера влијае на појавата на делинквентно однесување кај младите односно економските кризи имаат големо влијание врз зголемувањето на делинквенцијата кај малолетните лица. Засиленото осиромашување на поголемиот дел од населението доведува секогаш до психолошка несигурност и немоќ што е проткаена со чувство на понижување на личноста и достоинството, што е силен мотив тие поединци од осиромашениот дел на општеството што се наоѓа во економска криза, да немаат јака причина своето однесување да го одржат во рамките на законските норми (Алексоски С.,1997:35)

### *8.1.2 Влијанието на сиромаштвото и богатството врз појавата на малолетничката делинквенција*

Сиромаштвото е тешко, зашто патот по кој оди секогаш води покрај отворената бездна на бедата во која секој момент може да се падне. Сиромаштвото меѓутоа може да биде и вредност, нешто добро и корисно, тврдат некои филозофи. „Сиромаштвото ја челичи човековата енергија. Кога многу му се помага на човекот, неговата волја слабее, заболува. Секогаш е подобар оној пливач кој помалку се служи со појас за спасување". (3. Сулејманов, 2003:701) Но, ваквите тврдења треба секогаш да се земат со доза на резерва и секогаш да се има предвид дека како што богатството во одредена мерка има негативно влијание, така е и со сиромаштвото, и обратно, позитивните аспекти не се исклучени исто така во двете појави.

Сиромаштвото секогаш предизвикува загриженост, деморализација, разочарување и очај, заради неможноста да се задоволат основните животни

потреби. Многу семејства стануваат нестабилни, родителите со тоа го губат авторитетот и способноста да ги обавуваат воспитните процеси кај младото поколение, што од друга страна создава воспитен вакуум што е добра подлога младите да примаат негативни влијанија од средината. ( Јашовиќ Ж.,1983:238)

Осиромашувањето особено влијае на порастот на имотните деликти. Со економските кризи секогаш доаѓа и до зголемување на невработеноста, што исто така влијае на материјалната неспособност, овозможува младите да располагаат со многу непополнето време, во кое честопати чувствувајќи се отфрлени од општеството вршат разни делинквентни активности, изразувајќи го на тој начин револтот кон општеството.

Од друга страна иако за младите не толку карактеристичен криминалот на „бели јаки", што се изразува низ проневери, затајување на данок и други кривични дела, сепак постепено кај младите кои се сведоци на полулегалното збогатување на некои поединци кои имаат одредена поповолна положба во општеството, сè повеќе ја губат смислата за правење на разлика што е чесно, а што криминално, што е дозволено, а што не. На тој начин за нив високиот материјален стандард и статус во општеството стануваат најважни вредности без притоа да се бираат средствата за остварување на ваквата цел. Исто така, тоа придонесува кај дел од нив да се формира убедување дека со помалку работа, а со повеќе снаодливост, а притоа не е важно нивото на образование многу полесно се стекнува богатство, бидејќи пред нивни очи некои поединци се збогатуваат на тој начин. Овде се губи позитивниот став кон работата и трудот и кон образованието што секако има последици во нивниот понатамошен развој. Кај девојчињата немањето на материјални средства во семејството, а посакувајќи убав и живот исполнет со благосостојба, во услови кога е ослабнета контролата на семејството може да ги однесе на патот на проституцијата.

Колку негативно влијае сиромаштвото исто толку негативно може да влијае и богатството. Честопати се случува родителите презафатени со стекнување или одржување на материјалното богатство да немаат време да им посветат на своите деца, немаат време да разговараат со нив, да ги посоветуваат или да им искажат љубов, па сето тоа го заменуваат со пари, давајќи им толку многу пари на своите деца што сакајќи да направат добро всушност го прават спротивното. Детето ја губи реалната вредност на парите, што ќе посака му е дозволено, го

губи интересот за малите, евтини задоволства во неговиот детски живот, а со тоа ги губи или ги заменува вистинските вредности во општеството. Таквите деца често пати пребрзо ги иживуваат работите и постојано се по потрага на нови задоволства, што може да ги однесе кон асоцијални или делинквентни однесувања.

Неколку направени истражувања кај нас по осамостојувањето на Македонија покажаа дека голем дел од децата на ново стекнатите богаташи се длабоко навлезени на патот на дрогата и алкохолот. Такви податоци покажаа резултатите од истражувањето (скрининг тест) направено во средното државно училиште „Јане Сандански“ од Струмица. Ова истражување беше во рамките на проектот „Превенција од злоупотреба на droги кај младата популација“, проект реализиран од страна на невладината организација „Организација на жени-Струмица“, во 1998 година.

Во општество во кое сè помалку се води сметка за работата како основна должност, почитувањето на туѓиот труд, наградувањето спрема вложениот труд, грижа за човекот како најголема вредност на општеството, и сето тоа се заменува со неодговорен однос кон општествениот имот, злоупотребата на положбата, моќта и позицијата за лична корист, трка за повисок материјален стандард не бирајќи ги средствата за остварување на својата цел, непочитувањето на основните вредности во општеството, неправење разлика помеѓу морално и неморално, во едно такво дезорганизирано и анемично општество не можеме, а да не очекуваме зголемување на делинквентните поведенија кај младите со оглед на тоа што се сеуште неоформени личности, и како такви тие се многу поподложни на лоши влијанија.

## *8.2. Микрогрупни фактори*

### *8.2.1 Влијанието на семејството врз појавата на малолетничката делинквенција*

Во модерната криминолошка литература ниеден друг општествен фактор не е толку истакнуван во врска со криминалитетот, колку семејството. Главните причини за тоа најверојатно се во владеењето на психоаналитичките концепции во западните земји и нивниот продор во сите подрачја на криминологијата, а особено во подрачјето на малолетничката делинквенција.

Семејството, како микро-социјален систем, е група во која се остваруваат најнепосредните односи меѓу неговите членови. Така Н. Род наведува дека: „во семејството се одвива пообемна и посложена интеракција отколку во другите групи, а поради тоа постојат поблиски и поразвиени односи меѓу сите членови на семејството”.

Развиената интеракција и развиените односи се значајни за сите членови на семејството, а од посебна важност се за формирање на личноста на детето. Адекватноста на семејните односи се гледа од степенот на учество во формирањето на правилно ориентирани и сестрано развиени потенцијални и лични особини на детето.

Семејството е неминовна средина на детето во која спрема различните влијанија се обликува личноста на детето во поширока смисла. Од многубројните дефиниции за семејството, најприкладна за разгледување на проблематиката од оваа област е дефиницијата на М. Младеновиќ - „дека семејството е биолошко и социјално заедништво втемелено во склад со важечките општествени норми”.

Семејството игра инзворедно значајна трансмисиона улога во социјализацијата „на личноста, поврзувајќи го примарниот семеен свет на своето семејство со светот надвор од семејството и обратно, внесувајки во семејните односи позитивни вредности на целокупниот општествен систем во кој живее”.

Семејството како општествена заедница има многукратни обврски и функции кога се во прашање младите, нивниот развој и формирање. Покрај обезбедувањето материјални и други објективни услови за живот на младите, семејството се јавува и како една од примарните општествени групи во кои се одвива процесот на воспитување и социјализација на младите.

Семејното воспитание е прво воспитание кое општеството го дава на детето. Семејството е место на првите социјални допири, извор на првите поими за светот, околината, животот. Семејството е прво училиште на моралните и социјалните чувства. Силата на влијанието на семејството врз младата генерација произлегува од едно битно обележје, а тоа е ненамерното (функционално) влијание кое е резултат на севкупниот начин на животот на семејството, што значи да произлегува од непосредните односи на сите нејзини членови, па во рамките на семејниот живот е делотворен педагошкиот процес.

Зголемениот обем на обврски и функции успешно можат да се остварат само во усогласени и функционално адекватни семејни заедници. Наспрема тоа, семејствата во кои доаѓаат до израз различни елементи или облици на структурална разореност и функционална дезорганизација стануваат центар на девијантни притисоци, кои се манифестираат и преку делинквентно однесување на младите членови. Оттука, со право, владее општото уверување дека објаснувањето на делинквентното однесување на младите не може да се замисли без согледување на негативните услови и влијанија на кои тие се изложени во својата семејна група.

Меѓутоа во врска со ова до израз доаѓаат и одредени едностраности, па и претерувања. Една од таквите слабости е содржана во настојувањето семејството и неговото криминогено влијание да се третира изолирано, надвор од дејствувањето на другите општествени појави и општествени законитости. Таквата ориентација го запоставува фактот дека карактерот на семејниот систем и неговото функционирање во голема мера се условени од влијанијата на глобалното општество. Со што инаку би се можеле да се објаснат промените кои семејството како микро-социјален систем ги доживувало во текот на историјата, трансформирајќи се од еден вид организирање и односи во друг.

Кога е во прашање нашето современо семејство, од особено значење е да се има предвид фактот дека под влијание на силните промени што се случуваат во нашето општество, настануваат промени односно тие се рефлектираат и врз семејниот живот. Периодот на транзиција или периодот на длабоки промени како што се: преминот од договорна во пазарна економија, преминот од еднопартиски во повеќепартиски политички систем, промени во сферата на сопственоста со доминација на приватната сопственост, реструктуирање на стопанството и драстични промени во општествената структура не можат, а да не се рефлектираат и врз семејниот живот. Големата невработеност и осиромашувањето на поголем дел од населението кое не е во состојба да ги задоволи основните егзистенцијални потреби, противречностите на стандардите и моделите на однесување, уривање на старите и создавање на нови норми, сето тоа негативно се одрази на семејството и на семејниот живот.

Сите тие промени гледано од друга перспектива имаат за резултат и осовременување на семејството, кое се изразува преку изменетата општествена

улога на семејството, квалитетно поинакви семејни односи, па и односите меѓу родителите и децата.

За правилна социјализација на детето - личноста, неопходна е социјализација на семејството. Нашето семејство е распнато помеѓу сопствениот традиционализам, конзервативизам и тежнението да се прифати она што го носи сегашното време. Под влијание на општествените процеси што се определуваат како индустријализација и урбанизација, проследени со миграции од село во град, се јавуваат процеси што ја нарушуваат внатрешната интеграција на семејството и го отежнуваат процесот на социјализација на децата. Проблемот на комплементарната и растурената структура на семејството, семејната атмосфера и начинот на живот на семејството, се фактори што се предмет на истражувања кои покажуваат дека се од значење за правилна социјализација на децата, а со тоа и со криминогено значење и влијание. Пропустите што семејството ги има направено во процесот на социјализацијата на детето, тешко се надоместува. Тоа останува како празнина која доколку се надоврзе со други фактори може да доведе до одредени делинквентни однесувања на детето.

Кога сакаме да ги утврдиме клучните проблеми во врска со криминогеното влијание на семејството, секогаш треба да тргнеме од пронаоѓањето на одговор на прашањето, кои конкретни елементи и појави во семејниот живот на децата и младите, со оглед на нивното негативно дејство, треба да ги сметаме за значајни во предизвикувањето на делинквентното однесување.

Основната тешкотија во одговорот на оваа прашање е содржана во тоа што постојат разни процеси и односи кои со своето дејствување можат да го нарушат или да го ослабат семејниот систем, односно да остварат негативно влијание врз младите, придонесувајќи за нивно делинквентно однесување.

*„Сите среќни семејства личат едни на други, секое несреќно семејство, несреќно е на свој начин" - пишува Толстој.*

И навистина има малку негативни елементи во семејниот живот кои во своето интензивно и перманентно дејствување не се во состојба да предизвикаат негативни последици во развојот и однесувањето на младите, па и на нивното ментално здравје. Ние овде ќе се задржиме само на најзначајните негативни услови и нарушувања на семејството, кои го потресуваат целото семејство,

правејќи го несреќно, неусогласено и немоќно да осигура формирање на комплетни и здрави личности.

Структуралната целост на семејството претставува, надвор од секакво сомнение, значаен предуслов на нејзината функционална адекватност. Затоа, нарушувањето во составот на семејството и другите неповолности во неговата структура имаат негативно влијание врз целиот семеен систем на неговото функционирање. Таквите елементи директно или преку слабеење на семејните функции, по правило, дејствуваат негативно врз развојот и социјализацијата на младите личности во семејната група. Оттука природно е што детерминантите на делинквентното однесување се бараат во нарушувањата и другите неповолности на семејната структура. Во литературата особено се укажува на нецелосноста на семејството, многу големиот број на деца или единче во семејството, неповолниот генерациски состав на семејството, ниското образовно или културно ниво на родителите и слично.

Несомнено е, меѓутоа, дека најизразени негативни последици по семејството и социјализацијата на младите остварува разореноста на составот на семејството, додека влијанието на другите споменати елементи е во голема мера зависно од другите околности и услови.

Нецелосноста на семејството може да биде предизвикано од многубројни фактори и да има повеќе форми. Зависно од тоа од кои фактори е условена, таа остварува и доста различни последици. Веројатно разореноста на семејството која е резултат на влијанијата кои се надвор од моќта на семејството, како што е смртта на некој родител, имаат послабо неповолно дејство.

За разлика од тоа, семејствата чија структура е нарушена претежно од субјективни причини, како што се разводот, вонбрачниот и другите видови на одвоено живеење на родителите, имаат неспоредливо потешки последици по децата и нивниот развој. Бројот на таквите семејства во делинквентната популација е доста голем.

Поволните материјални услови го овозможуваат и олеснуваат воспитното функционирање на семејството, додека семејствата во кои родителите се загрижени и преокупирани со тешкотии од материјална природа, не се во состојба да му посветат доволно внимание на воспитувањето на децата. Оптоварени со

грижи, кои најчесто интензивно се доживуваат, родителите во семејството внесуваат немир кој неповолно се одразува врз децата.

Меѓутоа ни благосостојбата на семејството не е никаква посилна гаранција дека во однесувањето на нејзините членови нема да дојде до девијации. Ако таквата материјална состојба не ја следи висок квалитет на семејните односи, младите стануваат разгалени и хронични мрзливци, лишени од способноста за реално поимање на мислата и вредноста на животот. Кај нив се развиваат чувства на заситеност и досада, кои бараат вентили во девијантни постапки.

Судејќи според резултатите од истражувањата направени кај нас од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, а и според други извори, делинквентите кај нас се регрутираат како од сиромашните, така и од семејствата со средни и многу поволни материјални услови.

Дали родителот работи или не, има особено економско значење за семејството. Доколку не работат родителите, негативно влијае врз стандардот, особено на градските семејства и со тоа предизвикува други негативни последици, па се доведува во корелација и со девијантното однесување на децата и младите. Но, и вработеноста на двајцата родители во услови на недоволна развиеност на соодветни општествени институции, може да има неповолни последици на младите.

За разлика од материјално-статусните обележја на семејството, индикаторите за нарушување на семејната атмосфера покажуваат далеку поголем степен на поврзаност со делинквентното однесување на младите. Тоа ги навело некои истражувачи да заклучат дека личната клима меѓу членовите на семејството е многу поважна отколку социјалната положба во целина.

Поблизок до вистината би бил ставот дека семејната атмосфера се јавува како понепосредна област на дејствување на младите и нивниот развој и оти неповолните и други објективни услови дејствуваат преку семејната клима, внесувајќи немир и предизвикувајќи деформации во неа. Природно, до такви деформации може да дојде и без дејствување на неповолни материјални, станбени и слични објективни услови. Тие можат да имат извориште и во моралните, општествено-политичките, идејните, па и ментално здравствените особини на родителите и другите возрасни членови на семејството.

Од редица неповолни елементи на семејната атмосфера, кои со своето дејствување можат да придонесат за појава на делинквентно однесување на младите, најтешки последици секако остваруваат лошите меѓусебни односи на родителите.

Меѓусебните вербални, а честопати и физички конфликти меѓу родителите оставаат печат врз развојот на детето, особено кога тоа е сведок на таквиот однос. Повеќе истражувања покажуваат дека делинквентите потекнуваат од семејства во кои постојат сериозни судири меѓу родителите. Во ваквите семејства условите за воспитување се неповолни и се поволна почва за создавање на млади со делинквентно однесување.

Односот на родителите спрема децата е исто така мошне значаен фактор за појавата на делинквентно однесување кај младата личност. Најнепосредното влијание врз децата, семејството го остварува преку односите на родителите кон своите деца. Од квалитетот на тие односи во голема мера зависи формирањето и социјализацијата на младата личност. Проблематиката на односите на родителите спрема децата е доста сложена. Изучувањето на оваа проблематика е предмет на мултидисциплинарно изучување.

Во третирањето на овој проблем се настојува да се утврди дали родителите во настојувањето да остварат дисциплина и позитивно однесување на децата, преферираат такви постапки кои не само што не доведуваат до успех, туку постигнуваат сосема спротивен ефект.

Така Ж. Јашовиќ истакнува дека малолетничката делинквенција, во најголем број случаи, потекнува од семејства во кои постапките на родителите се во директна противност со положбата на младите што ја имаат во општеството. Разгледувајќи го односот на родителите спрема децата акцентот треба да биде на неколку претпоставки:

- дали и во која мера родителите остваруваат контрола во однесувањето на своите деца;
- во која мера влијае примената на телесната казна од страна на родителите;
- како самите деца го оценуваат нивниот однос со родителите.

Релативно е висок процентот на малолетни делинквенти кои сметаат дека не се сакани од страна на родителите. Според досегашните истражувања кои беа

консултирани во подготовката на овој труд, овој процент е особено висок кога станува збор за маќеа или очув, или кога таткото се јавува како единствен родител, и значително помал, но сепак значаен од страна на мајка која сама се издржува. Не е мал процентот на испитаници кои односите на родителите кон нив ги оценуваат како „неправедни" и „понекогаш праведни".

Како заклучок, од консултираните материјали, може да се донесе дека малолетните делинквенти во најголем број потекнуваат од семејства во кои постапките на родителите спрема нив значат директен делинквентен притисок.

Контролата на однесувањето на децата од страна на родителите претставува еден предуслов за успехот на планот на позитивно насочување на тоа однесување. Само по себе се разбира дека општеството е неприфатливо и штетно е влијанието на родителите врз децата, инсистирањето на целосна, ропска послушност.

Сосема е поинаку кога родителите не им посветуваат доволно внимание и контрола на децата.

Исто така, огромно влијание врз појавата на делинквентно однесување кај децата и младите имаат социјално-патолошките облици на однесување на родителите. Криминалитетот, алкохолизмот и звисноста од други наркотични средства негативно влијаат кај младите, и не е редок случај од вакви семејства да произлегуваат деца со делинквентно однесување.

Сето напред презентирано, укажува дека семејните фактори кои спаѓаат во областа на семејната надградба, односно нејзината морална и културно-воспитна клима, имаат посебно значење во детерминирањето и предизвикувањето на делинквентното однесување на младите во нашата социо-културна средина. Ова сознание мора да најде свое соодветно влијание во областа на превентивното дејствување.

Во семејната атмосфера со неповолно структуирани интеракции се зголемува веројатноста за појава на делинквентно однесување на детето. Кога постои неадекватна комуникација меѓу детето и родителите, а во исто време детето ги гледа неусогласените, емоционално ладните нерамноправните односи меѓу родителите, ќе дојде до одредена изолација на детето. Детето во таква состојба се чувствува неприфатено, тоа се повлекува, а потоа реагира со дефанзивен и

пасивен став кон себе си и околината. Во ваквата состојба детето настојува да се самоактуелизира со општествено неприфатливи образци на однесување.

На крајот, мора да се нагласи дека анализираните криминогени влијанија на семејството колку и да извираат од него како социјална група, не се и не можат да бидат исклучителна работа на семејството. Некои од нив се резултат на пошироките услови во кои се наоѓаат семејствата и нивните возрасни членови, а тоа не е силно само да ги совлада.

Не е редок случај семејството да не е во состојба да ги надмине оние тешкотии кои произлегуваат од неговата структура и односи, па на таквото семејство и во тој поглед неопходна му е општествена помош.

Ако при тоа се знае дека материјално обезбедено, здраво и хармонично семејство претставува најдобра гаранција за успешно воспитување и општествено обликување на младите, а со тоа и силна пречка на сите девијантни притисоци на кои тие се изложени надвор од семејството, тогаш станува јасно од какво општествено значање е преземањето смислени и квалитетни напори за оспособување на семејството за вршење на неговите, пред сè, воспитни и други општествени функции.

### *8.2.2 Влијанието на училишната средина и нивото на образование врз појавата на малолетничката делинквенција*

Најорганизирана и најспецијализирана институција за образование и воспитување на младите отсекогаш било училиштето. Заедно со семејството, училиштето претставува примарен и најбитен фактор во припремата на младите за чесен, активен и создавачки живот во поширокатa општествена заедница, нејзините процеси и односи. Училиштето има задача младите да ги обезбеди со што поквалитетно усвојување на знаења и вештини и да направи сè, за да кај нив што потполно би се формирале и развиле морални својства, културни, работни и други општествено посакувани навики и квалитети. Без усвојувањето на вакви својства и квалитети не може да зборуваме за потполна и вистинска нивна интеграција во општеството и нивно позитивно општествено оформување. Оттука од тоа колку училиштето ќе успее да ја оствари својата цел ќе зависи и личното напредување на младите, но и нивниот општествен профил и напредување.

Природно е според тоа недостатоците на училиштето и неговите неуспеси се доведуваат во врска со делинквентното поведение на младите. Таквите недостатоци создаваат општествени и психички услови кои можат да доведат до пројавување на делинквентно однесување кај младите. Во набројувањето на конкретните недостатоци во функционирањето на училиштето како институција честопати се оди толку далеку што и нејзините најмали слабости во поглед на организацијата и изведувањето на воспитно-образовниот процес се означуваат како фактори на делинквентно однесување. (Јашовиќ, 1983:247)

Таквото гледање на училиштето и неговите пропусти секако дека е претерано, но извесно е дека некои покрупни слабости на училиштето и школскиот систем имаат свој придонес во детерминирањето на делинквентно однесување на младите.

Секако, овде треба да се има предвид дека извесни слабости и неуспеси на училиштето во добра мера се детерминирани од општите услови во кои тоа функционира. Овде треба да се споменат неповолните материјални, хигиенски и кадровски услови на некои училишта. Многу училишта имаат лоши просторни услови, други се со скромен капацитет поради што се работи во неколку смени, наставничкиот кадар, дел од нив е премногу оптоварен, а дел не задоволува, пред сè поради нивната ниска педагошко-психолошка спремност, материјалното вреднување на нивниот труд не соодвествува со вистинското општествено значење на ова занимање. Иако овие и некои други проблеми од ден на ден сè повеќе се намалуваат, сепак негативно се одразуваат на воспитно-образовната функција и преставуваат значајна пречка во преземањето на дел од општествените обврски на училиштето. Особено негрижата за воспитниот момент во наставата има голема улога во покажаниот неуспех и недисциплина на учениците и покрај другото влијае на асоцијалното однесување на младите уште во текот на самото школување, доведува до одбивен однос кон училиштето, нередовно посетување или прекинување на образованието, повторување на исто одделение и недисциплинирано однесување. Недостатоците во образовниот систем го слабеат процесот на социјализација што треба да ја оствари училиштето врз учениците, што им оди во прилог на другите негативни влијанија, а со тоа се зголемуваат и можностите за пројавување на делинквентно однесување кај младите.

Негативно влијаат и лошите интерперсонални односи во училишната средина и нејзините колективи. Лошиот однос на наставниците и учениците спрема одделни ученици доведува до разни фрустрации со кои тие не можат рационално да се справат. Разни нерешни и неуспешно „решени" конфликти на учениците со училишната средина негативно се одразуваат и врз нивното однесување надвор од училиштето. Познати се случаи младите да пројават делинквентно поведение од желба за одмазда, за лична афирмација и самопотврдување. На сето тоа најчесто му претходат конфликти во училиштето. Неодмерените и престроги казни, субјективноста во оценувањето на знаењето и другите неправилности кои училиштето им ги нанесува на учениците претставуваат сериозна пречка во нивното успешно интегрирање во училишниот живот, а понекогаш ги отуѓуваат од него, создаваат аверзија и чувство на омраза спрема сè во него што се случува. Младите се приклучуваат кон разни неформални улични групи што вршат голем девијантен притисок тие делинквентно да се однесуваат.

Според резултатите на едно истражување, околку 70 насто малолетни делинквенти наведуваат дека имале непријатни доживувања во училиштето. (Јашовиќ, 201-203) Најголемиот број непријатности е поврзан со слабиот успех во учењето и лошиот однос на наставниците и учениците спрема испитаниците. Овие податоци покажуваат дека конфликтните ситуации не се успешно решени и затоа младите ги паметат како изразито непријатни. Тие, покрај тоа, укажуваат и на присуство на несоодветен и педагошки неоправдан однос спрема испитаниците.

Ниското образовно ниво без оглед на различното сфаќање за неговото влијание, претставува еден од условите кои му погодуваат на делинквентното однесување. Има случаи кога одредени млади стануваат престапници поради неможноста да сфатат што е, или што не е дозволено, или не се во состојба да прават разлика што е добро, а што лошо, што по правило е последица на ниското ниво на образование. Ниското ниво на образование по правило го следи ниско воспитно ниво, а што, без сомнение, наоѓа свој одраз во однесувањето на младите. Особено треба да се истакне дека младите со ниско ниво на образование тешко наоѓаат вработување, а неработата и отсуството на интерес на младите да се занимаваат со нешто конструктивно ја потхрануваат нивната мечта која, зајакната со сензибилитетот на возраста, прераснува во авантуризам, а неретко и во престапништво.

Најтежок облик на негативен однос на младите спрема училиштето е прекинот на школување. Тоа може да биде манифестирано преку привремено или целосно прекинување на процесот на образование. Овие два облика на прекин на образовниот процес ако не се предизвикани од објективни тешкотии, сами по себе претставуваат негативна појава во животот и однесувањето на младите. Прекините во школувањето создаваат вакум во кој се лишени од воспитните и образовните влијанија на училиштето. Во тој вакум разни негативни влијанија можат да го насочат нивното однесување во општествено неприфатлив правец.

Најраспространет начин на искажување на негативниот однос кон училиштето е бегањето од училиште односно неоправданото отсуство од часови, кое претставува чест предзнак на потешки облици на престапничко однесување на младите.

Напред изложеното упатува на заклучок дека ниското образовно ниво, лошиот успех во училиштето, разните конфликти на младите со училишната средина, а во врска со тоа и негативниот однос кон училиштето, претставуваат значајни фактори на делинквентното однесување на младите. Се разбира, овие фактори не се исклучителна работа на училиштето, ниту единствено тоа е одговорно за нивно манифестирање, бидејќи тие често свои детерминанти имаат како што споменавме и во семејниот и во другите области од животот на младите. Но, извесно е дека споменатите и слични појави во голема мера значат неуспех на институцијата училиште и во таа смисла тоа може да се смета одговорно. Училиштето мора да биде оспособено квалитетно и благовремено да им укажуваат помош на учениците, кои бавно напредуваат во воспитувањето и учењето, или се оптоварени со ментално-хигиенски, социјални или други проблеми.

За развивање сестрани и творечки личности од посебно значење е кај младите да се развиваат и да се негуваат позитивни интереси и истовремено да создаваат објективни услови своето слободно време да го исполнуваат со квалитетни и за нивниот развој корисни содржини и активности. Тоа е една од значајните обврски на училиштето, но не само негова туку е обврска и на другите општествени институции и организации.

### *8.2.3 Влијанието на социо-патолошките појави (алкохолизмот, наркоманијата) врз појавата на малолетничката делинквенција*

Кога се зборува за социопатолошкото поведение на поединецот во криминолошката теорија во прв ред се мисли на неговото поранешно социопатолошко поведение како збир на постапки кои гравитираат кон делинквенцијата, односно за такви девијантни однесувања што можат да претставуваат услов за појава на криминални активности. Поранешното лошо социјално поведение на поединецот посматрано од овој аспект може да укаже на етиолошката врска меѓу таквото поведение и извршувањето на определени кривични дела, односно да претставува еден од бројните криминогени фактори што го условуваат криминалитетот како негативна општествена појава.

Алкохолизмот, злоупотребата на дрога, проституцијата преставуваат социопатолошки појави кои влијаат негативно на однесувањето на младите во општеството.

Злоупотребата на дрогата е особено карактеристично за модерното општество. Дрогата веќе не е проблем на некоја далечна земја и на нејзината младина, туку таа се случува овде и е проблем на нашата младина. Нагло, особено од 2000 година, па наваму расте бројот на уживателите на дрога, особено кај младите. Меѓу младите се повеќе се зголемува бројот на корисниците на цигари, алкохол и дрога. Дрогата најчесто ја користат младите на возраст од 15-24 години, иако долната граница се повеќе се намалува и се забележуваат корисници и под 15 години, на 12-13 години. Земањето најпрво се сфаќа како забава, бегање од светот на реалноста, како мода или пак влезница за светот на возрасните. На крајот од минатиот век, и почетокот на овој век, структурата на младите зависници беше од повисоките општествени слоеви, а денес оваа состојба сѐ повеќе се менува и најчесто, во најголем број младите зависници припаѓаат на средните и ниските општествени слоеви.

Злоупотребата на наркотичните средства е повеќестрано поврзана и со криминалитетот. Ова врска може да се посматра од два аспекта. Првиот се однесува на делата кои се непосредно поврзани со производството, прометот и продажбата на дрогата: дејствија кои поради нивната опасност во сите земји од светот се санкционирани како потешки кривични дела. Вториот аспект се однесува на оние криминални дејствија што нужно произлегуваат од злоупотребата на

дрогата, меѓутоа не се поврзани со самото криумчарење и продажба на дрогата. Овде станува збор за зависници од droги кои со оглед на мотивот на делото можат да се поделат на:

- лица кои вршат криминални дејствија под дејство на дрога, и

- и лица кои вршат кривични дела со цел да дојдат до дрога (кривични дела поради апстиненцијални кризи).

Најчесто зависниците од дроги вршат имотни кривични дела, кражби, проневери, провалуваат во аптеки, фалсификати (особено на рецепти), проституција, насилство и слично. Најчесто проблемите во поведението на зависникот настануваат не додека тој е под дејство на дрога, туку тогаш кога тој ќе ја почувствува неодоливата потреба за неа.

Дали алкохолот влијае на криминалното поведение на поединецот во науката е доста дебатирано прашање. Постојат автори кои сметаат дека алкохолизмот има силно влијание врз негативното однесување на поединецот и негово инволвирање во криминални активности, додека, пак, други автори, потпирајќи се врз сопствените истражувања, тврдат дека е извонредно тешко да се докаже каква било поврзаност меѓу алкохолизмот и криминалитетот. Така, Пинател, врз основа на својата студија за алкохолизмот во Франција, утврдил дека порастот на употребата на алкохолот не бил следен со порастот на криминалитетот. (З. Сулејманов, 2003:739)

Меѓутоа, без разлика на таквите констатации најголемиот број автори денес се согласни дека алкохолизмот е еден од значајните криминогени фактори, што е и разбирливо, ако се има предвид дека се работи за една општествено патолошка појава која во основа ги има истите општествени корени како и криминалитетот. (Соботинчиќ, 1973:24)

Неоспорно е дека алкохолизмот има многустрани негативни дејства кои се изразуваат на различни начини. Алкохолизмот доведува до деморализирање на личноста на поединецот, до негово ментално и општествено пропаѓање, атрофија на способностите и работните навики, до материјално осиромаштување, појава на патолошка љубомора, разни судири, несогласувања, кавги и физички пресметки, до неможност правилно да се остварува воспитувањето на децата и другите социјални функции на семејството, па дури и до негово целосно распаѓање, како и

други несакани последици и појава на други социопатолошки однесувања (вагабундажа, питачење, проституција и сл.). (Кривокапиќ, 1976:107-123)

Крајниот резултат на сето тоа најчесто е појава на криминални дејствија, било од страна на носителот на таквото однесување (во прв ред имотни, кривични дела или сообраќајни деликти), или од страна на неговите жртви (од тормозените членови на неговото семејство или други поединци во неговата непосредна околина).

Во согласност со ваквата поврзаност на алкохолизмот и криминалитетот, во литературата се зборува за посебна криминолошка категорија на престапници алкохоличари. Општата карактеристики на оваа категорија е дека нивното криминално поведение се наоѓа во каузален однос со афинитетот за прекумерна употреба на алкохол, и дека поради ова тие претставуваат опасност по општеството, зашто се наоѓаат во перманентна ситуација да го повторат своето криминално поведение. Влијанието на употребата на алкохолот може да биде директна, кога кривичното дело се врши под влијание на алкохолизираната состојба (напади на телесниот интегритет, честа и угледот, слободата на половите контакти и сл.), или индиректен, кога кривичните дела се вршат во врска со склоноста кон претераната употреба на алкохол (фалсификати, измами, кражби и сл.).

### *8.2.4 Влијанието на слободното време врз појавата на малолетничката делинквенција*

Во современата литература е присутно зголемено интересирање за проблематиката поврзана со улогата на слободното време во етиологијата на малолетничката делинквенција. Кон тоа, пред сѐ, придонесол фактот голем дел од новите сознанија и истражувања во глобални рамки да покаже дека најчесто младите делинквентното однесување го манифестират во своето слободно време. Дури некои автори, отишле толку далеку што заклучиле дека 90% од случаите на малолетничка делинквенција се случуваат во слободното време. (Љ. Броќиќ, 2000:.59)

Меѓутоа таквото гледање на улогата на слободното време не само да е непрецизно и воопштено, туку е и претерано. Ваквите тврдења заборават дека обемот и користењето на слободното време на младите е условено од широки

материјални и социјално-политички услови во даденото општетсво и дека влијанијата кои доаѓаат до израз во слободното време повеќе се резултат на дејствувањето на други општествени и индивидуални појави, отколку што се предмет на внатрешните законитости на слободното време. Оттука, тоа што младите најголем дел од престапите ги вршат во слободното време не значи истовремено дека слободното време е главен причинител на таа појава. Ова особено и поради тоа што слободното време во поширокиот детерминистички систем на малолетничката делинквенција најчесто има улога на услов кој овозможува влијанието на останатите фактори да добијат манифестен израз. Оваа улога слободното време ја остварува со тоа што во однос на другите сегменти е помалку општествено надгледувано, така што се покажува погодно за извршување на делинквентни дејствија. (Јашовиќ Ж, :75)

Но, во тој случај тоа има секундарен карактер, и не може да се смета за одговорен за делинквентното однесување. Ова секако не значи дека на подрачјето на превенцијата треба да се занемари ова етиолошка функција на слободното време. За објаснување на престапничкото однесување на младите значајни се оние видови на „придонеси“ на слободното време, во кои тоа има активна улога во детерминирањето на таквото однесување.

Едно од најшироко прифатени сфаќања за малолетничката делинквенција смета дека ваквото однесување е одраз на надминување на досадата кои младите ја чувствуваат во слободното време. Ова мислење е особено прифатено од страна на практичарите, кои често од делинквентите добиваат објаснување за своите постапки во форма „нема кај да одиме“, „нема што да работиме“ и слично. Ваквиот став го заземаат голем број истражувачи. Во седумдесеттите години на ова тема истражува и пишува и познатиот драмски писател Артур Милер, кој во еден свој есеј ќе напише дека по неколку месечното поминато време на улиците со децата од една американска банда дошол до заклучок дека „сите делинквенти имаат едно заедничко расположение: се гушат во досада“ и дека „проблемот е во досадата“. Според него, делинквентот е неодвоив од својата досада и ако за неколку минути не „оживее“, оди во акција на првиот агол од улицата и веќе го чувствува возбудувањето.

И според други автори, исто така, досадата е почеток на сите проблеми и дека слободното време е одлична подлога за делинквентни мисли.

Тешко е да се оспори оваа теза дека досадата и сличните преокупации можат да влијаат на младите да се опробаат во некакво делинквентно однесување, особено на оние со елементи на авантура. Меѓутоа, овие чувства не се иманентни обележја на слободното време ниту слободното време може со нив да се идентификува. Такви чувства можат да бидат својствени само на слободно време кое е празно и во кое неговите корисници се препуштаат на мрзливоста на духот и телото. Тоа со други зборови значи дека кога се говори за досадата и слични преокупации, тогаш всушност имаме работа со еден посебен облик на користење на слободното време. Затоа кога подлабоко се анализира условеноста на малолетничката делинквенција мора да се појде подлабоко од проста констатација дека досадата е фактор кој го детерминира ваквото однесување. Нужно е да се утврдат изворите или околностите во кои ваквите преокупации стануваат доминантни чувства кај младите. Односно, неопходно е во ваквите истражувања да се одговори на прашањата зошто младите се препуштаат на ваква пасивност и мрзливост во времето со кое релативно слободно располагаат. Кон тоа, сигурно покрај личните својства на корисниците на слободното време, значајно делуваат и социјалните услови на нивниот живот и посебно објективните (не) можности за користење на слободното време.

Слични ставови гради и една друга теорија која по многу што е блиска со претходно споменатата. Според преставниците на оваа теорија, одредени облици на делинквентно однесување на младите настанува како резултат на задоволување на нивните потреби за игра. Како што е познато, активностите на играта не само што овозможуваат компензација на нарушените мотиви и надминување на тензијата на различните конфликтни ситуации, туку истовремено значат и промена на условите кои наметнуваат реалност и со својата динамика предизвикуваат пријатни чувства. Со желба да ги задоволат потребите за промена, авантура и слични мотиви, младите преку игра практикуват и такви активности кои содржат елементи на делинквентно однесување или, пак, многу лесно можат да се претворат во делинквентни активности. Ситните кражби на предмети со мала вредност во одреден обем се дел од некоја игра на одредена група на млади, кои од забава и игра се впуштаат во вакви авантури.

Ова сфаќање ја наоѓа својата оправданост во неоспорниот факт дека младите како резултат на посебните психо-физички, па и социјални карактеристики, чувствуват нагласена потреба за игра. Но, спорно е секако изедначувањето на

делинквентното однесување со активности кои имат карактер на игра, затоа што колку и да, во поглед на динамиката и другите обележја, се слични со играта, сепак ваквото однесување не е игра, туку само нејзина и тоа доста неадекватна замена. Со други зборови, младите како резултат на неможноста своето слободно време да го поминуват во игра, практикуваат различни видови на деликвентно однесување со желба помеѓу останатото да го задоволат нарушениот мотив на игра.

Во тоа светло се и објаснувањата на одредени облици на делинквентно однесување со карактер на игра и нивното изедначување со играта се покажува како неприфатливо. Напротив, објаснувањето треба да се бара во отсуство на играта, односно во оние услови и околности кои на младите им сметаат, или не им овозможуваат адекватно задоволување на нивните потреби за игра, и со тоа активностите ги насочуваат во такви дејствија со кои сакат да го компензираат својот нарушен мотив. При тоа, се разбира останува прашањето дали делинквентното однесување е нужен и адекватен облик на оваа компензација.

Посебен облик на учество на слободното време во етиологијата на малолетничката делинквенција се остварува преку одредени интерперсонални влијанија и односи. Во слободното време младите, всушност, остваруват бројни социјални контакти со своите врсници, но и со повозрасните членови на заедницата. Во тие контакти се одвива процес на интеракција, во кој покрај општествено прифатливите влијанија доаѓаат до израз и таквите кои можат да придонесат до асоцијално однесување на младите. Посебно внимание во тој поглед заслужуваат одредени неформални организирања на младите. Кај младите доста рано се јавува желбата за здружување, која е особено нагласена во предпубертетскиот период. Со тоа за слободното време на младите карактеристично е нивното здружување во групи. Здружувањето најпрво се остварува преку случајни контакти и за основа ја има играта како заеднички интерес на сите членови. Така настануваат соседските, уличните групи. Од тие групи или надвор од нив понатаму се формират групи со извесни посебни или специјализирани интереси и лични афинитети. Бројни се причините кои можат да бидат основа на тоа здружување, но најчесто се истакнуваат заедничките интерси за одредена врста на спорт или област на култура, забава и друго. Таквите групи се по правило доста хомогени и со голем степен на меѓусебна солидарност, со што остваруваат силно влијание на своите членови. Здружувањето за кое станува

збор, не само што претставува, да кажеме нормална појава, туку има и одредена вредност од аспект на социјаализација и воопшто за развој на младите. Така овие првобитни неформални групи, претставуваат некој вид на подготовка за организирани облици на активности на младите, во што помеѓу останатото е содржана нивната посебна вредност.

Меѓутоа, дел од овие спонтани групи можат во одредени околности да прераснат во малолетнички банди чија активност е судир со важечките прописи за однесувањето на младите во општеството. Во овие групи доминираат општествено неприфатливи мотиви, како што се: насилство заради насилство, агресивност спрема сѐ што е надворешно, надвор од групата и други форми на извршување на кривични дела и други облици на делинквентно однесување.

Најчесто во ваквите заедници се создава посебна култура на однесување, односно субкултура, која е спротивна на културата во дадената заедница. Нив ги карактеризира релативно цврста организација, внатрешна хомогеност, меѓусебна верност, солидарност и спремност за активно учество во активностите на групата. Овие групи најчесто имаат свои водачи, веќе афирмирани сторители на делинквентни дејствија. Членовите на ваквите банди се многу цврсто поврзани и под големо влијание на групата. Доста често одредени делинквентни дејствија се извршуваат и во страв да не се биде отфрлен од бандата или казнет, прават сѐ што од нив ќе се побара, иако понекогаш интимно не се согласуваат на одредени налози.

Ова проблематика е доста сложена и секако, бара посебни истражувања. Меѓутоа, овде сакам да истакнам дека многу истражувачи на малолетничката делинквенција, особено на малолетничките банди и нивното влијание врз младите и нивното однесување се сложуваат и истакнуваат дека слободното време е поврзано со формирањето на ваквите банди. Они настануваат и функционираат во слободното време, па и нормално е причините за нивното настанување да се бараат во тој временски блок. Отсуството на општествената грижа, да се обезбеди организираност на слободното време на младите, како и недоволното канализирање и насочување на нивното слободно време, се наведуваат како најважни причини за неформалното организирање на младите во групи со делинквентна ориентација. Во отсуство на таква грижа се случува и малобројните институции наменети за разонода на младите да не се адекватно организирани и

не ја остваруваат успешно својата функција. Да не говориме за „другите места на разонода“ како што се кафеаните, баровите, рани полноќни локали, во кои младите се изложени на влијание на разни асоцијални групи и поединци.

Во такви услови кај младите се појавуваат и развиваат општетствено неприфатливи навики како што се конзумирање на алкохол, дрога, како и желбата за „лесен и сладок живот“ со разни сексуални настраности. Таквите „задоволства“ покрај тоа што самите по себе се од криминоген карактер, бараат поседување на поголема сума на пари која најчесто не можат да ја обезбедат на легален начин и приморани се да се впуштат во криминални дејствија. Затоа кај оваа група на млади релативно лесно се доаѓа до одлука по пат на кражба, или друг противзаконит акт, да обезбедат пари за задоволување на споменатите и други општетствено неприфатливи барања, желби, страсти и навики.

Горе наведеното покажува на влијанието на слободното време врз делинквентното однесување на младите, особено неадекватното и неорганизираното користење на слободното време од страна на младите. Значи, не може да се генерализира и да се дава општ заклучок дека слободното време влијае, туку дека до делинквентно однесување доведува она слободно време кое не се користи на начин со кој се остваруваат неговите основни функции - одмор, разонода, развивање на човековата личност во едно динамичко единство.

### *8.2.5 Влијанието на слободното време во превенцијата на малолетничката делинквенција*

Во криминолошката наука и општествената пракса, многу е распространето мислењето дека во борбата против криминалитетот и другите облици на делинквентно однесување на младите, слободното време односно одредените содржини и активностои на тоа време, претставуваат значајни фактори на редукција на таквото однесување на младите. Општо е мислењето дека делинквентното однесување на младите би се намалило доколку тие слободното време го користат на начин, кој придонесува или обезбедува позитивно формирање на младата личност. Се смета дека во процесот на ресоцијализација и превоспитување на младите, слободното време може да одигра значајна улога.

Превентивната улога на слободното време се обезбедува преку што е можно поквалитетно користење на слободното време на младите. Тоа настојување

значи, осмислено дејствување врз младите слободното време да го исполнуваат со квалитетни активности и содржини, и исто така со создавање објективни, институционални, просторни и други можности за конструктивно користење на слободното време т.е. за задоволување на разновидните позитивни потреби и интереси на младите.

Значи, станува збор за создавање на објективни и субјективни услова за користење на слободното време на начин на кој се: обезбедува социјализација на младите и интеграција во позитивните општествени процеси и односи, се развиваат моралните, естетските и другите позитивни вредности, се будат и поттикнуваат креативните можности на младите и овозможуваат задоволување на потребите преку игра, забава и други позитивни интереси и потреби.

Со таквото користење на слободното време значајно се стеснува просторот за дејствување на разните негативни влијанија, кои доаѓаат до израз во слободното време и истовремено придонесуваат кон развивање на позитивни квалитети на младата личност, кои ја прават отпорна на сите други притисоци, провокации и искушенија од асоцијална природа. Освен тоа, квалитетните облици и содржини на слободното време можат да имаат компензациона вредност, во смисла на надоместување на одредени празнини и недостатоци во дејствувањето на семејната и училишната средина.

Оттука, организираното и квалитетно користење на слободното време има далеку поширoко и поголемо значање во превенцијата на малолетничката делинквенција од самото предупредување на негативните влијанија кои во тој временски блок делуваат на младите. Токму од тие причини ние тука ќе му дадеме огромно значење на слободното време. При тоа, секако акцентот ќе го ставиме на организираното со позитивни содржини и богато искористено слободно време.

# *IV. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО*

## *1. Феноменолошки карактеристики на малолетничката делинквенција во Република Македонија*

Истражувањето на состојбите, проблемите и потребите на малолетниците, секогаш тргнува од многу познатата реалност дека се работи за личности кои се во фаза на созревање и формирање на воспитната матрица за позитивно дејствување во секој правец. Во суштина се работи за биопсихички, социјално и емоционално недоволно созреана личност, која не може да ги сообрази своите желби и однесувања со општо важечките општествени норми, меѓу другото и поради сè уште неоформениот систем на вредности. Оттаму, тие не се способни да оценат што е добро, а што лошо, недоволно ги познаваат нормите и не знаат што е тоа дозволено морално однесување. Меѓутоа, во ситуација кога општеството е во транзиција, дезорганизација и кога постои расчекор меѓу идеалите и стварноста, младиот човек е сè повеќе отуѓен и со чувство на морална празнина. Темпото на живот, несигурноста и неизвесноста кај малолетникот сè повеќе го зајакнува уверувањето дека потребите треба што побрзо да се задоволат по секоја цена, без одлагање на задоволството, а тоа ја слабее неговата одговорност и во правна и во морална смисла. Современото македонско општество не и нуди на младата личност поголеми можности за иднина и развој, за позитивна идентификација и самореализација, па оттаму за голем број малолетници делинквенцијата станува „единствен" пат за остварување на нивните вредности и цели. (Чачева В., 2007: 61)

Општествено неприфатливото однесување на младите, по правило секогаш го предизвикува вниманието на пошироката јавност. Општествено неприфатливите однесувања кои младите постојано ги следат во времето и просторот, е аргумент со кој се оправдува значењето што му се дава на системот на репресивно и превентивно реагирање против криминалните и пошироко девијантни појави на младите. Тие, со поголем или помал успех, им се спротивставувале, но никогаш не успеале да ги елеминираат. Напротив, се работи за појави кои не само што покажуваат нечувствителност кон мерките што се преземаат, туку покажуваат тенденција на постојано зголемување, што е индикатор и за неадекватноста на општественото реагирање кон нив. Таквата состојба ја наметнува потребата од

константно следење и коригирање на постојните мерки, но и трагање по нови мерки кои ќе бидат поефикасни во спротиставувањето на овој општествено негативен феномен.

Кога е во прашање нашата држава, со жалење може да се констатира дека постои голема инертност како на планот на превентивното, така и на планот на репресивното реагирање на општествено неприфатливото однесување на малолетните лица, особено на нивното криминално поведение. Имено, наспроти развојот на научната мисла и новите научни сознанија во сферата на криминологијата, пенологијата, педагогијата, психологијата, андрогогијата итн. долги години немаше посериозни измени во законодавството. Дури во јуни 2007 година се донесе посебен закон за малолетници, со кој се направи извлекување на малолетниците од материјално и процесно-правниот третман на полнолетните сторители на кривични дела. Во тој контекст треба да се констатира и недостатокот на научно фундирани етиолошки истражувања на малолетничкиот криминалитет, пошироко и на малолетничката делинквенција, чии сознанија треба да претставуваат основа за посоодветна општествена реакција против нив.

Наспроти оваа состојба, карактеристичен е и динамичен општествен развој со крупни промени кои значат општествена преобразба, ова особено се однесува на последните петнаесет години, кога промените предизвикаа такви последици и состојби што ги намножија факторите за кои е потврдено дека влијаат на појавата и на ширењето на општествено неприфатливото однесување на сите, особено на младите луѓе. Аргумент за тоа е зголемувањето на обемот на девијантните и криминалните поведенија - состојба која емпириски ја потврдуват и податоците од официјалната статистика. (Чачева В., 2007: 86)

Република Македонија има 2.052.722 жители од кои 50.1% се мажи и 49.9% се жени. Децата на возраст до 14 години учествуваат со 18% (363.457), од кои 48.36% (175.764) се женски. Попрецизно, вкупниот број на децата на возраст од 7-14 години изнесува 204.371 од кои 48,32% (98.762) се женски. Населението на возраст од 15-19 години учествува со 7.6% (154.423) од вкупното население, од кои 48,66% (75.149) се женски. Во однос на етничкиот состав на населението, според податоците од пописот од 2002 година, 64.18% од населението припаѓа на македонската етничка заедница, 25,17% на албанската и останатите 10% на турската, ромската, српската, бошњачката, влашката и на другите етнички

заедници. (Публикација на Државен завод за статистика, бр.2.4.10). Според истиот извор, 16% од населението во Република Македонија се деца од 7 до 18-годишна возраст. Од нив, 0,21% или околу 700 малолетници годишно се осудени за некое кривично дело. Бројките покажуваат дека годишно околу 1300-1500 се пријавени како сторители на кривични дела, а двојно е поголема бројката на деца кои се во надлежност на административниот систем на социјална заштита, при што се вклучени и децата под 14-годишна возраст кои пројавуваат знаци на антисоцијално однесување или, пак, сториле кривично дело.

Генерално, криминалот во Република Македонија се зголемува во текот на годините. Додека податоците говорат за големо зголемување на криминалот до 1996 година, статистиката за последните неколку години покажува прилично низок раст на кривични дела сторени од возрасни и од малолетни сторители, но сепак во однос на криминалот на возрасните, малолетничкото престапништво е во голем пораст.

За да го прикажеме обемот и динамиката на малолетничката делинквенција во Република Македонија во овој дел од трудот ќе бидат анализирани податоците кои се преземени од Државниот завод за статистика' (Статистички годишник 2011, Скопје 2011 и Статистички прегледи: сторители на кривични дела за 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008 ,2009 и 2010) бидејќи нивната евиденција за малолетничката делинквенција на национално ниво е најсеопфатна.

За да ја анализираме состојбата во општина Струмица и да видиме каков е профилот на малолетните делинквенти ќе ги анализираме податоците од Центарот за социјална работа од Струмица - досиејата на евидентираните малолетници од општина Струмица.

Исто така ќе ги користиме и податоците за да прикажеме некои аспекти од состојбата на национално и на ниво на општина Струмица, добиени од ресурсниот центар во Заводот за социјални дејности, од програмата Лирикус.

Малолетничкиот криминалитет следен преку бројот на поднесени пријави и нивното учество во пријавените кај вкупниот криминалитет во периодот 2000-2010 година, (табела и графикон бр. 2) покажува учество од 8,2% со тенденција на постапно намалување до 4% во 2010 година. Во фазата на пријавување во посочениот период малолетниците учествуваат со 5,8% во вкупниот

криминалитет. Соодносот на малолетни и полнолетни сторители на казнени дела во фазата на пријавување изнесува 16,6:1 во корист на полнолетните лица.

*Табела бр.2* - Однос на пријавени малолетни и полнолетни лица во Република Македонија

| Однос на пријавени малолетни и полнолетни лица во Република Македонија | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
| Малолетни | 1815 | 1446 | 1266 | 1278 | 1488 | 1262 | 1500 | 1229 | 1355 | 1519 | 1244 |
| *%* | ***8.2*** | ***7.4*** | ***6.5*** | ***6.0*** | ***6.2*** | ***5.0*** | ***6.0*** | ***5.0*** | ***4.9*** | ***4.8*** | ***4.0*** |
| Полнолетни | 20220 | 18018 | 18171 | 20161 | 22591 | 23814 | 23514 | 23305 | 26409 | 30404 | 30004 |
| *%* | ***91.8*** | ***92.6*** | ***93.5*** | ***94.0*** | ***93.8*** | ***95.0*** | ***94.0*** | ***95.0*** | ***95.1*** | ***95.2*** | ***96.0*** |
| Вкупно | 22035 | 19464 | 19437 | 21439 | 24079 | 25076 | 25014 | 24534 | 27764 | 31923 | 31248 |

*Извор:Државен завод за статистика*

*Графикон бр.2* - Однос на пријавени малолетни и полнолетни лица во Република Македонија




*Извор:Државен завод за статистика*

Кога станува збор за учеството на малолетните лица во вкупниот криминалитет според бројот на обвинети (табела и графикон бр. 3) најзабележителна е 2001 година кога застапеноста изнесува 12,7%. До 2002 година од анализираниот период учеството на малолетните сторители изнесува повеќе од 10,6%. Во последните осум години учеството на малолетниците според бројот на обвинети се движи од 9,4% во 2003 до 6,3% во последната 2010 година. Малолетните

сторители на кривични дела во анализираниот период (2000-2010) учествуваат со 9% во вкупниот криминалитет. Соодносот на учеството во фазата на поднесени обвиненија изнесува 10,4:1 во корист на возрасните престапници.

*Табела бр. 3*- Однос на обвинети малолетни и полнолетни лица во Република Македонија

| Однос на обвинети малолетни и полнолетни лица во Република Македонија | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005* | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
| Малолетни | 1154 | 1088 | 999 | 1027 | 1004 | 889 | 987 | 839 | 981 | 1030 | 750 |
| % | ***12.5*** | ***12.7*** | ***10.6*** | ***9.4*** | ***9.2*** | ***7.7*** | ***8.0*** | ***6.7*** | ***8.0*** | ***8.0*** | ***6.3*** |
| полнолетни | 8078 | 7509 | 8450 | 9926 | 9916 | 10639 | 11317 | 11648 | 11310 | 11905 | 11239 |
| % | ***87.5*** | ***87.3*** | ***89.4*** | ***90.6*** | ***90.8*** | ***92.3*** | ***92.0*** | ***93.3*** | ***92.0*** | ***92.0*** | ***93.7*** |
| Вкупно | 9232 | 8597 | 9449 | 10953 | 10920 | 11528 | 12304 | 12487 | 12291 | 12935 | 11989 |

** Недостасуваат податоци од основниот суд Куманово (Извор:Државен завод за статистика)*

*Графикон бр.3* - Однос на обвинети малолетни и полнолетни лица во Република Македонија




*Извор:Државен завод за статистика*

Од податоците може да се забележи дека криминалитетот кај малолетните лица е динамичка појава. Имено во последната фаза од постапката (правосилно осудени-табела и графикон бр. 4) во првите пет години застапеноста на малолетниците изнесува повеќе од 9,7%, односно нивното учество се движи од 12,6% во 2000 до 9,8% во 2004 година. Во 2007 година има благ пад на

малолетничкиот криминалитет и истиот изнесува 6,6% кој пад продолжува и во наредните години за во последната 2010 година малолетниците да учествуваат со 5,6% од вкупниот број на правосилно осудени. Во фазата на правосилно осудени лица за анализираниот период малолетниците учествуваат со 8,9% во вкупниот криминалитет. Соодносот на учество во оваа фаза изнесува 10,5:1 во корист на возрасните сторители на казнени дела.

*Табела бр. 4* - Однос на осудени малолетни и полнолетни лица во Република Македонија

| Однос на осудени малолетни и полнолетни лица во Република Македонија | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005* | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
| Малолетни | 939 | 877 | 776 | 826 | 877 | 762 | 844 | 676 | 715 | 748 | 547 |
| *%* | ***12.6*** | ***12.8*** | ***10.8*** | ***9.7*** | ***9.8*** | ***7.9*** | ***8.3*** | ***6.6*** | ***7.0*** | ***7.1*** | ***5.6*** |
| Полнолетни | 6496 | 5952 | 6383 | 7661 | 8097 | 8845 | 9280 | 9639 | 9503 | 9801 | 9172 |
| *%* | ***87.4*** | ***87.2*** | ***89.2*** | ***90.3*** | ***90.2*** | ***92.1*** | ***91.7*** | ***93.4*** | ***93.0*** | ***92.9*** | ***94.4*** |
| Вкупно | 7435 | 6829 | 7159 | 8487 | 8974 | 9607 | 10124 | 10315 | 10218 | 10549 | 9719 |

*Недостасуваат податоци од основниот суд Куманово (Извор: Државен завод за статистика)*

*Графикон бр. 4* - Однос на осудени малолетни и полнолетни лица во Република Македонија




Извор: Државен завод за статистика

Во втората фаза од постапката (обвинети) имаме тренд на зголемување на бројот на обвинети малолетници во првите четири години и тоа во 2000 тој број изнесува 63,6%, додека во 2003 година 80,4% во однос на пријавените малолетни лица за соодветната година. Од вкупниот број на пријавени во 11-годишниот период обвиненијата се движат од 63,6% во 2000 до 60,3% во 2010 година.

Кога станува збор за вкупниот број на осудени од пријавените малолетни лица тој се движи од 51,7% во првата година (2000) до 44% во 2010 година од анализираниот период.

Табела бр. 5 - Однос на пријавени, обвинети и осудени малолетници

| Однос на пријавени, обвинети и осудени малолетници | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Година | Пријавени | Обвинети | % од пријавените | осудени | % од пријавените |
| 2000 | 1815 | 1154 | ***63.6*** | 939 | ***51.7*** |
| 2001 | 1446 | 1088 | ***75.2*** | 877 | ***60.7*** |
| 2002 | 1266 | 999 | ***78.9*** | 776 | ***61.3*** |
| 2003 | 1278 | 1027 | ***80.4*** | 826 | ***64.6*** |
| 2004 | 1488 | 1004 | ***67.5*** | 877 | ***58.9*** |
| 2005 | 1262 | 889 | ***70.4*** | 762 | ***60.4*** |
| 2006 | 1500 | 987 | ***65.8*** | 844 | ***56.3*** |
| 2007 | 1229 | 839 | ***68.3*** | 676 | ***55.0*** |
| 2008 | 1355 | 981 | ***72.4*** | 715 | ***52.8*** |
| 2009 | 1519 | 1030 | ***67.8*** | 748 | ***49.2*** |
| 2010 | 1244 | 750 | ***60.3*** | 547 | ***44.0*** |

*(Извор:Државен завод за статистика)*

За целиот анализиран период (табела и графикон бр. 5) карактеристично е тоа што во 2003 година процентуално има најмногу обвинети и осудени малолетни лица, односно дури 80.4% од пријавените малолетници се обвинети, а осудени се високи 64,6% од пријавените малолетни лица.

Графикон бр. 5 - Однос на пријавени, обвинети и осудени малолетници




Извор: Државен завод за статистика

Во Република Македонија малолетничкиот криминалитет е главно концентриран во три глави од КЗ: казнени дела против имотот, против животот и телото и против безбедноста во јавниот сообраќај. Доминантен облик во структурата на малолетничкиот криминалитет е имотниот. Неговото учество во структурата на вкупниот малолетнички криминалитет се движи помеѓу 73,1% до 83,7% во анализираниот период (2000-2010). Имотниот криминалитет во посочениот период е застапен со 79,3% во севкупниот криминалитет на малолетниците. После него следуваат казнените дела против животот и телото со 6,5%; делата против безбедноста на јавниот сообраќај 4,8%; против јавниот ред и мир со 2,5%; против правниот промет 1,5; против половата слобода 1,3%, а останатите казнени дела се застапени во многу помал процент. (табела бр. 6)

*Табела бр.6* - Осудени малолетни лица во Македонија според групите на казнени дела

| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005* | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **939** | **877** | **776** | **826** | **877** | **762** | **844** | **676** | **715** | **748** | **547** | 8587 |
| против животот и телото | 39 | 45 | 52 | 51 | 52 | 60 | 54 | 49 | 44 | 49 | 59 | 554 |
| | ***4.2*** | ***5.1*** | ***6.7*** | ***6.2*** | ***5.9*** | ***7.9*** | ***6.4*** | ***7.2*** | ***6.2*** | ***6.6*** | ***10.8*** | ***6.5*** |
| против слободите и правата на човекот | 0 | 0 | 0 | 2 | 5 | 5 | 1 | 0 | 2 | 4 | 1 | 20 |
| *%* | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.2*** | ***0.6*** | ***0.7*** | ***0.1*** | ***0.0*** | ***0.3*** | ***0.5*** | ***0.2*** | ***0.2*** |
| против честа и угледот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| *%* | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.1*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.1*** | ***0.0*** | ***0.0*** |
| против половата слобода и морал | 7 | 8 | 9 | 9 | 9 | 10 | 13 | 11 | 16 | 14 | 7 | 113 |
| *%* | ***0.7*** | ***0.9*** | ***1.2*** | ***1.1*** | ***1.0*** | ***1.3*** | ***1.5*** | ***1.6*** | ***2.2*** | ***1.9*** | ***1.3*** | ***1.3*** |
| против здравјето на луѓето | 15 | 11 | 13 | 0 | 11 | 7 | 9 | 5 | 5 | 6 | 7 | 89 |
| *%* | ***1.6*** | ***1.3*** | ***1.7*** | ***0.0*** | ***1.3*** | ***0.9*** | ***1.1*** | ***0.7*** | ***0.7*** | ***0.8*** | ***1.3*** | ***1.0*** |
| против бракот, семејството и младината | 3 | 6 | 1 | 4 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 1 | 19 |
| *%* | ***0.3*** | ***0.7*** | ***0.1*** | ***0.5*** | ***0.0*** | ***0.1*** | ***0.1*** | ***0.3*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.2*** | ***0.2*** |
| јавните финансии, платниот промет и стопан. | 12 | 4 | 13 | 11 | 0 | 5 | 5 | 9 | 6 | 4 | 13 | 82 |
| *%* | ***1.3*** | ***0.5*** | ***1.7*** | ***1.3*** | ***0.0*** | ***0.7*** | ***0.6*** | ***1.3*** | ***0.8*** | ***0.5*** | ***2.4*** | ***1.0*** |
| против имотот | 786 | 729 | 626 | 674 | 696 | 608 | 672 | 537 | 529 | 547 | 403 | 6807 |
| *%* | ***83.7*** | ***83.1*** | ***80.7*** | ***81.6*** | ***79.4*** | ***79.8*** | ***79.6*** | ***79.4*** | ***74.0*** | ***73.1*** | ***73.7*** | ***79.3*** |
| општа сигурност на луѓето и имотот | 4 | 3 | 6 | 2 | 8 | 1 | 4 | 7 | 7 | 2 | 1 | 45 |
| *%* | ***0.4*** | ***0.3*** | ***0.8*** | ***0.2*** | ***0.9*** | ***0.1*** | ***0.5*** | ***1.0*** | ***1.0*** | ***0.3*** | ***0.2*** | ***0.5*** |
| безбедност на јавниот сообраќај | 39 | 50 | 36 | 38 | 36 | 27 | 35 | 22 | 50 | 46 | 35 | 414 |
| *%* | ***4.2*** | ***5.7*** | ***4.6*** | ***4.6*** | ***4.1*** | ***3.5*** | ***4.1*** | ***3.3*** | ***7.0*** | ***6.1*** | ***6.4*** | ***4.8*** |
| против правниот промет | 13 | 8 | 3 | 7 | 16 | 0 | 5 | 5 | 37 | 37 | 2 | 133 |
| *%* | ***1.4*** | ***0.9*** | ***0.4*** | ***0.8*** | ***1.8*** | ***0.0*** | ***0.6*** | ***0.7*** | ***5.2*** | ***4.9*** | ***0.4*** | ***1.5*** |
| против јавниот ред | 15 | 9 | 14 | 14 | 36 | 33 | 40 | 24 | 16 | 16 | 16 | 233 |
| *%* | ***1.6*** | ***1.0*** | ***1.8*** | ***1.7*** | ***4.1*** | ***4.3*** | ***4.7*** | ***3.6*** | ***2.2*** | ***2.1*** | ***2.9*** | ***2.7*** |
| останати казн. дела | 6 | 4 | 3 | 14 | 8 | 5 | 4 | 5 | 3 | 3 | 2 | 57 |
| *%* | ***0.6*** | ***0.5*** | ***0.4*** | ***1.7*** | ***0.9*** | ***0.7*** | ***0.5*** | ***0.7*** | ***0.4*** | ***0.4*** | ***0.4*** | ***0.7*** |

**** Недостасуваат податоци од основниот суд Куманово (Извор:Државен завод за статистика)***

Практиката во примената, односно ориентацијата на примената на мерките предвидени за малолетни сторители на кривични дела може да се согледа преку статистичките показатели за структурата на изречените мерки на малолетниците. (табела бр. 7). Казнената политика што се води спрема малолетниците може да се анализира преку податоците за структурата на изречените мерки, посебно за постарите, посебно за помладите малолетни лица. Презентираните податоци за анализираниот период, водат кон следниве констатации: постои многу мала разлика во структурата на мерките што се изрекуваат на помлади и постари малолетници. Казната малолетнички затвор исклучително ретко се изрекува (нејзиното учество во споменатиот период се движи помеѓу 0,6% до 1,9% од вкупно изречените санкции). Тоа е позитивен тренд, и е во духот на интенцијата на Законот за малолетничка правда, кој и самиот предвидува посебни услови за нејзино изрекување, со цел да биде контролирано изрекувањето на оваа мерка.

*Табела бр. 7-* Изречени санкции на малолетни лица

| Изречени санкции на малолетни лица | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005* | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
| **Вкупно** | **939** | **877** | **776** | **826** | **877** | **762** | **844** | **676** | **715** | **748** | **547** |
| помлади малолетници | 415 | 405 | 333 | 264 | 282 | 235 | 271 | 197 | 205 | 210 | 162 |
| Постари малолетници | 524 | 472 | 443 | 562 | 595 | 527 | 573 | 479 | 510 | 537 | 385 |
| Дисциплински мерки | 119 | 107 | 99 | 120 | 148 | 119 | 122 | 64 | 118 | 85 | 107 |
| *%* | ***12.7*** | ***12.2*** | ***12.8*** | ***14.5*** | ***16.9*** | ***15.6*** | ***14.5*** | ***9.5*** | ***16.5*** | ***11.4*** | ***19.6*** |
| помлади малолетници | 50 | 48 | 38 | 36 | 52 | 26 | 36 | 18 | 23 | 21 | 33 |
| Постари малолетници | 69 | 59 | 61 | 84 | 96 | 93 | 86 | 46 | 95 | 64 | 74 |
| Мерки на засилен надзор | 786 | 740 | 655 | 689 | 685 | 610 | 695 | 579 | 561 | 633 | 409 |
| *%* | ***83.7*** | ***84.4*** | ***84.4*** | ***83.4*** | ***78.1*** | ***80.1*** | ***82.3*** | ***85.7*** | ***78.5*** | ***84.6*** | ***74.8*** |
| помлади малолетници | 350 | 347 | 282 | 226 | 216 | 204 | 226 | 170 | 171 | 180 | 122 |
| Постари малолетници | 436 | 393 | 373 | 463 | 469 | 406 | 469 | 409 | 390 | 453 | 287 |
| Заводски мерки | 21 | 20 | 17 | 10 | 38 | 25 | 18 | 18 | 25 | 15 | 22 |
| *%* | ***2.2*** | ***2.3*** | ***2.2*** | ***1.2*** | ***4.3*** | ***3.3*** | ***2.1*** | ***2.7*** | ***3.5*** | ***2.0*** | ***4.0*** |
| помлади малолетници | 15 | 10 | 13 | 2 | 14 | 5 | 9 | 9 | 11 | 9 | 7 |
| Постари малолетници | 6 | 10 | 4 | 8 | 24 | 20 | 9 | 9 | 14 | 6 | 15 |
| Малол. затвор | 13 | 10 | 5 | 7 | 6 | 8 | 9 | 15 | 11 | 14 | 9 |
| *%* | ***1.4*** | ***1.1*** | ***0.6*** | ***0.8*** | ***0.7*** | ***1.0*** | ***1.1*** | ***2.2*** | ***1.5*** | ***1.9*** | ***1.6*** |

**** Недостасуваат податоци од основниот суд Куманово (Извор:Државен завод за статистика)***

Најприсутни во структурата на мерките што се изрекуваат на малолетници се засилен надзор и тоа засилен надзор од родител и засилен надзор од ЦСР. Нивното учество во структурата на изречените мерки се движи помеѓу 74,8% до 85,7%. Заводските мерки релативно ретко се изрекуваат и нивната структура во вкупниот број на изречени мерки се движи помеѓу 1,2% до зголемување од 4% во 2010 година.

Од презентираните податоци произлегува дека третманот на малолетните лица на кои им е изречена одредена мерка, најмногу се базира на семејството (најдоминантна мерка е засилен надзор од страна на родител, односно старател), а најмалку на заводските мерки. При ваквата практика на изрекување на воспитните мерки потребно е да се утврдат реалните можности за нејзино соодветно применување од страна на родителите, преку постојан и непрекинат контакт на ЦСР со семејството преку што ќе се следи извршувањето на засилениот надзор, и постојано и непрекинато ќе се води грижа за спречување на штетните влијанија и промовирање на најдобриот интерес на малолетникот.

Државниот завод за статистика, издава Статистички прегледи кои содржат податоци за социјалната заштита на корисниците на социјална заштита и формите, мерките и услугите на годишно ниво. Во овие прегледи се наоѓаат и податоци за малолетните корисници на социјална заштита по категории, според полот и возраста.

Согласно статистичките податоци од 2006 до 2010 година, кои се дадени во прегледите, ја имаме следната состојба:

Табела бр.8 - Малолетните корисници на социјална заштита по категории, според полот и возраста (2006-2010 година)

| | малолетни престапници под 14 години | | | помлади малолетни престапници (14-16 години) | | | постари малолетни престапници (16-18) | | | а) со асоцијално однесување | | | вкупно | мажи | жени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | | | |
| **2006** | 524 | 459 | 65 | 1320 | 1192 | 128 | 1470 | 1352 | 118 | 277 | 209 | 68 | **3591** | **3212** | **379** |
| **2007** | 508 | 437 | 71 | 1447 | 1377 | 70 | 1592 | 1492 | 100 | 303 | 246 | 57 | **3850** | **3552** | **298** |
| **2008** | 473 | 419 | 54 | 1364 | 1296 | 68 | 1567 | 1465 | 102 | 296 | 225 | 71 | **3700** | **3405** | **295** |
| **2009** | 627 | 566 | 61 | 1520 | 1441 | 79 | 1541 | 1432 | 109 | 365 | 246 | 119 | **4053** | **3685** | **368** |
| **2010** | 632 | 549 | 83 | 1509 | 1405 | 104 | 1764 | 1638 | 126 | 491 | 378 | 113 | **4396** | **3970** | **426** |

Извор: Државен завод за статистика, Статистички прегледи 2006-2010

Ако сакаме да ја анализираме состојбата од аспект на полот и да видиме кој најчесто се јавува како сторител на делинквентни поведенија, дали се тоа момчињата или девојчињата, од прикажаните податоци во табелата бр. 8, може да се заклучи дека од вкупниот број на малолетни делинквенти од 2006 до 2010 година, само со 10% учествуваат девојчињата. Ова покажува дека најчесто момчињата се сторители на делинквентни однесувања. Во 2006 година од вкупно 3591 сторител на делинквентни однесувања, 3212 се момчиња, а 379 или 12,1% се девојчиња, во 2007 година од вкупниот број на малолетни делинквентни девојчињата учествуваат со 8,38%. Слична е состојбата и во останатите години, каде учеството на девојчињата, во вкупниот број на малолетни делинквенти, не поминува повеќе од 12%.

Од аспект на возраста на малолетните сторители на делинквентни однесувања презентираните статистички податоци покажуваат дека бројот на малолетни сторители се зголемува како што расте возраста на сторителите. Најмал број на сторители, во текот на сите анализирани години, се забележува во групата на малолетни делинквенти под 14 години. Во втората и третата категорија, помлади малолетни престапници (од 14-16 години) и постари малолетни престапници (16-18 години), бројот на малолетните престапници е речиси за еден и половина до двапати поголем во споредба со категоријата - малолетни престапници под 14 години.

Како податоци за анализа и утврдување на обемот и движењето на малолетничката делинквенција беше користена базата на податоци со која располага Заводот за социјални дејности. Во Заводот за социјални дејности од 2011 година функционира програмата Лирикус, која претставува програма за електронска евиденција на корисници на социјални услуги и на т.н. даватели на услуги (старатели и згрижувачки семејства) во Република Македонија. Софтверот на оваа програма се наоѓа во Заводот за социјални дејности, а него го снабдуваат со неопходните податоци сите Центри за социјална работа, каде постојат обучени кадри за работа на оваа програма, обучени да обработуваат и доставуваат податоци.

Дел од податоците кои не можев да ги најдам во Државниот завод за статистика ги пронајдов токму во Заводот за социјални дејности и преку нив дојдов до многу значајни сознанија за профилот на малолетниот делинквент.

Податоците од програмата Лирикус се прикажуваат врз основа на внесените податоци од досиејата на евидентирани малолетни делинквенти низ Центрите за социјална работа во Република Македонија. Повеќе од 80% од ЦСР ги имаат внесено електронски потребните податоци, а со донесувањето на Правилникот за начинот на водење и содржина на евиденција за корисниците на правата од социјална заштита и документација за стручната работа. („Службен весник на РМ" 171, од 13.12.2011 година) сите Центри за социјална работа се обврзани да ги евидентираат електронски сите корисници на социјални услуги.

Од оваа база на податоци, беа анализирани досиејата од аспект на етничката припадност на сторителите на делинквентни поведенија. Анализирана беше состојбата според податоците добиени на 8.2.2012 година (табела бр.9 и графикон бр.6). Во тој момент во базата на податоци беа прикажани 1883 досиеја, што значи дека толку малолетни лица, евидентирани како сторители на делинквентни дела, користат некаква услуга, односно им е изречена одредена мерка од страна на Центрите за социјална работа. Од вкупно 1883 малолетници момчиња се 1786, а девојчиња 97. Од нив 955 момчиња и 63 девојчиња се Македонци, 349 момчиња и 7 девојчиња се припадници на албанската етничка заедница, 127 момчиња и 3 девојчиња на турската етничка заедница, 296 момчиња и 18 девојчиња се припадници на ромската етничка заедница, 59 момчиња и 6 девојчиња се евидентирани како припадници на Срби, Бошњаци и останато. Овие податоци укажуваат дека најголем дел од малолетните делинквенти се Македонци, потоа доаѓаат Албанците, па Ромите. Но, ако го земеме предвид процентот на Македонците (1.297.981), Албанците (509.083), Турците (77.959) или Ромите (53.879) во вкупната популација во Република Македонија (2.022.547), ќе заклучиме дека Ромите учествуваат со најголем процент на малолетни делинквенти.

Табела бр. 9 Етничката припадност накрсно со полот на малолетните сторители на делинквентни дела

| Етничка припадност | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Македонци | 955 | 63 | 1018 |
| Албанци | 349 | 7 | 356 |
| Турци | 127 | 3 | 130 |
| Роми | 296 | 18 | 314 |
| Останато | 59 | 6 | 65 |
| Вкупно | 1786 | 97 | 1883 |

*(Извор: Ресурсен центар при Завод за социјални дејности)*

*Графикон бр.6* - Етничката припадност накрсно со полот на малолетните сторители на делинквентни дела




*(Извор: Ресурсен центар при Завод за социјални дејности)*

Исто така и од извештаите на УНИЦЕФ може да се направи анализа на обемот на малолетничката делинквенција во однос на етничката припадност. Од анализата направена на овие извештаи, забележливо е дека процентот на Роми е значително поголем во однос на другите етнички заедници, согласно нивното учество во вкупната популација. (табела бр.10) Така Ромите учествуваат со околу 38% во 2007 година и 41% во 2009 година, од сите

изречени санкции на малолетни сторители на кривични дела, а претставуваат 3% од вкупната популација во Република Македонија.

Табела бр. 10 - Застапеноста на етничките заедници во бројот на пријавени и осудени

| Год. | Пријавени | Македонци | Роми | Албанци | Год. | осудени | Македонци | Роми | Албанци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2007 | 1229 | 473 (20ж) | 347(17ж) | 309 (5ж) | 2007 | 676(24ж) | 364 | 138 | 136 |
| 2008 | 1335 | 591(29ж) | 388(10ж) | 261(3ж) | 2008 | 715(38ж) | 378 | 136 | 150 |
| 2009 | 1519 | 642(28ж) | 435(21ж) | 346(9ж) | 2009 | 748(39ж) | 418 | 173 | 101 |

*(Извор: Извештај на УНИЦЕФ од 2006 година)*

Од податоците со кои располага Заводот за социјални дејности, можеме да анализираме и на која возраст младите најчесто го прават првото делинквентно дело. Од расположливите податоци може да се види дека младите момчиња најчесто својот прв деликт го прават од 16 до 18-годишна возраст, или од вкупно 1786 тоа го сториле 825 момчиња на возраст од 16 до 18 години, додека пак девојчињата најчесто својот прв деликт го прават од 14 до 16 години, односно од вкупно 97 евидентирани малолетни делинквентки, тоа го сториле 41 девојка на возраст од 14 до 16 години. (табела бр.11)

Табела 11: Возраст на малолетниците кога е сторено првото дело

| На која возраст е сторено првото дело | Машки | женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Без одговор** | 23 | 1 | 24 |
| **до 10 година** | 109 | 10 | 119 |
| **од 10-12 година** | 57 | 1 | 58 |
| **од 12-14 година** | 132 | 9 | 141 |
| **од 14-16 година** | 640 | 41 | 681 |
| **од 16 до 18 година** | 825 | 35 | 860 |
| **Вкупно** | **1786** | **97** | **1883** |

(Извор: Ресурсен центар при Завод за социјални дејности)

## 2. *Феноменолошки карактеристики на малолетничката делинквенција во Струмица*

Истражувањето преку кое сакаме да го добиеме профилот на малолетниот делинквент е направено на територијата на поранешна струмичка општина од која произлегоа четири новоформирани општини - Василево, Босилово, Ново Село и Струмица. Сите овие општини влегуваат во Струмичкиот регион. Градот Струмица е главната урбана средина во Струмичкиот регион.

Сите институции за овој регион се сместени во градот Струмица. Центарот за социјални работи, претставува важна институција од аспект на следење и превенција на малолетничката делинквенција и институција која води статистика и води досие за секој малолетник со делинквентно однесување.

За потребите на истражувањето беа детално анализирани 150 досиеја на пријавени малолетници во Центарот за социјална работа во Струмица од 2000 до 2004 година и од 2007-2010 година, односно беше опфатен периодот пред и по донесувањето на Законот за малолетничка правда. Досиејата се анализирани по случаен избор, и целта на нивната анализа е да ја покаже поврзаноста односно влијанието на социогените фактори кои ќе бидат анализирани врз појавата на малолетничката делинквенција.

Струмица е еден од најразвиените градови во источниот дел од Република Македонија. Според последните статистички податоци за бројот на населението од 2010 година, градот Струмица брои 35.311 жители, општина Струмица брои 54.676 жители, но, Струмичкиот регион, кој опфаќа 4 новоформирани општини со околу 80 населени места, брои 102.625 жители.

Населението во Струмичкиот регион е претежно земјоделско. Главни стопански гранки во општина Струмица се: земјоделството, застапено претежно во индивидуалниот сектор, текстилната и дрвно-преработувачката, мелничко-пекарската и индустријата за преработка на земјоделски производи и производи од месо и млеко.

Транзитноста и контактноста, кои Струмичкиот регион ги поседува, пред сè, произлегуваат од неговата местоположба во крајниот југо-исток на Република Македонија, веднаш под тромеѓето на меѓудржавните граници на нашата земја

со Република Бугарија и Република Грција, што го прави овој регион доста атрактивен.

Иако Струмица е еден од најразвиените градови во државата, атрактивен за сите возрасни групи на население, туристички развиен, сепак последиците од долгогодишниот период на транзиција се присутни. Голем дел од големите фабрики кои постоеја во општината се затворени или работат со намален капацитет, што придонесе за зголемување на невработеноста во регионот. Бројот на лицата кои бараат работа постојано се зголемува. Според последните податоци од Агенцијата за вработување, бројот на лица кои бараат работа во Струмичкиот регион е 19.560.

Гледано во целина, во Струмичкиот регион постојат нестабилни економски текови како и во другите општини во републиката кои се идеални услови за создавање на револт и незадоволство кај младите.

Во Струмичкиот регион проблемот на малолетничката делинквенција поради комплексноста на причините за настанување и последиците што ги предизвикува особено врз младата личност, претставува сериозен проблем што предизвикува интерес за проучување, превенција, следење и сузбивање.

Бројни се институциите и органите кои имаат надлежности во следењето, сузбивањето и преземањето на мерки и активности за превенција на оваа појава, како што се Центарот за социјална работа, Министерството за внатрешни работи - Подрачна единица Струмица, Основниот суд од Струмица, Јавното обвинителство, училиштето и локалната заедница преку Советот на општината.

Овие институции имаат важна улога во преземањето на активности и мерки за намалување на малолетничката делинквенција, нејзина превенција и создавање на поволни услови за социјален, физички и психички развој на личноста на детето. Овие институции располагаат со статистика, водат евиденција секоја од свој аспект за сторителите на малолетнички криминалитет, меѓутоа ниедна од нив не прави конкретни подлабоки анализи кои се потребни за научно објаснување на проблемот и за преземање на конкретни мерки за превенција и сузбивање на оваа социо-патолошка појава.

Центарот за социјална работа е една од најважните институции кога станува збор за превенција, заштита и сузбивање на малолетничката делинквенција.

Согласно законот за малолетничка правда, Центарот за социјална работа води регистар во кој се евидентират сите известувања за одредени асоцијални или криминални однесувања на малолетниците. Ваквите исвестувања пристигнуват во центарот од страна на  Министерството за внатрешни работи, од страна на училиштето, семејството или некој друг надлежен орган или институција.

Со оглед на оваа надлежност Центарот за социјална работа ја има најпотполната евиденција за малолетните сторители на делинквентни однесувања, поради фактот што сите институции на локално ниво токму до центарот доставуваат известување за одредено однесување на малолетникот кое е спротивно на одредбите на Законот за малолетничка правда. Стручните работници во центарот за секој пријавен малолетник, кој се судира со одредбите на законот, водат досие во кое го евидентираат таквото однесување и изготвуваат индивидуален план за работа и третман за работа со малолетникот. Со новиот закон за малолетничка правда доминантно место и значење им се дава на Центрите за социјална работа.

Центрите се јавуваат како посредник помеѓу малолетникот, семејството и жртвата и како претставник на заштитата и грижата што треба да ја спроведе општеството, односно локалната заедница.

Согласно статистичките податоци од евиденцијата на Центарот за социјална работа од Струмица состојбата со малолетничката делинквенција, според категоријата на корисници на социјална заштита во периодот од 2001-2010 може да се види во табела број 12 и графикон број 7.

Ако се спореди на годишно ниво, со движењето на појавата на национално ниво, ќе видиме дека Струмичкиот регион учествува со околу 10% во вкупниот број на малолетничката делинквенција.

Табела бр.12: Мерки на социјалната заштита изречени спрема малолетни делинквенти спроведени во текот на 2001 до 2010 година

| Категорија на корисници | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Со нарушување во однесувањето и личноста | 128 | 80 | 33 | 51 | 108 | 107 | 46 | 56 | 112 | 133 |
| а) со асоцијално однесување | | | | | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 4 |
| б) малолетни престапници под 14 години | 36 | 25 | 30 | 41 | 37 | 34 | 2 | 3 | 20 | 33 |
| в) помлади малолетни престапници (14-16 години) | 22 | 32 | 18 | 38 | 47 | 55 | 33 | 69 | 26 | 32 |
| г) постари малолетни престапници (16-18) | 70 | 2 | 35 | 30 | 23 | 17 | 9 | 12 | 63 | 64 |
| **Вкупно** | **256** | **139** | **116** | **160** | **216** | **214** | **92** | **142** | **224** | **266** |

*(Извор: Државен завод за статистика)*

Графикон бр.7: Графички приказ на мерки на социјалната заштита изречени спрема малолетни делинквенти спроведени во текот на 2001 до 2010 година




Извор: Државен завод за статистика

Ако ги погледнеме статистичките податоци од евиденцијата на Центарот за социјална работа во Струмица за состојбата со малолетничката делинквенција во овој регион, генерално, може да се заклучи дека малолетничката делинквенција е присутна во овој регион.

Согласно бројот на евидентирани малолетни делинквенти во периодот 2001-2010, од табелата бр.12 и графикон бр. 7 може да се види дека во 2001 година бројот на малолетни прекршители на законот е најголем, за потоа во наредните години да се намалува бројот на сторителите, сѐ до 2005-2006 кога имаме повторно зголемување, и нагло опаѓа во 2007 речиси за половина, за во 2010 година да се зголеми речиси за двапати од нивото во 2007 година.

Во разговорот што, за потребите на оваа истражување, беше направен со стручниот тим во Центарот за социјална работа во Струмица, беше укажано дека оваа зголемување всушност не значи дека малолетничката делинквенција во Струмица се зголемила за два пати, туку дека ваквата состојба е резултат на отпочнување на примената на одредбите од новиот закон за малолетничка правда. Согласно одредбите од законот, Центарот за социјална работа реагира и презема дејствија за секоја доставена пријава за состојба во ризик. Центарот за социјална работа постапува во случај на малолетни сторители или деца во ризик, врз основа на известување добиено од полицијата, училиштето, семејството, оштетениот или кое било друго лице. Таквото известување мора да се регистрира во посебен регистар. Во рок од седум дена, а во итни случаи, најдоцна во рок од 24 часа, ЦСР центарот мора да го повика детето и неговото семејство и да покрене постапка од доверлив карактер, заради утврдување на „фактичките околности на конкретниот настан или состојбата на ризик“. Разговорот го води претставник на тимот за малолетничка правда при ЦСР.

Токму овие измени придонеле во 2010 година да има голем број на новоевидентирани случаи на малолетници со нарушувања во однесувањето на личноста, од кои голем дел се дела кои немаат делинквентен карактер, туку согласно пријавата на полицијата ЦСР мора да ги заведе иако може да се работи, на пример, за фрлање каменче на автомобил во движење, вршење физиолошка потреба од страна на малолетник на отворено и слични банални примери кои на нечија пријава најнапред полицијата ги евидентира, а потоа ги пријавува во Центарот за социјална работа. Најголем дел од ваквите

однесувања и не се повторуваат со што пријавите се ставаат во пасива, односно случајот се евидентира во графата: Ставено во пасива. Ако се погледне образецот за 2010 година, во кој се евидентираат ваквите однесувања, ќе се види дека дури 151 случај, односно, најголем дел од пријавите на полицијата кои се заведени под „дете во ризик", согласно одредбата од Законот за малолетничка правда се ставени во пасива. Ова ни го потврдија и стручните работници во Центарот за социјална работа во Струмица при интервјуто што беше направено со нив за потребите на ова истражување.

Засилениот надзор од страна на родителите, старателите е најчесто изрекуваната мерка за сторителите на делинквентното однесување. После ова мерка, најизрекувана е мерката засилен надзор од страна на орган за старателство, но секако се применуваат и мерките, Упатување во воспитно-поправен дом и упатување во затвор за малолетници, но во помал обем од претходно споменатите. Тоа е и очекувано, ако се земе предвид дека прво се оди со поблаги мерки, со цел да се влијае на малолетникот да се покае за стореното дејствие и да извлече поука, па да не го повтори. И најчесто тоа е најуспешната метода, согласно разговорот со стручните служби во Центарот за социјална работа во Струмица. Но доколку тоа не влијае врз однесувањето на малолетникот и тој појави рецидив во своето однесување во тој случај се преземаат построги мерки, како што се упатување во воспитно-поправен дом, или доколку е сторител на тешки кривични дела тогаш се изрекува и мерката упатување во затвор за малолетници.

Профилот на малолетните делинквенти во Струмичкиот регион ќе се обидеме да го дефинираме преку анализа на досиејата регистрирани во Центарот за социјална работа во Струмица, и преку анализа на податоците добиени преку програмата Лирикус, која се води во Ресурсниот центар во Заводот за социјални дејности, Скопје.

### *2.1 Полот на малолетните делинквенти во Струмичкиот регион*

Ако состојбата со малолетничката делинквенција во Струмица ја погледнеме од аспект на полот на сторителите на ваквото однесување, ќе се утврди дека

девојчињата во вкупниот број на малолетни делинквенти учествуваат само со 8.2%. Ова ни покажува дека дури 91,8% од малолетните сторители на делинквентни дејствија се момчиња. Значи, согласно податоците во Струмичкиот регион момчињата најчесто пројавуваат делинквентно однесување.

### 2.2 Возраста на која е сторено првото делинквентно дело

Важен белег за формирање на профилот на малолетниот делинквент е и возраста на која е сторено првото делинквентно дело, односно возраста кога малолетникот започнува со однесување кое е казниво со закон. Од податоците на програмата Лирикус, што се води во Центарот за социјални работи во Струмица, може да се забележи дека малолетниците во Струмица на возраст од 14 до 16 години и од 16-18 години речиси идентично пројавуват делинквентно однесување. Делинквентно однесување покажуват и малолетниците од возрасната група до 10 години. Од вкупно 185 активни досиеја на 9.2.2012 година, 23 малолетници од возрасната група до 10 години своето прво дело го сториле токму до навршување на оваа возраст од својот живот, 3 од вкупниот број своето прво дело го сториле на возраст од 10 до 12 години, 8 од нив на возраст од 12-14 години, 76 на возраст од 14 до 16 години, а 75 на возраст од 16-18 години. Ова покажува дека сепак децата (до 14-годишна возраст) учествуват со мал процент во вкупните малолетници, сторители на делинквентни дела, односно со 18,3% од вкупниот број на малолетни делинквенти регистрирани во Центарот за социјална работа во Струмица. (табела број 13)

Табела број 13: Возраст на која е сторено првото дело

| Возраст на која е сторено првото дело | Струмица | Вкупно |
|---|---|---|
| до 10-годишна возраст | 23 | 23 |
| од 10 до 12 години | 3 | 3 |
| од 12 до 14 години | 8 | 8 |
| од 14 до 16 години | 76 | 76 |
| од 16 до 18 години | 75 | 75 |
| **Вкупно** | **185** | **185** |

(Извор: Ресурсен центар при Завод за социјални дејности)

### *2.3 Местото на живеење на малолетните делинквенти во Струмичкиот регион*

Местото на живеење на сторителите на малолетничка делинквенција се евидентира табеларно само во обрасците од 2004 година, во останатите години нема податок за овој индикатор, освен во поединечното досие на секој малолетник сторител на делинквентно дејствие. Од податоците во 2004 година може да се забележи дека кај малолетниците до 14 години процентот е речиси изедначен, 45% од сторителите се од рурална средина, а 55% од урбана средина. Додека кај малолетните делинквенти над 14 години учеството на малолетниците од урбаните средини е многу поголем и изнесува 75%, а малолетниците од руралните средини учествуваат со 25% во вкупниот број на малолетни сторители на делинквентни дејствија.

Според податоците од 185 активните досиеја на 9.2.2012 година, добиени преку програмата Лирикус, во однос на местото на живеење накрсно со етничката припадност на евидентираните малолетници во Струмичкиот регион може да се заклучи дека од вкупно 185 евидентирани малолетни делинквенти во Струмица, чии што досиеја се активни во периодот на анализа, 127 се Македонци, 47 Турци и 11 се Роми. Треба да се напомене дека најголем дел од Ромите на пописот во 2002 година, во делот на етничката припадност, се имаат изјаснето како Турци. Од 127 Македонци 85 живеат на село, 32 во град, а 10 не се изјасниле. Од изјаснетите Турци 31 малолетник живее на село, а 16 во град, додека кај Ромите 10 живеат во градот, а само едно лице живее во рурална средина. Ова покажува дека во поголем процент малолетниците од руралните средини вршат делинквентни дејствија за разлика од малолетниците од урбаната средина. (табела број 14)

Табела бр.14: Малолетни делинквенти евидентирани во ЦСР Струмица, според место на живеење накрсно со етничката припадност

| Општина | Македонци | | | | Турци | | | Роми | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | без одговор | село | Град | вкупно | Село | град | вкупно | село | град | вкупно | |
| Струмица | 10 | 85 | 32 | 127 | 31 | 16 | 47 | 1 | 10 | 11 | 185 |
| Вкупно | 10 | 85 | 32 | 127 | 31 | 16 | 47 | 1 | 10 | 11 | 185 |

(Извор: Ресурсен центар при Завод за социјални дејности)

Од анализата на досиејата на евидентираните малолетници во периодот од 2000-2004 и од 2007 до 2010 година може да се заклучи дека како сторители на делинквентни дејствија се јавуваат подеднакво и малолетници од градот и од руралните населби во општина Струмица.

### *2.4 Семејството на малолетните делинквенти - комплетност, функционалност, материјална положба*

Основната функција на семејството –воспитување и социјализација на децата, нормално може да се остварува само ако за тоа постојат материјални и други објективни претпоставки. Меѓутоа, функцијата на семејството може да се остварува само во комплетно, складно и функционално адекватно семејство. Тоа значи, дека доколку е нарушена комплетноста и функционалноста на семејството, доколку се нарушени меѓусебните односи на членовите на семејството, доколку во него постојат одредени социопатолошки појави итн., процесите на воспитување и социјализација можат да се нарушат, во нив да има одредени празнини и пропусти, кои при постоење на други неповолни околности резултираат и со девијантно, односно криминално поведение на малолетникот.

Анализата на содржината на досиејата на 150 малолетници со делинквентно однесување ни овозможи да добиеме повеќе информации за структурата на семејството, за материјалните и станбените услови, за емоционалната врска со родителите, за присуството на криминални поведенија во семејството и нивното влијание врз однесувањето на малолетникот и слично.

Според податоците од анализираните досиеја, се забележува дека голем дел од малолетните делинквенти живеат во непотполна семејна средина или во семејства со нарушени семејни односи (45%). Во непотполните семејства, малолетниците живеат само со еден од родителите, со кој во најголем број на случаи не успеале да ја воспостават неопходната емоционална врска што кај овие малолетници предизвикало емоционално оптоварување настанато во детството. А во семејства каде малолетникот живее со двата родитела во голем број на случаи тоа се семејства со нарушени семејни односи. Доминантноста на таткото, строгиот патријахален начин на воспитување,

физичките казни врз малолетникот, постојаните кавги меѓу родителите, недоволната грижа на родителите за децата, присуството на алкохолизмот во семејството и многу други фактори придонеле за нарушени семејни односи и незаинтересираност на малолетникот за семејството.

Материјалните и другите објективни услови за живот, исто така, претставуваат една од основните претпоставки за нормално остварување на најзначајната функција на семејството - социјализаторската.

Во поголем дел од случаите, малолетниците живеат во сиромашни, подпросечни материјални и станбени услови (60%), иако не е мал бројот и на оние кои живеат во средно или просечно обезбедени материјални и станбени услови (40%), во сопствени станбени објекти, средени и со доволно материјални средства за егзистенција на членовите на семејството.

Дел од малолетниците не се задоволуваат со скромните средства за живот, сакаат повеќе и најчесто за да го обезбедат било вршат криминални дејствија. Незадоволството на младите од материјалните услови на семејството се покажува и преку видот на криминал што младите најчесто го вршат - имотниот криминал.

Исто така, од анализата на досиејата може да се види дека и други негативни фактори биле присутни во семејството и имале влијание врз однесувањето на малолетникот. Кај 15% од малолетните делинквенти еден од родителите (во сите случаи таткото) е евидентиран делинквент со издржувана казна затвор за криминално однесување. Во таквите семејства обично и останатите деца во семејството покажуваат знаци на девијантно однесување и се евидентирани во Центарот за социјална работа како лица со нарушувања во однесувањето. Алкохолизмот на родителите и насилството, кое под дејство на алкохол го прават е, исто така, присутно во дел од анализираните досиеја. Таквото однесување создало фрустрираност и агресивност кај малолетниците и својот револт го покажувале на улицата, однесувајќи се делинквентно.

### *2.5 Училиштето и нивото на образование на малолетните делинквенти*

После примарното семејство, училиштето е најважен агенс на социјализација. Во него покрај образование на младите, се настојува тие да прифатат и усвојат

вредности, норми и модели кои од општеството се сметаат за позитивни и посакувани.

Мал дел од анализираните малолетни деликвенти (преку досиејата) покажуваат интерес за училиштето, голем дел од нив или го напуштиле основното или средното образование, и вонредно или во воспитно-поправните домови го дообразуваат. Покрај задолжителноста на основното и средното образование пропишана со законската регулатива, анализираните досиеја на малолетниците укажуваат дека дел од сторителите на кривични дела немаат завршено основно или средно образование, односно го напуштиле процесот на образование. Иако речиси половина од набљудуваните малолетници се натпросечни или со одлични интелектуални способности, сепак интересот за училиштето е многу слаб. Повеќекратните сторители на кривични дела и оние на кои им се изречени заводски мерки во најголем дел се со недовршено основно образование или, пак, со прекинато средно образование, значи со ниско образовно ниво.

Дел од нив ги сфаќаат последиците од делинквентното однесување, ја признаваат вината и со засилен надзор од родителот успеваат да се вратат на правилниот пат во животот, но бројот односно процентот е поголем на оние кои не можат да извлечат поука од ваквото однесување и го повторуваат делото, односно рецидивизмот е доста застапен кај малолетниците кои го напуштиле процесот на образование.

Ако се направи анализа во однос на местото на живеење - село/град и интересот за образование се забележува дека најчесто малолетните делинквенти од руралните средини рано го напуштаат училиштето, повторуваат и немаат цел во животот, иако тоа се среќава и кај малолетните делинквенти од урбаните средини. Сепак, поголем е процентот на оние од руралните средини (73%). Овде секако треба да го спомeнеме фактот кој е забележан во досиејата дека во најголем случај родителите на ваквите малолетници немаат повеќе од основно образование или неоформено средно образование, најчесто се земјоделци и не успеале да остварат влијание врз малолетникот да пројави поголем интерес кон образованието или, пак, и самиот родител не покажал интерес малолетникот да го смени својот однос кон образованието.

Дел од малолетните делинквенти се сторители на повеќе кривични дела, најголемиот број на дела е 16, кај еден малолетник кој и покрај мерките кои во изминатиот период му се изречени не успеал да се ресоцијализира и да се врати на нормалниот тек на живот.

### *2.6 Групата на врсници на малолетните делинквенти*

Друштвото, врсниците, исто така, се покажа дека имаат влијание врз делинквентното однесување на малолетните делинквентни. Дел од анализираните, изјавиле во Центарот за социјална работа, пред професионалните служби, дека делото го сториле под влијание на групата, на пријателите, другарите од страв да не бидат напуштени или отфрлени ако не го сторат, или ако не се приклучат во недозволената акција. Имотните деликти, кои се најчести кај малолетните делинквенти, се извршени во група, во друштво и под влијание на групата.

Од добиените податоци преку програмата Лирикус, во однос на начинот на вршење на делинквентното дело, во општина Струмица, од вкупно 185 активни досиеја на 9.2.2012 година, 83 малолетници делото го сториле во друштво со група на врсници, а 54 сами. (табела број 15)

Табела број 15: Најчест начин на вршење на делото

| **Најчест начин на вршење на делото** | **Струмица** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| Сам | 54 | 54 |
| Во група со врсници | 83 | 83 |
| Во група со полнолетни лица | 9 | 9 |
| Во група со малолетни и полнолетни лица | 13 | 13 |
| Управувајќи моторно возило без дозвола за управување | 8 | 8 |
| Со еден врсник | 16 | 16 |
| Со блиски сродници | 2 | 2 |
| Вкупно | 185 | 185 |

(Извор: Ресурсен центар при Завод за социјални дејности)

### 2.7 Слободното време на малолетните делинквенти

Малолетниците најчесто делинквентното однесување го пројавувале во слободното време (оние кои се вклучени во образовниот процес или се работно ангажирани), особено кај малолетниците со авантуристички карактер и желба за авантури и доживувања кои бараат ризик.

Исто така, од анализата на досиејата може да се забележи дека инспирација на малолетниците за извршување на одредени кривични дела или прекршоци биле одредени филмови, кои ги гледале и кои им го зголемил адреналинот, и желбата да направат нешто за кое знаеле дека е недозволиво, казниво. Така, кај 8% од анализираните досиеја се забележува дека одредени филмови во кои е присутна борба, мафија, авантура, судир со законот биле еден од мотивите за извршување на делинквентното дејствие. Кај 5% од малолетниците се истакнува како причина, желбата да се предизвика вниманието како на родителите така и на друштвото, особено онаму каде не постои љубов во семејните односи и постојат нарушени односи меѓу родителите кои, пак, имат рефлексија на односот родител - дете, и онаму каде малолетникот нема добар прием од врсниците.

Можеби не во голем процент, но сепак значаен (17%) малолетниците употребуваат алкохол и опојни средства, и под дејство на алкохолот, или за обезбедување на дрога, вршат делинквентни дејствија.

Врз основа на прикажаните податоци и анализираната состојба, ***може да заклучиме*** дека малолетничката делинквенција е присутна појава на подрачјето на општина Струмица. Општина Струмица учествува со 10% во вкупниот број на малолетничка делинквенција. Мал е процентот на девојчињата кои покажуваат делинквентно однесување, што значи дека во најголем процент сторители на делинквентно однесување се момчињата. Најчесто имотните деликти се облик на делинквентно однесување на малолетниците во Струмичкиот регион. Возраста, на која најчесто момчињата го прават своето прво делинквентно дело, е од 16-18 години, а додека кај девојчињата тоа е од 14 до 16 години. Влијанието на семејството, семејните односи и атмосферата имаат исклучително влијание врз појавата на делинквентно однесување кај малолетниците. Нарушените семејни односи,

слабата материјална моќ на семејството, нефункционалното семејство, некомплетноста на семејството, ниското образовно ниво на родителите, незаинтересираноста на малолетникот за училиштето, напуштањето на училиштето, групата на врсници и нивното делинквентно однесување, неорганизираното слободно време, присуството на алкохолизмот и наркоманијата, влијаат врз појавата на делинквентно однесување кај младите од Струмичкиот регион. Малолетниците најчесто делинквентните дела ги прават во друштво на своите врсници. Делинквентите живеат подеднакво и во село и во град, иако во последните години позабележително е присуството на делинквентно однесување во руралните средини.

## *V. ПРЕВЕНЦИЈАТА НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИНКВЕНЦИЈА*

Рашироноста на малолетничката делинквенција и нејзините многубројни последици го поставуваат прашањето за превенцијата и можностите за заштита од нејзините штетни последици, но и прашањето за сузбивање на оваа појава.

Превенцијата преставува основна алатка за адресирање на проблемите од опкружувањето, како што се општествено-економските, социјалните и културните фактори, прашањата кои директно се однесуваат на индивидуите, семејствата и заедницата, и тоа пред се психосоцијалните кои водат до тоа некои деца и малолетници да влезат во контакт или конфликт со законот, да бидат жртва, да ги дестабилизираат семејните односи, како и мирот, безбедноста и сигурноста во односите во заедницата.

Кога зборуваме за превенција, зборуваме за мултисекторски, интердисциплинарен пристап во градењето стратегии за превенција на малолетничката делинквенција кое има за за цел да ги идентификува факторите на ризик кои влијаат на неговата појава, но и на факторите кои е неопходно да се зајакнат со цел заштитната околина да доминира и да го превенира истото.

Поимот превенција спаѓа во секојдневно употребуваните термини чие значење само по себе се подразбира, но во суштина многу различно се одредува. Во најширока смисла оваа активност означува спречување на причините за развој на одредена појава и проблемите врзани со неа. Бидејќи во социолошка смисла малолетничката делинквеција е патолошка појава чија комплексна социјална каузалност вклучува сплет на различни општествени фактори, нејзината превенција има за цел да ги спречува причините за појава на истата, но да делува и пошироко. Имено, преку превентивните активности треба да се овозможи создавање на поволни услови за физички, социјален и психички развој на децата и малолетниците во општеството и семејството и се поттикнува дејствувањето на факторите на социјализација кои позитивно влијаат на овие процеси. Ова поради фактот што малолетничката делинквенција во основа е можеби најтежок облик на загрозеност во социјалниот развој на детето и претставува рефлексија на неуспешната

социјализација што за последица има фрустрираност и ограничување, односно криминално дејствување. Затоа превенцијата на делинквентното однесување кај малолетниците според научните согледувања и практичното искуство има приоритетно значење во однос на другите активности, кои се однесуваат на политиката на превенцијата за негово сузбивање или ублажување.

Согласно познатите карактеристики на малолетничката делинквенција во нашата држава како и детектираните фактори кои влијаат на овој вид на однесување на младите, упориштата на моделот на превенција треба да бидат фокусирани на агенсите на социјализација и факторите кои имаат криминогено дејство.

Нашето истражување потврди дека меѓу факторите кои имаат значајно влијание се: семејството како најважна средина за формирање на личноста, училиштето со неговата воспитна и едукативна улога за социјализација на децата, слободното време и институциите во кои младите неформално го минуваат своето слободно време, турбулентните времиња, сиромаштијата и маргинализираноста, злоупотребата на дрога, алкохол и други супстанции кои можат да доведат до извршување на одредени кривични дела и секако одредени индивидуални карактеристики на малолетникот.

Општата превенција на појавата кај нас главно се остварува преку мерки на поширок социјален план и во поврзаноста на повеќето субјекти, што вообичаено се изедначува со социјалната политика на државата и ангажирање за создавање на подобри услови на живот на населението во целост и посебно на семејствата како посебна уставна одредба (член 40 ).

Во контекст на оваа заштита декларативно се преферираат материјалните подобности за сигурност на семејството, облиците на заштита на децата како услови за задолжително основно и средно образование, еднакви услови за образование, оспособување за самостоен живот и работа на децата и младинците и сл. Секако дека многубројните случувања оваа прокламирана сигурност не ја овозможуваат во многу ситуации и кај многу семејства од аспект на отежнати или немање услови за развој и воспитување.

Кога се работи за запоставување на детето во однос на неговото одгледување и воспитување, односно кога се работи за кршење на детските права од овој

вид, се дава законска можност на старателскиот орган да го довери детето на чување и воспитување на друг (Закон за семејството „Службен весник на РМ" бр.80/92-член 87) или во краен случај како најстрога санкција, судот, по предлог на старателскиот орган, да го одземе родителското право на неодговорниот родител (Закон за семејство, член 90).

Законот за социјална заштита во основа опфаќа мерки за посебна превенција на малолетничката делинквенција, која се реализира главно преку Центрите за социјална заштита. Со одредбите на семејната и индивидуалната заштита се опфатени различни категории на семејства и групи лица кои не се во можност да ги остваруваат своите функции и улоги на општествено позитивен начин. Во литературата тие се нарекуваат „ризични групи" на население. Тие според овој закон можат да се најдат во различни категории деца од семејства кои не се во можност да им обезбедат нормални услови за физички, емоционален и воспитен развој (Законот за социјална заштита, „Службен весник на РМ" бр.50/97-член 16). Такви се, на пример, семејствата со ниски и несигурни примања, мигрантските семејства, семејства со нарушени односи и структура и слично. Во суштина се работи за групи или семејства, деца или малолетници, кои имаат неповолни услови за социјален развој, без оглед на тоа во кој вид се изразуват, и дали имаат посебни неповолни последици на поведението на малолетниците.

Превентивните мерки тука вклучуваат мерки за стабилизирање на односите, зачувување на семејната структура и помош во остварување на нивната економска, воспитна, емоционална и другите функции. Значи се работи за семејства кои имаат неповолни услови за развој на деца кои веќе се со делинквентно поведение, или се на пат да станат делинквенти. За нив законот предвидува поишироки овластувања на Центарот за социјални работи за преземање на мерки од институционална и вонинституционална природа, неопходна минимална егзистенција и социјална сигурност. Тоа секако не е доволно за спроведување на посебната превенција од аспект на обезбедување минимум услови за социјализација и одгледување на деца во семејството.

Напротив, посебната превенција треба да се ангажира на програмирање на активности и акции за помош на оние семејства и дејствувања каде постои веројатност дека нивните деца ќе западнат во криминално поведение или

други девијации во однесувањето. Превенцијата од овој вид што ја спроведува Центарот за социјални работи значи имплементација на Декларацијата на правата на детето и другите меѓународни документи кои се однесуваат на политиката на државата во доменот на заштита на младите од запаѓање во делинквентно однесување и други девијации од овој вид.

Со донесувањето на Законот за малолетничка правда во 2007 година се унапреди системот на превенција во Република Македонија со нови механизми кои се предвидени во законот. За нив нешто поопширно во текстот што следува.

Националниот акционен план за правата на децата и Законот за малолетничка правда ја потенцираат важноста на превенцијата, и во таа насока основан е Државен совет за превенција од малолетничко престапништво како обврска која произлегува од самиот закон.

Законот за малолетничка правда предвидува воспоставување на Општински, локални совети за превенција од малолетничко престапништво. Нивните законски предвидени функции го вклучуваат следново: следење на состојбите; развивање иницијативи за подобрување на состојбата; и развој на програми за вклучување на локалната заедница, во превенцијата од малолетничко престапништво и постапувањето и третманот на малолетни сторители на кривични и прекршочни дела. Меѓу членовите на Општинските совети треба да има претставници од полицијата, центрите за социјална работа, претставници од Адвокатската комора, надлежниот малолетнички судија или јавен обвинител, претставници од здруженијата на родители и ученици, како и претставници на граѓанското општество. Нивните активности треба да бидат финансирани од општината.

Планот за развивање мрежа на совети за превенција во рамки на заедниците, делумно е заснован врз невладината програма, која беше воспоставена во 1996 година, во општината Кавадарци.

Во секоја полициска станица има овластено службено лице кое, покрај другите службени задолженија и задачи, е задолжено и за активностите насочени кон превенција на малолетничкото престапништво. Нивните активности се ограничени и главно се состојат од одржување редовни контакти со

училиштата, „дневните центри“ за деца од улица, локалните власти и заедниците.

Во рамки на една од новите програми во рамки на заедниците, воведена согласно Националниот акционен план за правата на децата, се нуди помош на родителите на малолетните престапници и деца во ризик, преку „образовните центри“ воспоставени од страна на ЦСР, во седум заедници. Такви „центри“ се отворени и во две јавни установи за згрижување од отворен тип, за потребите на престапниците и децата со социјални и образовни проблеми, односно во „Ранка Милановиќ“ и „25 Мај“. Центрите организираат групна работа со родителите на децата со нарушено и проблематично однесување, како на пример хиперактивност, со цел родителите да научат да ги идентификуваат проблемите во раната фаза и соодветно да реагираат на нив. Програмите од овој вид се важни, зашто квалитетот на односот помеѓу родителите и децата, претставува значаен фактор за превенцијата од ризици. Како што бевме информирани, заинтересираноста на вклучените родители е позитивна, меѓутоа ефективноста на овие центри, основани во 2009 година, сè уште не била предмет на оценка.

Соработката помеѓу училиштата и ЦСР треба да биде важен елемент на превенцијата, но во последните неколку години, таа е намалена.

Диспропорционалниот број на деца Роми вклучени во престапништво, ја потенцира итната потреба за воведување програми за превенција, приспособени на потребите на таа заедница и малку поопшто, политики за социјално вклучување. Програмата за социјално исклучени лица на Министерството за труд и социјална политика, ги нема идентификувано Ромите, како една од целните групи.

Во моментов, единствените програми насочени кон ромската заедница, се оние кои ги реализираат невладините организации, но нивниот капацитет е ограничен. Стратегијата за Ромите во Република Македонија за периодот 2009-2011 година, не содржи активности, кои би биле конкретно наменети или насочени, кон намалување на престапништвото. Потребна е поголема поддршка за НВО и организациите во рамки на заедниците, како и поблиска соработка помеѓу власта и невладиниот сектор.

Како заклучок, може да се каже дека, иако важноста на превенцијата е призната и веќе е преземена една нова иницијатива која ветува, потребно е да се направи уште многу за да се развие и имплементира една сеопфатна програма за превенција.

Токму во тој поглед во декември 2010 година е донесена Националната стратегија за превенција на малолетничкото престапништво од страна на Државниот совет за превенција на малолетничкото престапништво. Оваа стратегија преставува смерница, ориентација која треба да ја постави базата за подготовка на оперативни планови кои истата ќе ја заживеат и прагматично спроведат на терен. Стратегијата е со десетгодишна временска рамка 2010-2020 година и претставува прва стратегија од таков вид. Низ сите стратешки цели и активности вклучени во стратегијата се провлекуваат четирите основни принципи кои произлегуваат од Конвенцијата на правата на детето, и тоа дека, предвидените мерки мора да осигураат дека сите деца кои ќе дојдат во контакт со законот или во ризик ќе бидат третирани подеднакво т.е. се гарантира принципот на недискриминација и се промовира еднаквоста, понатаму се истакнува дека секогаш ќе се има предвид најдобриот интерес на детето, правото на живот, опстанок и развој. Неопходно е да се зема предвид при реализација на активностите и секако земањето предвид на правото на детето на слободно изразување на неговото/нејзиното мислење за сите прашања кои влијаат на детето.

Превенцијата на малолетничката делинквенција е суштински дел од спречувањето на криминалот на општеството.

Успешната превенција на малолетничката делинквенција бара напори од страна на целото општество за да се обезбеди хармоничен развој на адолесцентите, со почитување и унапредување на нивната личност од најраното детство.

Младите лица треба да имаат активна улога во општеството и треба да се сметаат како субјекти, а не како пасивни објекти на социјализацијата или контролата.

Фокусот на превенцијата секогаш треба да биде добросостојбата на младите лица од нивното рано детство.

Политиките и мерките кои се преземаат во државата во насока на превенција треба да избегнуваат стигматизација и казнување на децата кои со своето однесување предизвикуваат сериозна штета за сопствениот развој или развојот на другите, туку да настојуваат детето да го разбере проблемот и да ја прифати одговорноста за истото.

Превенцијата, со развивање на програми и услуги треба подеднакво да биде развиена како на национално, така и на локално ниво и истите е неопходно да бидат поддржани од заедницата.

Главните предизвици и стратешки насоки кои треба да бидат идентификувани, и се надевам постигнати со имплементацијата на стратегијата во наредниот десетгодишен период треба да се однесуваат на примарната, секундарната и терцијарната превенција.

Примарната превенција има за цел да се справи со општите услови во кои живеат децата и семејствата. Таа настојува да ги адресира основните причини или фактори уште пред децата/малолетниците да станат дел од системот на малолетничка делинквенција. Целта на примарната превенција е да се создаде заштитна средина за сите деца, што подразбира системски пристап преку обезбедување на владина поддршка, градење на капацитети, реформа на законодавството, следење и известување за кршење на правата на децата и малолетниците, промена на ставовите на општата популација и професионалците кои работат со децата, градење на личните вештини кај децата и семејствата и слично. Ова значи дека примарната превенција е од витално значење и треба да вклучува политики и актери од многу области.

Секундарната превенција ги има за цел децата и малолетниците кои се во ризик да сторат кривично дело, но не се кривично одговорни. Имено, станува збор за рано идентификување на децата во ризик или предвидување на потенцијалните деца и семејства во ризик. Секундарната превенција настојува да го дијагностицира, но и третира „неприфатливото однесување“ пред истото да ескалира, или се развие во потешки или сериозни облици на престап. Целта е да се спречат овие деца да продолжат по таков пат. Многу често овие деца доаѓаат од маргинализирани заедници или други општествено исклучени групи, или, пак, припадници на етнички заедници.

Терцијарната превенција се однесува на превентивни програми кои ќе овозможат малолетникот да преземе одговорност за стореното дело и последиците од делото, но и ќе му помогне повторно да не стори кривично дело. Ова најдобро се постигнува преку програми кои ќе ги подготват, односно ќе обезбедат соодветен третман за време на престојот и пред излегување од установите и ќе обезбедат долгорочна постпенална поддршка со цел да се реинтегрираат во заедницата/општеството. Во оваа превенција особено е потребно да се зајакнат капацитетите и улогата на Центрите за социјална работа и користење на медијацијата, со цел избегнување на формалните постапки и секако примената на алтернативните мерки и општокорисната работа со која ќе се овозможи малолетникот да може да ја преземе одговорноста за стореното дело, и да овозможи да не се повтори кривичното дело со тоа што ќе му се овозможи да биде дел од заедницата која не била во судир или конфликт со законот и ќе го следи тој пример.

## *VI. ПРЕПОРАКИ И ЗАКЛУЧОЦИ*

Целта на овој труд е анализа на влијанието на општествените фактори врз формирањето на профилот на малолетниот делинквент во Струмичкиот регион.

Општата цел на трудот беше да се утврди колку сиромаштвото, семејството со сите негови особености, групата на врсници, училишната средина и нивото на образование, алкохолизмот, наркоманијата и слободното време, влијаат врз појавата на малолетничката делинквенција и врз формирањето на профилот на малолетните делинквенти во Струмичкиот регион.

За постигнување на зацртаните цели во истражувањето беше користен интегративниот пристап, а за прибирање на податоци за поставениот проблем и поставените цели и за тестирање на поставените хипотези беше користено нереактивно истражување, секундарна анализа и анкетно испитување. Како нереактивни техники беа користени: содржинска анализа на досиејата на малолетните делинквенти евидентирани во Центарот за социјална работа во Струмица, постоечка статистика со која располагаат институциите кои водат статистика од областа на социјалната заштита, документи и секундарни анализи, анализи на Министерство за правда во однос на имплементацијата на Законот за малолетничка правда и имплементацијата на сите постоечки политики поврзани со малолетничката делинквенција, емпириски, истражувачки резултати и други сознанија кои ги имаат Центрите за социјална работа, анализа на билтени и други документи кои се однесуваат на социјалната заштита и малолетничката делинквенција. Беа анализирани досиејата на евидентирани малолетни делинквенти во Центарот за социјална работа во Струмица од 2000-2004 година и од 2008-2010 година. Овој период беше избран за да се направи споредба на состојбата пред и после донесувањето на Законот за малолетничка правда и ефектите од мерките за превенција и заштита на малолетничката делинквенција опфатени со законот. Анализа е направена врз основа на детално разгледување на вкупно 60 досиеја од споменатиот период.

Врз основа на направената анализа за влијанието на општествените фактори врз формирањето на профилот на малолетниот делинквент во Струмичкиот

регион, се потврди дека семејството претставува основен фактор на социјализација на детето, тоа ги утврдува моделите и начините на живеење, однесување и развивање. Во делот од трудот каде зборувавме за семејството укажано е на огромната улога и влијанието на семејството, неговата структура и односите помеѓу членовите врз појавата на делинквентното однесување на младите.

Со цел да се унапредат родителските и семејните врски треба да се работи на неутрализирање или намалување на факторите на ризик кои можат да влијаат семејната заедница да стане нестабилна што би имало, пак, понатамошни консеквенции како за децата и членовите на семејството, така и за локалната заедница и за општеството воопшто. Токму од тие причини неопходно е да се развијат програми за родителите/старателите и развивање на родителските вештини кои ќе овозможат подобрување на семејните врски и односи. Ако на национално ниво податоците покажуваат присутност на оваа појава во поголем процент кај ромската млада популација, тогаш неопходно е да се развијат програми кои ќе бидат културно специфични приспособени на оваа популација.

Влијанието на училиштето, исто така, се покажа дека е огромно, затоа е неопходно да се преземаат мерки и во однос на образовниот систем, особено да се афирмира воспитната функција на училиштата. Образованието во никој случај не смее да се ориентира само кон образовната дејност, а да ја запостави воспитната функција. Воспитанието е од посебно значење за секој образовен процес, затоа што на тој начин ученикот се подготвува за животот во општеството. Воспитанието во образовниот систем треба да му помогне на ученикот да се оспособи за самостојно стекнување знаења за животот. Исто така, преку воспитниот процес се пренесуваат моралните начела, со помош на кои ученикот треба да научи што е добро, правилно, вредносно и пожелно, да научи што е морално и да развива позитивни вештини и карактерни особини. Затоа никако не смее да се запостави воспитниот сегмент на образованието. Треба да бидат развиени програми чиишто резултати ќе бидат насочени кон развивање на индивидуалните способности на децата, започнувајќи од најрана возраст. Неопходно е да се преземат мерки со кои би се зголемил опфатот на децата во предучилишните установи, особено да се стимулира и обезбеди

присуство во тие установи (градинки) на деца од економско сиромашни семејства.

Со цел да се ангажираат со активности и после наставата, односно целисходно и позитивно да биде насочено слободното време на учениците, неопходно е да бидат организирани дополнителни школски активности, односно вклучување на децата во дополнителна настава, после училишни активности, да се развијат можностите за учество во секции, натпревари, квизови или, пак, други алтернативни, образовни и рекреативни можности, со цел конструктивно да се искористи слободното време, ако при тоа ја имаме предвид улогата и влијанието на слободното време врз појавата на малолетничката делинквенција.

Вклучувањето на заедницата е, исто така, многу значајно. Локалната самоуправа, како еден од актерите за превенција преку локалните совети за превенција на малолетничката делинквенција, има за цел да создаде инклузивно место за живеење, без заборавање на маргинализираните заедници и ранливите групи на граѓани, како и обезбедување на можности за правилен развој на својата младина. Затоа потребно е да се направи проценка на состојбите во локалните заедници и врз основа на таа проценка да се изработат локални акциони планови и секако локалната самоуправа да обезбеди финансии за нивна имплементација. Плановите да се имплементираат во партнерство со граѓанскиот сектор (бизнис-секторот, младински групи, религиските заедници и други здруженија на граѓани).

Градењето на јавната свест преку кампањи е потребна, во насока на информирање на граѓаните за аспектите на малолетничката делинквенција и нејзините последици по личноста на детето и по заедницата, за аспектите на малолетничката делинквенција, за стигмата и дискриминацијата кои произлегуваат од нивното неразбирање. Истовремено ова би требало да биде и еден апел до населението дека она што се случува во заедницата и општетсвото во целина е резултат на секоја индивидуа посебно, затоа и се

јавува потребата од вклучување на јавноста, на населението во превенцијата на малолетничката делинквенција, па и на криминалот воопшто.

Неодминлив дел во кампањите е секако улогата на медиумите, како дел од општествените актери одговорни за креирање на јавното мислење, но од друга страна како фактор преку чии содржини младите можат да се поистоветуваат со одредени ликови, да им се поттикне авантуристичкиот дух и да бидат насочени кон делинквенција. Сензибилизирање на медиумите во однос на малолетничката делинквенција е неопходна.

Главната улога во превенцијата и идентификацијата на деца во ризик и семејства во ризик ја имаат Центрите за социјална работа. Работата на терен на социјалните работници и останатите професионалци во центрите е неопходна, како би се идентификувале маргинализираните заедници, групи и индивидуи, лица кои се тешко достапни заради најразлични причини, а кои вообичаено се наоѓаат исклучени од системот на социјална заштита. Центрите под итно треба да развијат и да ги унапредат постоечките програми за работа со семејствата во ризик, како и со родители на деца кои покажуваат антисоцијално или делинквентно однесување. И да развијат и унапредат програми за справување со таквото однесување на детето/малолетникот.

Министерството за труд и социјална политика, треба да се насочи кон развивање на долгорочен акциски план за институционално јакнење на Центрите за социјална работа, како финансиски, така и со човечки ресурси, нивна реорганизација во однос на разделување на материјално работење од социјалната работа, со неопходни ресурси кои ќе одговорат на новата реорганизација. Вака на ова ниво, ЦСР се претворени во центри за социјална помош, голем дел од вработените се ангажирани на овој вид услуга, а многу малку ресурси има за посветеност на стручното работење и социјалната работа. Неопходно е поврзување на центрите со локалната заедница, со училиштата и стручна работа на професионалците во училиштата, тесна и координирана работа со здравството, полицијата и слично.

Неопходно е да се посвети сериозно внимание на воспитно-поправните установи и малолетничките затвори, на нивниот капацитет, на нивната социјализаторска и реинтегративна функција, која сè повеќе се губи и поставување на вистински професионалци за менаџери на овие институции, без влијание на политиката. Состојбата во која се овие институции во моментот е повеќе од очајна и наместо да се социјализираат малолетниците тие стануваат уште поголеми криминалци.

Неопходно е обезбедување на поголем износ на буџетски средства за спроведување на Законот за малолетничка правда со што би се придонело кон поуспешна негова имплементација.

Неопходно е, исто така, менување на Законот за малолетничка правда или дополнување на член 109 став 7 од Законот за малолетничка правда, со кој Министерството за внатрешни работи бара од Центарот за социјална работа да обезбеди адвокат во постапката која се води во полиција. Министерството за труд и социјална политика со фискалните импликација при донесувањето на Измените и дополнувањата на Законот за малолетничка правда од 5 ноември 2010 година нема предвидено финансиски средства за оваа намена и истото не е во можност да го реализира, и се доведува во прашање практичната примена на овој член од законот, а со тоа и правната заштита на малолетниците.

И секако неопходна е постојана, континуирана обука на сите инволвирани актери во заштитата и превенцијата на малолетничката делинквенција.

***Работна библиографија***


Алексоски С. 1997. *Криминална психологија (Психосоцијални фактори на престапништвото на младите)* Штип: Педагошки факултет

Антонијевиќ М. и сарадници, 1971. *Наркоманија младих*, Белград

Арнаудовски Љ. 2007, *Криминологиіа*, Скопје

Арнаудовски Љ.- Нанев Л. 2001. *Малолетен - казнен закон*, Кавадарци

Арнаудовски Љ. 1981*. Малолетничко престапништво, (Предавања одржани на постдипломски студии -1978/80 и 1980/81 г.)* Скопје: Правен факултет

Арнаудовски Љ.1979 *Вонзаводски воспитни мерки во југословенското кривично право*, Скопје

Арнаудовски Љ. 1983. *Предавања по социјална патологија*, Скопје: НИО Студентски збор

Башиќ Ј. и Ковачевиќ В. 1984. *Породичне прилике делинквентне деце и омладине у Хрватској у релацији с током школовања*, Загреб: Свеучилишни центар

Bartol C and Bartol A. *Criminal Behavior - A Psychosocial Approach*. Upper Sadlle River, 2005

Бошковиќ Мило, 2006. *Криминологија*, Нови Сад, Универзитет Нови Сад-Правен факултет

Бујановиќ, Мејовшек, Узелац 1984.*Ток школовања малолетних делинквента у Загребу*, Загреб: Свеучилишни центар

Букелиќ Ј. 1981. *Дрога, мит или болест*, Белград: Завод за уџбенике и наставна средства

Вековиќ В. 1995, *Социјално-патолошките појави во семејството и малолетничкиот криминалитет, во книгата "Спомени за Љ. Арнаудовски".* Скопје

Вељковиќ Д. 2001. *Транзициона деструкција*, Скопје

Вујовиќ М. 1983. *Увод у знанствени рад у подручју друштвених знаности*, Загреб: Информатор

Велкова Т. *Повтор кај малолетните сторители на кривични дела*, Штип, 2-ри Август С, 1999 година

Горичар Ј. 1977. *Социологија*, Белград: Рад

Група автори, 1966. *Преставништво малолетника у индустриским насељима*, Белград: Институт за криминалистичка и криминолошка истраживања

Група автори, 1998. *Социологија*, Скопје: Студентски збор

Група автори, 2007. *Малолетничка правда: Од идеја до практика*, Скопје: Полициска академија

Гурвиќ Г. 1965. *Социологија I, II,* Загреб: Напријед

Димитријевиќ Б *Наркоманијата и младите, интернет документ*, ( http://www.stetoskop.info )

Екерман Н. 1966. *Психодинамика породичног живота*, Титоград: Графички завод

Игњатовиќ Ѓ, 2005, *Криминологија*, Београд

*Информација за воспитната запуштеност и малолетничкото престапништво во општина Струмица за периодот 1989-1993 г*, Струмица: Центар за социјална работа

Јаковлевиќ В. 1971. *Увод у социјалну патологију*, Белград: Научна книга

Јанковиќ и Пешиќ 1981. *Друштвене девијације*, Белград: ВССР

Јашовиќ Жарко 1988. *Малолетничка делинквенција*, Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј"

Јашовиќ Ж. 1983. *Криминологија малолетничке деликвенције*, Белград: Научна книга

Јашовиќ Ж., *Воспитувањето во етиологијата на малолетничкото престапништво*, Белград: Научна книга

Јашовиќ Ж. *Слободното време и престапничкото однесување на младите, Институт за криминолошки и социолошки истражувања*, Белград,

Јовановић С, Пешић-Поповић В, *Прихватање малолетника после извршење заводских васпитних мера и проблем рецидивизма*, Институт за социјалну политику, Београд 1973

Камбовски В и Велковска Т. *Малолетничка правда, Збирка на документи*, 2-ри Август Штип, Скопје 2007

Камбовски В. 2004 *Казнено правен третман на малолетните делинквенти*,Скопје, УНИЦЕФ

Лазароски Ј. 1992. *Рамковна скица за проучување на односот меѓу однесувањето и структурата на личноста*, Скопје: Просветно дело

Лазароски Ј. 1977. Алтруистичко и агресивно однесување , Скопје&Мелбурн: Матица Македонска

Лазароски Ј. 1988. Основи на педагошката психологија, Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј"

Лакинска, 1987. Семејството и воспитанието, Скопје: НИО Студентски збор

Луќетиќ Д., Влијанието на семејството врз појавата на малолетничката делинквенција, материјал симнат на Интернет

Лукич, 1962, Основи на Социологијата, Белград

Марклена Милојковиќ, Јелена Срна, Радмила Миќовиќ, 1977. Семејна терапија, Белград: Центар за брак и семејство

Милосавлевиќ Б. 1966. Увод у социологију породице, Белград: Рад –Белград

Милутиновиќ М., 1985. Криминологија, Белград: Современа администрација

Милутиновиќ М., 1961, Проблем криминогених фактора у современој социолошкој литератуpe, "Народна милиција", бр.6/61,

Младеновиќ М. 1968. *Породичне функције и друштвена превенција воспитне запуштености и малолетничке деликвенције*, Белград: Југословенска ревија за криминологију и кривично право бр. 1.

McGuire J. Understanding Psychology and Crime: Prospective on theory and action, Buckingham 2004

Нанев Л. 2003. Положбата на малолетникот во кривичната постапка, Кавадарци: СППМД

Периќ О., 2007, Основни правци во развоју кривичне одговорности малолетника, Зборник радова, Београд

Периќ О. Кривично правна положба на малолетниците, Белград 1975

Петре Георгиевски, 1998. Методологија на истражување на општествените појави (воведен текст и избор на текстови) - за интерна употреба, Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј" Скопје, Филозофски факултет, Балкански центар за поучување на мирот.

Радуловиќ Д. 1983. Социологија и проучавање друштвених девијација, Белград: Социологија

Сингер и Микшеј, 1984. Делинквенција младих, Загреб: Глобус

Стојановска Т. 2009, *Училиштето како значаен фактор во превенцијата и сузбивањето на зависноста од дрога кај младите*, Скопје, Филозофски факултет,

Стојановски Н. и З. Сулејманов 2002. *Социјална патологија*, Скопје: Филозофски факултет

Студија од група автори, 2007. *Малолетничкиот криминалитет во транзицијата во Република Македонија*, Скопје: ИСППИ

Сулејманов Зоран, *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје 2000

Тодоровиќ М. 1970. *Преступништво малолетника у Београду*, Белград: Институт за криминолошка и криминалистичка истраживања

Фиаменго А. 1985. *Основи опште социологије*, Загреб: Народне новине

Флере С. и Марјановиќ М. 1990. *Увод у социологији*, Белград

Фром Е. 1980. *Анатомија људске агресивности, Прва книга и Втора книга*, Загреб: Напријед

Харламбос, 1986. *Увод у социологији*, Глобус: Загреб

Хентиг Х., *Злочин, услови и изроци*, Сарајево, 1959

Хорнај К. 1966. *Наши унутрашњи конфликти*, Титоград: Графички завод

Хрњица С. 1990. *Општа психологија са психологијом личности*, Белград: Научна книга

Џукановиќ Б. 1984. *Алкохолизам*, Белград: Водич

Џуриќ М. 1961. *Девијантно понашање и друштвена структура*, Белград: Социологија, бр. 3-4

Чачева В. *Карактеристики на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија*, ИСППИ, 2007

Шепаревиќ З. 1981. *Криминологија и социјална патологија*, Загреб: Правен факултет

Шпадијер Џ. Ј. 1973. *Затвореничко друштво*, Белград: ИКСИ

Акционен план за имплементација на Законот за малолетничка правда

*Закон за малолетничка правда*, „Службен весник на РМ" бр. 87/2007

*Злоупотреба средства зависности помеѓу адолесцента*, 2006, Завод јавно здравство, Загреб

Коалиција за правично судење, 2007, _Насоки за имплементација на Законот за малолетничка правда_, Скопје

*Конвенција за правата на детето, Резолуција бр.217А и 2000А*, ООН

_Кривичен законик_ "Службен весник на РМ" бр.37/96

Државен завод за статистика, _Сторители на кривични дела во 2008 година_, Скопје, 2009 година

Државен завод за статистика, _Соопштение за јавноста број 2.1.10.24 од 13 јули 2010 година_

Државен завод за статистика, _Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица (2007-2009)_.

Публикација на Државен завод за статистика, бр.2.4.10.10 - _Население според пол и возраст во општините и регионите на 30.06.2009-31.12.2009_

_Правилник за начинот на водење и содржина на евиденција за корисниците на правата од социјална заштита и документација за стручната работа_ (Службен весник 171, од 13.12.2011 година)

_Национална стратегија за превенција на малолетничкото престапништво_, Државен совет за превенција на малолетничко престапништво, Декември 2010

_Семејството, младите и дрогата,_ истражување на НВО Доверба Скопје, http://doverba.org.mk

Младински совет Прилеп, _истражување Дијалог со младите_, www.ycp.org.mk

_Ефикасност на мерките_, УНИЦЕФ, 2004, стр.71

_Ефикасност на мерките_, УНИЦЕФ, 2004

_United Nations Guidelines for the Prevention of Juvenile Delinquency_ (Riyadh Guidelines)

_United Nations Rules for the Protection of Juveniles Deprived of their Liberty_ (Havana Rules 1990)

_United Nations Conventions on the Rights of Child_

(http://www.un.org)

(http://www.coe.int)

(http://google/maloletnicka delinkvencija)